**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2010

**Скопје, март 2011**

# СОДРЖИНА


*ОД РАБОТАТА ВО 2010* 4 — 1

*АКТИВНОСТИ НА ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА* 8 — 2

*ПОЧИТУВАЊЕТО, ОСТВАРУВАЊЕТО И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НИЗ БРОЈКИ* 12 — 3

- Општи податоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14
- Податоци по области . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15
- Постапување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20
- Констатирани повреди и преземени мерки . . . . . . 22
- Од работата на канцелариите на НП . . . . . . . . . . . 25

*ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ПО ОБЛАСТИ* 28 — 4

- Недискриминација и соодветна и правична застапеност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 29
- Полициско постапување. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
- Граѓански состојби и други внатрешни работи 37
- Правосудство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39
- Казнено – поправни и воспитно – поправни установи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42
- Имотно – правни односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45
- Урбанизам и градба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
- Животна средина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 53
- Работни односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 56
- Станбени односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 61
- Социјална сигурност и заштита . . . . . . . . . . . . . 65
- Пензиско и инвалидско осигурување . . . . . . . . . . 67
- Здравствено осигурување и заштита . . . . . . . . . . 70
- Права на децата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 74
- Образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 80
- Потрошувачки права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 82
- Други права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 86
- Локална самоуправа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 87

*СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* 90 — 5

*ФОКУС НА АКТИВНОСТИ ЗА 2011* 94 — 6

*ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА* 96 — 7

*ОД ПРАКТИКАТА* 100 — 8

*Почитувани граѓани,*



*Достигнувањето степен на остварување, почитување и заштита на Вашите права кој ќе значи постигнување чувство на сигурност во функционирањето на институциите на системот, претставува крајна цел во работата на нашата институција.*

*Ова пак, освен ваша индивидуална заштита претпоставува и потреба за промовирање на Вашите загарантирани права, но и промовирање на надлежностите на институцијата, односно на начинот на кој таа може да ви помогне.*

*Во услови кога бројот на доставените поплаки континуирано се зголемува, промоцијата претставува неопходност. Причината лежи во фактот дека свесноста за правата што ги имате воедно значи и начин на спречување на евентуалните повреди.*

*Имено, и покрај фактот дека степенот на прифатени препораки на омбудсманот по индивидуални поплаки не е мал, тоа не го илустрира и вкупниот ефект од заштитата, односно ефикасното и квалитетно функционирање на институциите на системот.*

*Ова од проста причина што негативните состојби на глобално ниво што ги констатираме, а засегаат поголеми групи граѓани, не се разрешуваат во иста мера и со ист краен ефект како што тоа се случува со индивидуалните случаи.*

*Појавите што претставуваат сериозен атак на правата на граѓаните и бараат опсежна акција од страна на сите релевантни органи, за жал, многу тешко се надминуваат.*

*Оттука се поголемата запознаеност со Вашите права и начините за нивна заштита сметам дека основано претставува предмет на наша ангажираност. Не случајно се вели дека општество што се карактеризира со граѓани свесни за своите права претставува општество што вложува и во нивната благосостојба и достоинствена егзистенција.*

*Процесот на достигнување на оваа состојба претставува најголем предизвик за нашата институција, но воедно и мотив за се поголемо промовирање на вашите права и нашите можности.*

*И најмалиот чекор направен во оваа насока претставува чекор што значи повисок степен на демократија, но и повисок степен на заштита на Вашите права!*

***Иџет Мемети***



# 1 ОД РАБОТАТА ВО 2010





## Драстично зголемен бројот на поплаки од потрошувачите

Користењето на јавните услуги и производи е се почест проблем за граѓаните. Народниот правобранител придонесе во решавањето на проблемите на граѓаните, особено во поглед на користењето на услугите на „ЕВН“.

## „Не си сам“

Граѓаните во директен контакт со народниот правобранител во телевизиска емисија разговараа за нивните слободи и права во различни области и за можностите за нивна заштита.




## „Исти на различен начин“

Народниот правобранител со театарска претстава ги запозна граѓаните со различните форми на дискриминација во општеството и ја промовираше својата надлежност за нивна заштита.

## Обраќањата на граѓаните до Народниот правобранител во постојан пораст

Зголемување од над 11% на претставки во однос на минатата година, како резултат на зголемена потреба на граѓаните за помош од Народниот правобранител.

## Затворено Полуотвореното одделение во КПД Идризово

По препорака на Народниот правобранител, Министерството за правда ги премести осудените лица во други одделенија на Затворот, а Полуотвореното одделение во КПД Идризово поради крајно лошите сместувачки услови го затвори.

## Со универзитетска диплома без можност за вработување

По интервенција на Народниот правобранител пополнета е правната празнина со што и лицата со прв степен студии со 180 ЕКТС кредити се стекнаа со право на вработување.

## Весник на Народниот правобранител

Започна издавањето на весникот на Народниот правобранител кој се печати на секои 4 месеци на македонски, албански и англиски јазик.

## Судски постапки против полициски службеници поради тортура над граѓани

По барање на Народниот правобранител беа покренати постапки против полициски службеници, но со одолжувањето на постапките во недоглед постои можност да се избегне одговорноста. Од друга страна, кога за ист настан е покрената постапка и против граѓанин, таа се завршува брзо и ефикасно.

### Неажурноста на судот на грбот на граѓаните

Поради повреда на начелото судење во разумен рок штетата ја плаќаат граѓаните со тоа што на оштетените им се исплатува паричен надоместок.

### Губењето судски предмет - пречка во постапката за трансфер на осудено лице

Откако Народниот правобранител констатира губе-ње списи во постапка за трансфер на осудено лице укажа на обврската за обнова на судскиот предмет. Судот го прифати укажувањето и го обнови предметот со што постапката за трансфер продолжи.

### Во постапка за денационализација повредено правото на жалба

Комисијата за денационализација во Тетово постапувајќи противзаконито предметот го архивирала, без притоа да му го достави решението на граѓанинот, со што му го оневозможила правото на жалба. По интервенција на Народниот правобранител, Комисијата беше принудена повторно да го отвори предметот, на граѓанинот да му го врачи архивираното решение и да му го овозможи правото на жалба. И покрај утврдени противзаконски дејствија, барањето на Народниот правобранител за одговорност на службените лица не беше прифатено.

### По интервенција на Народниот правобранител надминат е проблемот со исплата на трошоците за превоз на деца со посебни потреби и на нивните придружници

Со цел непречено остварување на правото на образование и следење на наставата на учениците со посебни потреби во основното образование, кои според стручниот наод мора да патуваат со придружник, Народниот правобранител препорача општината и училиштето да преземат мерки и да обезбедат средства за превоз на учениците со посебни потреби и на нивните придружници, што беше прифатено.

### Наградена институцијата Народен правобранител

За дадениот посебен придонес во заштитата на правата на лицата со посебни потреби на институцијата и беше доделено признание.




### Владина второстепена комисија не постапи по ниту една интервенција на Народниот правобранител

Поради попречување на работата на Народниот правобранител од страна на Второстепената комисија по предметите од премерот, катастарот и запишување на права на недвижности, Народниот правобранител со посебен извештај ја информира Владата на Република Македонија која потоа ја задолжи Комисијата да постапи по сите интервенции.

### По интервенција на Народниот правобранител државните службеници во Град Скопје добија решенија за додаток на плата за кариера

Констатирајќи дека државните службеници не го остваруваат правото на додаток за кариера, Народниот правобранител укажа на законската обврска по што Градоначалникот на Град Скопје укажувањето го прифати.

### Платени сметки за смет - услов за погребување

Сознанијата дека Јавното комунално претпријатие од Куманово донело одлука да ги лиши граѓаните од погребални услуги поради неплатени сметки за комунални услуги, беше повод Народниот правобранител да покрене постапка и да интервенира да се укине спорната одлука. И по укинувањето на одлуката незаконската практика продолжи. По повторно интервенирање на Народниот правобранител граѓаните беа известени дека претходната практика ќе престане.

### Критериумот „Прв дојден –прв услужен" укинат

Откако Народниот правобранител констатира дека критериумот „Прв дојден - прв услужен" содржан во огласот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор за продажба на станбен простор за станбено необезбедени лица - млади брачни парови и самохрани родители во градот Скопје ги става во нееднаква положба граѓаните, достави укажување за негово укинување.

По укажувањето Владата на Република Македонија донесе одлука со која го поништи објавениот оглас и донесе нова програма според која продажбата треба да се врши без примена на спорниот критериум.

### Дислокацијата на Воспитно-поправниот дом Тетово, не го реши проблемот во целост

И покрај што Воспитно-поправниот дом Тетово конечно беше дислоциран, не се постигна целта поради која Народниот правобранител интервенираше. Воспитната мерка се извршува во исклучително лоши услови.

### Казнето службено лице од полицијата поради пуштање деца преку граница без присуство на родители или лице овластено од родителите

По добиени сознанија од медиумите дека полициски службеници на граничен премин не реагирале и дозволиле деца од културно-уметничко друштво да отпатуваат во странство без присуство на родители или лице овластено од родителите да ги придружува децата, Народниот правобранител побара од Министерството за внатрешни работи да го испита случајот и да преземе мерки за одговорност. По спроведена дисциплинска постапка службеното лице кое ги направило пропустите е дисциплински казнето.

## СПРОВЕДЕНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ПОКАЖАА:

### Женските деца од 14 до 16 години се најчести жртви на трговија со луѓе

Собраните податоци покажаа дека најчести жртви на трговија со луѓе во Републиката се женските деца од 14 до 16-годишна возраст.

За елиминирање на оваа појава и за заштита на децата жртви на трговија со луѓе, Народниот правобранител достави препораки укажувајќи на потребата за превенција и заштита на децата од овој најтежок облик на сексуална и трудова експлоатација.

### Во училиштата за деца со посебни потреби ромските деца се најмногубројни

Податокот дека ромските деца се најмногубројни во специјалните училишта беше мотив Народниот правобранител да се посомнева во објективноста на издадените наоди и мислења за степенот на попреченост. Ценејќи дека не постои единствена комисија за утврдување на степенот на попреченост, Народниот право-бранител препорача со соодветен општ акт да се утврдат органите и институциите кои ќе бидат овластени да утврдуваат и издаваат наод и мислење за попреченост на децата и да се предвиди контролен механизам за преиспитување на првостепените наоди.

# 2 АКТИВНОСТИ НА ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА







Завршувањето на процесот на уредување на новите надлежности на Народниот правобранител со закон и другите акти на институцијата го отвори патот за уште позасилена активност на планот на промоција на институцијата.



Со продолжување на Проектот за поддршка на институцијата, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународен развој СИДА и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на еден поинаков и поатрактивен начин јавноста се запознаваше со надлежностите и генерално со постапувањето на Народниот правобранител, секако со посебен акцент на принципот на недискриминација и превенција на тортура.

Имено, беше поставена театарска прет-става која низ случки од секојдневието ги отсликуваше предрасудите во нашето општес-тво, но и случаите на дискриминација што биле предмет на постапување на Народниот правобранител. Претставата ја постигна целта поради која беше поставена,



односно соодветно допре до граѓаните и ги предизвика да размислат за нивните разбирања за еднаквоста и состојбите кога и самите биле предмет на дискриминација или пак, оние што дискриминираат. Освен во Скопје, претставата се играше во сите општини каде функционираат подрачните канцеларии на Народниот правобранител.

Друга активност во рамките на истиот проект, која придонесе за доближување на Народниот правобранител до граѓаните, беше телевизиската емисија „Не си сам" која се емитуваше преку националната телевизија „А1". Секоја втора сабота Народниот правобранител говореше за некои од областите во кои делува, а беа презентирани и сведоштва на граѓани за причините поради кои се обратиле до Народниот правобранител и начинот на кој им било помогнато во заштитата на нивните права.

Во емисијата, соодветно на областа која се разработуваше, учествуваа министрите за внатрешни работи, правда, труд и социјална политика, како и евроамбасадорот г. Ерван Фуере, амбасадорот на ОБСЕ г. Хозе Луис Хереро и претседателката на Организацијата на потрошувачи на Македонија. Аспектот на транспарентност, што претставува главна карактеристика на институцијата, со ваквиот пристап сосема ги задоволи потребите на граѓаните за

запознавање на надлежностите и можностите на институцијата.

Медиумската промоција и во извештајната година беше на ниво соодветно на позицијата на Народниот правобранител во општеството, односно ставовите и одлуките беа коментирани само по докрај утврдена фактичка состојба и неспорно утврдена повреда на правата на граѓаните.

Релациите и комуникациите на Народниот правобранител на меѓународно ниво главно се одвиваа преку средби организирани од страна на Меѓународниот омбудсман институт и другите организации и асоцијации во кои Народниот правобранител членува. Така, народниот правобранител учествуваше на годишната конференција на омбудсмани во Барселона, каде се одлучуваше за највисоките позиции на Меѓународниот омбудсман институт и за активностите што ќе се одвиваат во наредниот период. Во истиот период народниот право-бранител оствари билатерална посета на Омбуд-сманот на областа Арагон, со кого дискутираше за проблемите на граѓаните во остварувањето на нивните права во време на економска криза.



На регионално ниво беше одржана средба на омбудсманите во Цриквеница, Хрватска, каде на едно место се собраа омбудсманите од: Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора, а се разговараше за новите трендови во постапувањето на омбудсманите на планот на превенција на тортура и дискриминација.

Твининг проектот, финансиран со средства од ИПА фондовите, од техничка гледна точка се заврши со избор на твининг партнери – Шпанскиот национален омбудсман и Омбудсманот на Франција. Проектот треба да започне со практична реализација на почетокот на 2011 година.

Промоцијата на меѓународно ниво беше засилена и со дистрибуција на Билтенот на Народниот правобранител, кој се издаваше на секои 4 месеци и освен на македонски и албански, воедно се печатеше и на англиски јазик.

Заради зајакнување на соработката со органите на локално ниво, беа организирани тркалезни маси во: Битола, Куманово и Штип, а една на централно ниво во главниот град, на кои главни теми за дискусија повторно беа новите надлежности на Народниот правобранител во доменот на превенција на тортура и заштита од дискриминација.

Персоналот на Народниот правобранител имаше можност да ги унапреди своите капацитети со учество на обука за стратешко планирање и напреден тренинг за антидискриминација и двете организирани во Скопје.

Народниот правобранител, како и во изминатите години, имаше средби со разни мисии на Европската унија, но и со претставници на различни институции за човекови права како што е Институтот за човекови права и мир во Каен, Франција и со делегација на Канцеларијата на Омбудсманот од Мароко.

Соработката со граѓанските организации се одвиваше главно на задоволително ниво со невладините организации со кои Народниот правобранител соработуваше и во претходните години.

Предизвикот за достигнување соодвет-

но ниво на соработка со органите и организациите над кои Народниот правобранител надлежно постапува низ промоција и покрај постигнатите резултати и понатаму останува предизвик кој треба да се надмине со натамошни активности на овој план.

Граѓаните со нивните права и запознаеноста со начините за нивна заштита, претставуваат поле на кое активностите никогаш не треба и не смее да престанат, ако се има предвид основната цел на постоењето на институцијата Народен правобранител.



# 3 ПОЧИТУВАЊЕТО, ОСТВАРУВАЊЕТО И ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НИЗ БРОЈКИ










Ваквиот пораст на бројот на претставките говори дека граѓаните се повеќе покажуваат интерес да побараат заштита на нивните права и слободи од Народниот правобранител.

Во исто време овој факт укажува и дека начинот на кој граѓаните ги остваруваат нивните права е се уште на незадоволително ниво што не им овозможува ефикасен и квалитетен начин на остварување на нивните права.



**4.043**
**нови претставки**

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Графикон бр.1**




Во 2010 година Народниот правобранител постапуваше по вкупно 4.827 претставки од кои во извештајниот период беа поднесени 4.043 претставки од 4.125 граѓани. Во 19 случаи Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива, на разговор беа примени повеќе од 6.500 граѓани во Канцеларијата во Скопје и во подрачните канцеларии и беше одговорено на над 8.500 телефонски јавувања.

Оваа извештајна година бројот на примени претставки беше зголемен за 11,32% во однос на бројот на примените претставки во претходната година.

**Графикон бр.2**



**Графикон бр.3**




И оваа извештајна година најголем број претставки (2.901) беа примени лично од подносителите во канцелариите на Народниот правобранител, потоа по пошта 739, по електронска пошта на вебстраницата на Народниот правобранител 328 (што е показател дека граѓаните се повеќе го употребуваат овој начин на комуникација), 32 претставки се формирани при постапување по сопствена иницијатива, 23 претставки се формирани по телефонско јавување, а 20 претставки се примени по телефакс.

**4.828**
**претставки по кои НП постапуваше**

## ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ

Најголем број претставки беа поднесени од областа на: правосудството 757 или 18,72%; потрошувачките права (комунални и други надоместоци) 553 или 13,68%; имотно-правната област 401 или 9,92%; од казнено-поправните и воспитно-поправните установи 395 или 9,77%; работните односи 365 или 9,03%; од полициските постапки 238 или 5,89%; урбанизмот и градежништвото 170 или 4,20%; од граѓанските состојби и други внатрешни работи 169 или 4,18%; пензиското и инвалидското осигурување 159 или 3,93%; од социјалната заштита 140, односно 3,46%; правата на децата 111 или 2,75%; здравствената заштита 93 или 2,30%; станбените односи 89 или 2,20%; финансиите и финансиското работење 71 или 1,76%; образованието, науката, културата и спортот 48 или 1,19%; животната средина 20 или 0,49%; недискриминацијата и соодветната и правична застапеност 16 или 0,40%; одбрана 3 или 0,07%, како и од други области за кои беа поднесени 245 или 6,06% претставки .

Прегледот на поднесените претставки по области покажува незначително намалување или зголемување во однос на претходната година, освен во потрошувачките права каде бројот на претставки е двојно зголемен, како и во областа на социјалната сигурност и заштита каде бројот на претставки е доста зголемен.

**Графикон бр.4**



## Преглед бр.1

**ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ, РЕШЕНИ И ПРЕТСТАВКИ ОСТАНАТИ ВО РАБОТА ОД 01.01. ДО 31.12.2010 ПО ОБЛАСТИ**

| ОБЛАСТИ | Примени во 2010 година | Број на подносители | Останати од претходната година | ВКУПНО во работа | Анонимни | Начин на решавање: Со одлука за запирање или непокренување постапка | Начин на решавање: Решени на друг начин | Констатирани повреди: Дадени мислења, сугестии, препораки | Констатирани повреди: Постапено по интервенција на НП | Констатирани повреди: Преземени сите законски дејствија од НП | Констатирани повреди: Непостапено по интервенција на НП | Информации до министри | Информации до Влада | Информации до други органи и организации со јавни овластувања | **Вкупно завршени постапки** | Предмети останати во работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 16 | 16 | 10 | 26 | | 12 | 2 | 4 | 3 | 1 | | | | | **18** | 8 |
| Полициски постапки | 238 | 243 | 67 | 305 | 1 | 213 | 9 | 30 | 21 | 6 | 3 | | | | **250** | 55 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 169 | 172 | 54 | 223 | | 109 | 3 | 77 | 55 | 9 | 13 | 1 | | 1 | **176** | 47 |
| Правосудство | 757 | 772 | 124 | 881 | 1 | 686 | 14 | 99 | 91 | 3 | 5 | 1 | | | **795** | 86 |
| Воени лица и воени обврзници | 3 | 3 | | 3 | | 2 | | 1 | 1 | | | | | | **3** | 0 |
| Социјална заштита | 140 | 141 | 32 | 172 | | 91 | 3 | 48 | 47 | 1 | | 1 | | 2 | **142** | 30 |
| Работни односи | 365 | 381 | 93 | 458 | 1 | 296 | 22 | 73 | 48 | 24 | 1 | 2 | 11 | | **391** | 67 |
| Станбени односи | 89 | 91 | 8 | 97 | 1 | 58 | 2 | 23 | 15 | 5 | 3 | | 1 | 1 | **81** | 16 |
| Здравствена заштита | 93 | 94 | 26 | 119 | | 49 | 4 | 25 | 23 | 2 | | 15 | 15 | 2 | **78** | 41 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 159 | 160 | 44 | 203 | 2 | 109 | 6 | 49 | 39 | 3 | 7 | 1 | | 1 | **159** | 44 |
| Образование, наука, култура и спорт | 48 | 50 | 5 | 53 | | 33 | 1 | 15 | 14 | | 1 | 1 | 1 | 1 | **48** | 5 |
| Права на децата | 111 | 114 | 12 | 123 | | 74 | 3 | 37 | 33 | 2 | 2 | 8 | 1 | 1 | **112** | 11 |
| Урбанизам и градежништво | 170 | 178 | 67 | 237 | | 124 | 5 | 48 | 29 | 10 | 9 | | | | **168** | 69 |
| Животна средина | 20 | 25 | 4 | 24 | | 15 | 2 | 5 | 5 | | | | | | **22** | 2 |
| Финансии | 71 | 72 | 9 | 80 | | 44 | | 30 | 26 | 1 | 3 | | | | **71** | 9 |
| Имотно-правни односи | 401 | 417 | 98 | 499 | | 237 | 10 | 189 | 130 | 31 | 28 | 2 | | | **408** | 91 |
| Потрошувачки права | 553 | 556 | 44 | 597 | 2 | 318 | 4 | 123 | 109 | 6 | 8 | | | 2 | **439** | 158 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 395 | 397 | 36 | 431 | 5 | 321 | 7 | 72 | 65 | 4 | 3 | 6 | 1 | 1 | **402** | 29 |
| Друго | 245 | 243 | 51 | 296 | 6 | 190 | 11 | 39 | 37 | 2 | | 1 | 1 | 2 | **246** | 50 |
| **ВКУПНО:** | **4043** | **4125** | **784** | **4827** | **19** | **2981** | **108** | **987** | **791** | **110** | **86** | **39** | **31** | **14** | **4009** | **818** |

Најголемиот дел од претставките се однесуваа на судовите, голем дел се однесуваа и на прашањата поврзани со правата на граѓаните како потрошувачи, на имотните права на граѓаните, на правата на лицата лишени од слобода и на други акти и дејствија преземени од страна на: Министерството за внатрешни работи, Министерството за

транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и второстепените комисии при Владата на Република Македонија, како и на акти донесени од органи и организации што имаат јавни овластувања.

### Преглед бр.2

| ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ, РЕШЕНИ И ПРЕТСТАВКИ ОСТАНАТИ ВО РАБОТА ПО ГОДИНИ | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | начин на решавање | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | Констатирани повреди | | | | | | | | |
| | Останати од претходната година | Примени во тековната година | Број на подносители | **ВКУПНО во работа** | Анонимни | Со одлука за запирање или непокренување постапка | Решени на друг начин | Дадени мислења, сугестии, препораки | Постапено по интервенција на НП | Презамени сите законски дејствија од НП | Непостапено по интервенција на НП | Информации до министри | Информации до Влада | Информации до други органи и организации со јавни овластувања | **Вкупно завршени постапки** | Останати во работа |
| **2010** | 784 | 4043 | 4125 | 4827 | 19 | 2981 | 108 | 987 | 791 | 110 | 86 | 39 | 31 | 14 | **4009** | 818 |
| **2009** | 824 | 3632 | 3847 | 4456 | 18 | 2614 | 96 | 1102 | 787 | 157 | 158 | 55 | 42 | 38 | **3672** | 784 |

### Преглед бр.3

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ**
**ПО ГРАДОВИ И ДРЖАВИ НА СТРАНСКИ ПОДНОСИТЕЛИ**

| | *2009 год.* | *2010 год.* | | *2009 год.* | *2010 год.* |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 8 | 18 | Неготино | 18 | 31 |
| Битола | 320 | 398 | Охрид | 80 | 108 |
| Богданци | 3 | 7 | Пехчево | 2 | 2 |
| Валандово | 3 | 1 | Прилеп | 96 | 131 |
| Велес | 53 | 85 | Пробиштип | 13 | 15 |
| Виница | 12 | 20 | Радовиш | 37 | 38 |
| Дебар | 10 | 19 | Ресен | 12 | 28 |
| Делчево | 21 | 16 | Скопје | 1663 | 1743 |
| Демир Хисар | 22 | 27 | Струга | 67 | 67 |
| Демир Капија | 8 | 7 | Струмица | 131 | 86 |
| Дојран | 2 | 1 | Свети Николе | 9 | 7 |
| Гевгелија | 25 | 43 | Тетово | 224 | 195 |
| Гостивар | 105 | 83 | Штип | 105 | 133 |
| Злетово | 1 | | Албанија | - | 1 |
| Кавадарци | 50 | 65 | Германија | 1 | - |
| Кичево | 145 | 181 | Италија | 1 | - |
| Кочани | 27 | 20 | Косово | 3 | - |
| Кратово | 17 | 14 | Р. Чешка | - | 1 |
| Кр.Паланка | 39 | 35 | Србија | 4 | 4 |
| Крушево | 19 | 14 | Хрватска | 2 | |
| Куманово | 240 | 245 | Турција | - | 1 |
| М.Каменица | 9 | 9 | Швајцарија | - | 1 |
| Мак.Брод | 23 | 27 | Не е избран град или држава | - | 116 |
| Маврово | 2 | | | | |
| | | | ***В К У П Н О*** | **3076** | **4043** |

Според местото на живеење на подносителите на претставките, најголем број претставки се од Скопје, односно 1.743, потоа следат претставки на подносители од: Битола, Куманово,Тетово, Кичево, Струмица, Штип и од останатите поголеми урбани средини. Може да се забележи дека најбројни се подносителите на претставки кои живеат во местата каде се наоѓаат и подрачните канцеларии на Народниот правобранител.

**Преглед бр.4**

**ПРЕГЛЕД НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ ПО ОБЛАСТИ**

| | ОБЛАСТ | Примени претставки во 2010 | Анонимни | Број на формирани предмети по сопствена иницијатива | Организација (Здружение) | Број на подносители | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ: Македонци | Албанци | Срби | Роми | Македонци-Муслимани | Бошњаци | Власи | Турци | Не ја декларирале етничката припадност | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 16 | | 1 | | 15 | | 2 | | 2 | | 2 | | | 8 | 1 |
| 2 | Полициски постапки | 238 | 1 | 1 | 2 | 239 | 87 | 38 | 1 | 9 | 2 | 1 | | 2 | 98 | 1 |
| 3 | Граѓански состојби и други внатрешни работи | 169 | | 1 | | 171 | 23 | 68 | 3 | 9 | | 2 | 1 | 2 | 62 | 1 |
| 4 | Правосудство | 757 | 1 | | 9 | 762 | 317 | 69 | 4 | 5 | 4 | 3 | 2 | 21 | 335 | 2 |
| 5 | Воени лица и воени обврзници | 3 | | | | 3 | | | | | | | | | 3 | |
| 6 | Социјална сигурност и заштита | 140 | | | 2 | 139 | 51 | 23 | 1 | 11 | 1 | | | 6 | 45 | 1 |
| 7 | Работни односи | 365 | 1 | | 12 | 368 | 139 | 32 | 5 | 3 | | | | 3 | 185 | 1 |
| 8 | Станбени односи | 89 | 1 | 2 | 1 | 87 | 30 | 5 | | 2 | | | | 1 | 49 | |
| 9 | Здравствена заштита | 93 | | | 4 | 90 | 49 | 6 | 1 | 1 | | | | 2 | 30 | 1 |
| 10 | Пензиско и инвалидско осигурување | 159 | 2 | | 1 | 157 | 53 | 23 | 1 | 2 | 1 | | | | 76 | 1 |
| 11 | Образование, наука, култура и спорт | 48 | | 1 | 3 | 46 | 14 | 11 | | | | | | 1 | 20 | |
| 12 | Права на децата | 111 | | 5 | 6 | 103 | 17 | 17 | | 3 | 1 | | 1 | 1 | 63 | |
| 13 | Урбанизам и градежништво | 170 | | | 4 | 174 | 90 | 17 | 1 | 3 | | | | 1 | 62 | |
| 14 | Животна средина | 20 | | 1 | | 24 | 13 | | | | | | | | 11 | |
| 15 | Финансии | 71 | | | 1 | 71 | 36 | 10 | | | | | | | 23 | 2 |
| 17 | Имотно-правни односи | 401 | | | | 417 | 189 | 29 | | | 2 | 1 | 3 | 6 | 184 | 3 |
| 18 | Потрошувачки права | 553 | 2 | | 12 | 542 | 223 | 34 | 1 | 9 | 2 | 2 | 2 | 3 | 264 | 2 |
| 19 | Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 395 | 5 | 20 | 10 | 362 | 38 | 26 | | 6 | | | | 1 | 291 | |
| 20 | Друго | 245 | 6 | | 12 | 225 | 81 | 18 | 1 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 121 | |
| | **ВКУПНО:** | **4043** | **19** | **32** | **79** | **3995** | **1450** | **428** | **19** | **65** | **14** | **12** | **10** | **51** | 1930 | **16** |

Најголем број од подносителите на претставките кои се изјасниле за етничката припадност се Македонци т.е. 1450 или 36,30%; 428 или 10,71% се припадници на албанската етничка заедница; најмал број претставки, односно 10 или 0,25% се поднесени од Власи, додека 1930 или 48,31% од подносителите на претставките не ја декларирале нивната етничка припадност. Може да се заклучи дека и понатаму бројот на подносителите на претставки кои не ја декларираат етничката припадност е се уште многу голем.

**80,42%**
**спроведени истраги на НП**

## ПОСТАПУВАЊЕ

Начинот на постапување по претставките главно зависи од тоа колку кон претставката е приложена соодветна документација. Кога за утврдување на фактичката состојба беа потребни одредени појаснувања, се доставуваа барања до надлежните органи или до подносителите на претставките. Во другите случаи, каде фактичката состојба неспорно можеше да се утврди без дополнителни испитувања, се постапуваше веднаш. Фактичката состојба во голем број случаи се утврдуваше и со вршење увиди на самото место, а беа повикувани на разговор и службени и други лица.

**Слика бр.1**




Од вкупно 4.827 претставки постапката е завршена по 4.009 претставки или во 83,05% случаи, додека по 818 или 16,95% претставки постапката е во тек. (Слика бр.1)

Од завршените постапки по 4.009 претставки за 2.055 претставки или во 51,26% случаи постапката е запрена, по 926 претставки или во 23,10% случаи не е покрената постапка, по 791 или 19,73% претставки е постапено откако Народниот правобранител констатирал повреди на уставните и законските права на граѓаните. Во 110 или 2.74% претставки Народниот правобранител ги презеде сите законски дејствија, 108 или 2.69% претставки решени се на друг начин, а 19 или 0.47% случаи беа завршени без постапување поради тоа што претставките беа поднесени од анонимни подносители. (Слика бр.2)

Од 987 претставки по кои Народниот правобранител констатира повреди на уставните и законските слободи и права, во 791 или 80,14% случаи беше постапено по интервенција на Народниот правобранител, во 86 или 8,71% случаи се уште не е постапено по интервенција на Народниот правобранител, а по 110 претставки или 11,14% случаи Народниот правобранител ги презеде сите законски дејствија. И покрај сите преземени дејствија значителен е бројот од 110 интервенции на Народниот правобранител кои не беа прифатени иако беше констатирана повреда на човековите права што воедно значи дека во извештајната година бројот на неприфатени интервенции од страна на органите и организациите пред кои постапува институцијата е зголемен.

Во 2010 година Народниот правобранител од вкупно 4.827 претставки постапуваше по 3.882 или 80,42%, а во 945 или 19,58% претставки не покрена постапка. Поради ваквиот број на претставки по кои не е покрената постапка, Народниот правобранител цени дека се уште има граѓани кои во потполност не ги знаат законските можности на институцијата (Слика бр.3). Од вкупно 3.882 претставки по кои Народниот правобранител покрена постапка, 2.981 или 76,79% се завршени, а по 818 претставки или за 21,07%

случаи постапката е се уште во тек.

Ова се должи на сложеноста на проблемот и потребата за поисцрпно истражување за утврдување на фактичката состојба, но и поради ненавременото постапување на одредени органи и организации од кои Народниот правобранител или побарал информација или пак упатил друга интервенција за соодветно постапување.

**Слика бр.2**




**Слика бр.3**




Ненавременото постапување на надлежните органи и покрај утврдените задолжителни рокови се уште е случај, но во одредени постапки одолжувањето се должеше и на доставување формални одговори од страна на органите со што не можеше докрај да се утврди фактичката состојба.

Од ова може да се констатира дека иако постои унапредување на односот на службените лица спрема барањата на Народниот правобранител, сепак се уште не е достигнат потребниот квалитет во соработката со Народниот правобранител. Заради ажурирање на постапката и подобрување на состојбите, до органите и организациите со јавни овластувања беа доставени 14 информации од кои 13 беа прифатени, до надлежните министерства беа доставени 39 информации од кои 17 беа прифатени, а до Владата на Република Македонија беа доставени 31 информации од кои е постапено по 17.( Графикон бр.5)

И во текот на 2010 година продолжи практиката на секои три месеци да се доставуваат информации до Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија за бројот и видот на доставените барања од Народниот правобранител до телата на Владата на Република Македонија и до органите во состав на министерствата. Ова придонесе за забрзување на одредени постапки кај Народниот правобранител, но нивото на соработка и понатаму треба да се подобрува.

**Графикон бр.5**




**20,45%**
**констатирани повреди**

## УТВРДЕНИ ПОВРЕДИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

По истражувањето на фактичката состојба во претставките и зависно од констатациите за сторената повреда на правата на граѓаните, Народниот правобранител доставува: препораки, сугестии, укажувања, предлози, мислења, барања и други слични интервенции до надлежните органи заради отстранување на неправилностите и незаконитостите и секако за заштита на правата на граѓаните.

Од вкупниот број на предмети по кои Народниот правобранител постапуваше во 2010 година, во 987 случаи беа констатирани повреди на уставните и законските права на граѓаните. Од нив во 791 случаи (80,14%) органите на државната управа, другите органи и организациите со јавни овластувања постапија по интервенциите на Народниот правобранител, за 86 случаи (8,71%) постапката е се уште во тек, а во 110 (11,14%) случаи Народниот правобранител ги презеде сите законски дејства.

Најголем број констатирани повреди во 2010 година беа од областа на имотно-правните односи 189 или 19,15%, од кои во 130 или 68,78% случаи органите и организациите со јавни овластувања постапија по интервенција на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од потрошувачките права, каде се констатирани повреди во 123 случаи или 12,46%, од кои во 109 или 88,62% случаи беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Од областа на правосудството беа констатирани повреди во 99 или 10.03% претставки од кои во 91 случаи или 91.92%

беа прифатени интервенциите. Од областа на граѓанските состојби и други внатрешни работи констатирани се повреди во 77 или 7.80% случаи од кои во 55 или 71.42% беше постапено по интервенција на Народниот правобранител и т.н.




**Графикон бр.6**






Од вкупниот број на констатирани повреди, најголем број непостапувања по укажаните сугестии, препораки и други интервенции на Народниот правобранител беа забележани кај второстепените комисии при Владата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, единиците на локална самоуправа и т.н.

**Слика бр.5** Органи кои во најголем број случаи се уште не постапиле по интервенција на НП




Како и секоја година, констатираните повреди на правата на граѓаните се однесуваа на повреди на законските и на процедуралните одредби, односно на одолжување на постапките во кои граѓаните ги остваруваат нивните права. Од вкупниот број констатирани повреди речиси 90% се однесуваа на одолжување на управните постапки. Со други зборови кажано, во над 90% случаи надлежните органи не го почитувале рокот за одлучување по барањата на граѓаните, а во значителен број го злоупотребиле институтот молчење на администрацијата.

За отстранување на констатираните повреди Народниот правобранител до

надлежните органи достави 609 интервенции меѓу кои: 55 препораки, 529 укажувања, 15 мислења и 10 сугестии. Покрај ова, Народниот правобранител поднесе едно барање до Јавното обвинителство за покренување постапка заради утврдување казнена одговорност и две иницијативи за покренување дисциплинска постапка против одговорни или службени лица во органите и организациите. (Графикон бр.7)

**Графикон бр.7**




**Над 6.500 граѓани примени на разговор**

## ОД РАБОТАТА НА КАНЦЕЛАРИИТЕ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Суштествена карактеристика на институцијата Народен правобранител е нејзината достапност до граѓаните заради што е востановена. Од тие причини начинот на работа на институцијата е конципиран секогаш да биде отворена за граѓаните и за нивните проблеми со кои тие се соочуваат секојдневно.

Така, секој работен ден во Канцеларијата во Скопје, како и во подрачните канцеларии во: Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип имаше прием на граѓани при што народниот правобранител, неговите заменици и вработените во стручната служба примија на разговор над 6.500 граѓани и доколку постоеше сомнение за сторени повреди на правата веднаш се формираа предмети по кои потоа се постапуваше. Сепак, во случаите каде не постоеше основ за постапување на Народниот правобранител, на граѓаните им беше даван соодветен правен совет за начинот на кој можат да го заштитат или остварат нивното право и пред кој надлежен орган. Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје во 2010 година има примено најмногу претставки, односно 2632. Во Канцеларијата на Народниот правобранител во Битола примени се

476 претставки, во Кичево 291, во Куманово 220, 117 во Струмица, 185 во Тетово и 122 претставки се примени во Канцеларијата во Штип.

Во Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје се постапуваше по 2359 претставки, во Битола по 627 претставки, во Кичево по 287, во Куманово по 247, во Струмица по 151, во Тетово по 229 претставки и во Штип се постапуваше по 143 претставки.

Бројот на примени претставки и претставки по кои се постапуваше во подрачните канцелариите на Народниот правобранител е различен од причина што претставките беа распределувани во зависност од тоа каде се наоѓа органот на кој се жали подносителот на претставката. Ова беше направено со цел за побрзо и поефикасно постапување по претставката.

## ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ И ПРЕТСТАВКИ ВО РАБОТА ВО КАНЦЕЛАРИТЕ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

| ОБЛАСТИ | Скопје | | Битола | | Кичево | | Струмица | | Тетово | | Штип | | Куманово | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 12 | 13 | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | | | | 1 | 2 |
| Полициски постапки | 112 | 110 | 41 | 34 | 33 | 47 | 8 | 6 | 15 | 13 | 10 | 8 | 21 | 18 |
| Граѓански состојби | 88 | 85 | 22 | 21 | 11 | 10 | 2 | 1 | 10 | 11 | 1 | 2 | 38 | 36 |
| Правосудство | 430 | 345 | 146 | 101 | 90 | 95 | 44 | 31 | 61 | 43 | 40 | 29 | 31 | 28 |
| Воени лица и воени обврзници | 2 | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| Социјална заштита | 70 | 65 | 42 | 38 | 5 | 7 | 4 | 2 | 6 | 6 | 2 | 3 | 16 | 14 |
| Работни односи | 237 | 209 | 70 | 59 | 20 | 18 | 11 | 10 | 26 | 23 | 16 | 10 | 13 | 8 |
| Станбени односи | 65 | 67 | 14 | 11 | 1 | 3 | 4 | 3 | 2 | 2 | 1 | 5 | | |
| Здравствена заштита | 56 | 55 | 21 | 16 | 2 | 2 | 4 | 6 | 1 | 1 | 2 | 2 | 8 | 10 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 98 | 101 | 18 | 16 | 3 | 9 | 3 | 5 | 12 | 14 | 4 | 2 | 18 | 15 |
| Образование, наука, култура и спорт | 33 | 33 | 5 | 4 | 1 | 2 | | | 6 | 5 | | | 3 | 4 |
| Права на децата | 85 | 101 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 5 | 3 | 5 | 2 | 5 | 2 | 6 |
| Урбанизам и градежништво | 92 | 69 | 26 | 19 | 34 | 29 | 9 | 7 | 9 | 5 | 8 | 7 | 15 | 11 |
| Животна средина | 8 | 10 | 5 | 4 | 3 | 7 | | | 1 | | | | 1 | 1 |
| Финансии | 39 | 35 | 17 | 15 | 3 | 3 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 11 | 9 |
| Имотно-правни односи | 244 | 215 | 57 | 51 | 34 | 22 | 26 | 22 | 29 | 24 | 14 | 19 | 26 | 19 |
| Потрошувачки права | 459 | 401 | 59 | 29 | 25 | 15 | 18 | 5 | 19 | 15 | 5 | 8 | 26 | 22 |
| Казнено-поправни установи и воспитно-поправни домови | 332 | 324 | 27 | 20 | 10 | 11 | 4 | 4 | 5 | 6 | 24 | 18 | 1 | 4 |
| Друго | 170 | 119 | 54 | 35 | 11 | 6 | 12 | 8 | 20 | 10 | 13 | 3 | 16 | 13 |
| **В К У П Н О:** | **2632** | **2359** | **627** | **476** | **287** | **291** | **151** | **117** | **229** | **185** | **143** | **122** | **247** | **220** |

# 4 ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ПО ОБЛАСТИ





# НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Заштитата на правата на граѓаните во однос на повреди на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците е една од областите на која Народниот правобранител и посветува особено внимание.




По уставните измени во 2001 година и донесувањето на Законот за народниот правобранител, меѓу другото, е определено дека институцијата презема дејствија за заштита од дискриминација и ги следи состојбите со почитувањето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Поаѓајќи од ваквите уставно утврдени овластувања, Народниот правобранител и оваа извештајна година ја следеше состојбата со соодветната и правична застапеност на сите заедници и подготви посебна информација со табеларен приказ на податоците прибрани од органите спрема кои надлежно постапува. Оваа година беа прибрани податоци и за раководните работни места во однос на примената на ова начело, надлежност која на Народниот правобранител му дава **двојна улога** во општеството. Една, која од формално-правен аспект претставува приказ на квантитативната имплементација на овој принцип и друга, поиманентна на хуманата димензија на институцијата, да го следи балансот на остварувањето на правата на заедниците и нивното чувство за припадност во институциите на системот.

Следењето на нивото на застапеност низ бројки претставува само база врз основа на која понатаму се темелат генералните заклучоци за состојбите во оваа област.

Прибраните податоци од органите спрема кои Народниот правобранител надлежно постапува и оваа година покажаа дека не е постигнато нивото на застапеност од страна на повеќето институции, иако генерално може да се заклучи дека постои напредок.

Ова претставува карактеристика за органите на државната управа, но не се однесува и на раководниот кадар, каде податоците говорат дека постои застапеност на припадниците на мнозинската заедница.

Јавните претпријатија и оваа година покажаа **низок степен на имплементација** на начелото на соодветна и правична застапеност, што особено се однесува на вработените кои го сочинуваат нераководниот кадар на претпријатијата. Со оглед дека ваквите состојби се провлекуваат години наназад, Народниот правобранител цени дека се потребни мерки и активности кои во поголема мера би го афирмирале овој

принцип чијашто имплементација е многу важна за едно мултиетничко и мултикултурно општество, какво што е нашето.

За степенот на почитувањето на начелото на соодветна и правична застапеност, побарана е информација и од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор кој информираше за реализираните активности за спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност, односно имплементирањето на Стратегијата за правична застапеност и Акциониот план за спроведување на Стратегијата за правична застапеност, како и извештаите за степенот на реализација на овој принцип.

Притоа, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор информираше и за реализираните огласи за вработување на припадниците на заедниците во претходната година и за огласите кои беа во тек, напомнувајќи ги и планираните активности за 2011 година.

Примената на начелото на соодветна и правична застапеност може да има ефект само доколку ги опфаќа сите заедници, односно ако се обезбеди рамнотежа на интересите на сите етнички заедници. Ова придонесува за градење мултиетничка доверба и толеранција помеѓу различните заедници што претставува основа на соживотот во нашето општество.

Дискриминацијата, како област која неминовно се врзува со застапеноста, и оваа година беше област во која беше евидентиран мал број на претставки од граѓани. Секако, оценка на Народниот правобранител е дека малиот број претставки не ја отсликува реалната состојба. Напротив, тоа се должи на недоволната информираност и непрепознавањето на формите на дискриминација, но и на недовербата што граѓаните ја чувствуваат кон институциите на системот, а во голем број случаи и немањето храброст да се пријави дискриминацијата како основ за повреда на нивните права.



Ваквиот заклучок се темели на фактот дека граѓаните многу често во текот на постапката се одлучуваат предметот да се води како повреда на право од одредена област, а не како повреда на правата по основ на дискриминација.

Од страна на граѓаните дискриминацијата е посочувана во доменот на: работните односи, судството, здравството, образованието и јавната администрација, а жртви на дискриминација во нашето општеството најчесто се **ранливите групи**.

Народниот правобранител и оваа година констатира дека во постапките за вработување граѓаните најчесто ја посочуваат дискриминацијата, а забележани се и случаи во кои се укажува на повреда на начелото на правична и соодветна застапеност, како афирмативна мерка на државата. Исто така загрижува фактот дека дискриминацијата се јавува по основ на: пол, национална, верска и политичка припадност која, за жал, е најсурова.

Постапувајќи по овие претставки, Народниот правобранител укажа на забраната на сите облици на дискриминација, вклучително и дискриминацијата по етничка основа, секако со посебен акцент на фактот дека постапката за вработување не треба да биде обременета со политичкото или друго убедување на кандидатот за вработување.

Карактеристичен предмет во кој беше констатирана директна дискриминација беше случајот со манифестацијата која беше поддржана од Градот Скопје, а во своите рекламни плакати содржеше говор на омраза и дискриминација кон одредени целни групи. Народниот правобранител укажа на дискриминаторската содржина на рекламниот плакат особено што таа беше оценета како говор на омраза. Укажувањето на Народниот правобранител беше прифатено, Градот Скопје се огради од таквото постапување, ги осуди активностите на организаторот и спорната содржина беше јавно повлечена.

Кога станува збор за долго очекуваната законска рамка за овој феномен, конечно се донесе Законот за спречување и заштита од дискриминација, но според Народниот правобранител, многу брзо ќе треба да претрпи измени доколку навистина се посакува Законот да даде ефект во заштитата од дискриминација.



Не е спорно само тоа што овој закон не ги содржи сите форми на дискриминација со што се оневозможува заштитата на одредени ранливи групи во општеството, туку дека содржи и други недоследности што може да доведат до неефективен систем на заштита во целина.

Потребно е јакнење на свеста на граѓаните, за што се неопходни глобални активности на овој план не само од аспект на нивно осознавање за начините на заштита од дискриминација, туку и за уривање на сите постоечки предрасуди што можат да доведат до конфликт наместо до почитување и разбирање на различностите и толеранција како основ за соживот.

*Се уште не е постигнато потребното ниво на застапеност, особено кај припадниците на помалите етнички заедници, иако постои напредок во спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност. Од друга страна, ова начело не се применува доследно кај раководните работни места.*

*Постојниот систем за имплементација на принципот на соодветна и правична застапеност не овозможува суштински ефект во примената на овој афирмативен принцип.*

*Отсуствува неопходното ниво на познавање на дискриминацијата во сите нејзини форми од страна на граѓаните, но и од страна на оние кои ги спроведуваат законите и одлучуваат за правата на граѓаните*

*Доследно почитување и имплементација на принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници, особено од страна на јавните претпријатија и кај раководниот кадар во органите на државната управа.*

*Надградба на системот за имплементација на принципот на соодветна и правична застапеност.*

*Развивање активности насочени кон едукација за препознавање на формите и облиците низ кои се манифестира дискриминацијата.*

*Зајакнување на системот за превенција и заштита од дискриминација, како и меѓуинституционална соработка.*

| | | Вкупно | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| Кабинет на Претсе-дателот на РМ | **рак. работни места** | 10 | 8 | 80,0 | 2 | 20,0 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 19 | 17 | 89,5 | 1 | 5,3 | | | | | 1 | 5,3 | | | | | | |
| Собрание на РМ-Стручна служба | **рак. работни места** | 57 | 44 | 77,2 | 13 | 22,8 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 215 | 162 | 75,3 | 41 | 19,1 | 3 | 1,4 | 1 | 0,5 | 5 | 2,3 | | | 2 | 0,9 | 1 | 0,5 |
| Народен право-бранител на РМ | **рак. работни места** | 43 | 30 | 69,8 | 11 | 25,6 | | | 1 | 2,3 | | | 1 | 2,3 | | | | |
| | други вработени | 24 | 4 | 16,7 | 14 | 58,3 | 1 | 4,2 | 1 | 4,2 | 2 | 8,3 | 1 | 4,2 | 1 | 4,2 | | |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | **рак. работни места** | 5 | 5 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 12 | 6 | 50,0 | 5 | 41,7 | | 0,0 | | | | | | | | | 1 | 8,3 |
| Уставен суд на РМ | **рак. работни места** | 10 | 7 | 70,0 | 2 | 20,0 | 1 | 10,0 | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 19 | 17 | 89,5 | 1 | 5,3 | | 0,0 | | | 1 | 5,3 | | | | | | |
| Судски совет на РМ | **рак. работни места** | 28 | 21 | 75,0 | 4 | 14,3 | 1 | 3,6 | | | | | | | 1 | 3,6 | 1 | 3,6 |
| | други вработени | 19 | 16 | 54,2 | 1 | 5,3 | 1 | 5,3 | | | 1 | 5,3 | | | | | | |
| Управен суд на РМ | **рак. работни места** | 25 | 17 | 68,0 | 7 | 28,0 | 1 | 4,0 | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 44 | 42 | 95,5 | 2 | 4,5 | | | | | | | | | | | | |
| Врховен суд на РМ | **рак. работни места** | 35 | 27 | 77,1 | 6 | 17,1 | | | | | 1 | 2,9 | | | 1 | 2,9 | | |
| | други вработени | 57 | 50 | 87,7 | 1 | 1,8 | 1 | 1,8 | 1 | 1,8 | 2 | 3,5 | 2 | 3,5 | | | | |
| Јавно обвинителство на РМ | **рак. работни места** | 14 | 9 | 64,3 | 3 | 21,4 | | | | | 1 | 7,1 | 1 | 7,1 | | | | |
| | други вработени | 13 | 12 | 92,3 | 1 | 7,7 | | | | | | | | | | | | |
| Државно право-бранителство на РМ | **рак. работни места** | 34 | 33 | 97,1 | | | 1 | 2,9 | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 68 | 62 | 91,2 | 3 | 4,4 | 1 | 1,5 | | | 2 | 2,9 | | | | | | |
| Совет на јавни обвинители | **рак. работни места** | 10 | 7 | 70,0 | 2 | 20,0 | | | | | 1 | 10,0 | | | | | | |
| | други вработени | 5 | 5 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| Министерство за внатрешни работи | **рак. работни места** | 422 | 365 | 86,5 | 44 | 10,4 | | | 2 | 0,5 | 4 | 0,9 | 1 | 0,2 | | | 6 | 1,4 |
| | други вработени | 10886 | 8550 | 78,5 | 1841 | 16,9 | 72 | 0,7 | 72 | 0,7 | 187 | 1,7 | 11 | 0,1 | | | 153 | 1,4 |
| Министерство за економија | **рак. работни места** | 80 | 58 | 72,5 | 20 | 25,0 | 1 | 1,3 | | | | | | | 1 | 1,3 | | |
| | други вработени | 362 | 255 | 70,4 | 88 | 24,3 | 3 | 0,8 | | | 6 | 1,7 | 6 | 1,7 | 1 | 0,3 | 3 | 0,8 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | **рак. работни места** | 45 | 38 | 84,4 | 4 | 8,9 | 1 | 2,2 | | | 2 | 4,4 | | | | | | |
| | други вработени | 112 | 63 | 56,3 | 43 | 38,4 | | | | | 2 | 1,8 | 1 | 0,9 | | | 3 | 2,7 |
| Министерство за здравство | **рак. работни места** | 68 | 57 | 83,8 | 9 | 13,2 | | | | | | | | | | | 2 | 2,9 |
| | други вработени | 207 | 102 | 49,3 | 96 | 46,4 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 4 | 1,9 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 | | |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | **рак. работни места** | 171 | 157 | 91,8 | 11 | 6,4 | 1 | 0,6 | | | 1 | 0,6 | 1 | 0,6 | | | | |
| | други вработени | 787 | 619 | 78,7 | 125 | 15,9 | 9 | 1,1 | 1 | 0,1 | 22 | 2,8 | 5 | 0,6 | 1 | 0,1 | 5 | 0,6 |
| Министерство за информатичко општество | **рак. работни места** | 7 | 6 | 85,7 | | | | | | | | | 1 | 14,3 | | | | |
| | други вработени | 19 | 18 | 94,7 | 1 | 5,3 | | | | | | | | | | | | |
| Министерство за култура | **рак. работни места** | 42 | 33 | 78,6 | 5 | 11,9 | 2 | 4,8 | | | 1 | 2,4 | | | 1 | 2,4 | | |
| | други вработени | 93 | 31 | 33,3 | 57 | 61,3 | 1 | 1,1 | 2 | 2,2 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | | | | |
| Министертво за локална самоуправа | **рак. работни места** | 15 | 11 | 73,3 | 3 | 20,0 | | | | | | | | | | | 1 | 6,7 |
| | други вработени | 26 | 10 | 38,5 | 14 | 53,8 | | | | | | | | | | | 2 | 7,7 |
| Министерство за надворешни работи | **рак. работни места** | 168 | 142 | 84,5 | 24 | 14,3 | | | | | 1 | 0,6 | | | | | 1 | 0,6 |
| | други вработени | 301 | 206 | 68,4 | 81 | 26,9 | 5 | 1,7 | 2 | 0,7 | | | 2 | 0,7 | 3 | 1,0 | 2 | 0,7 |
| Министертво за образование и наука | **рак. работни места** | 35 | 26 | 74,3 | 6 | 17,1 | | | 1 | 2,9 | 1 | 2,9 | | | | | 1 | 2,9 |
| | други вработени | 225 | 145 | 64,4 | 69 | 30,7 | 4 | 1,8 | | | 2 | 0,9 | 1 | 0,4 | 3 | 1,3 | 1 | 0,4 |
| Министерство за одбрана | **рак. работни места** | 65 | 58 | 89,2 | 5 | 7,7 | | | | | 1 | 1,5 | 1 | 1,5 | | | | |
| | други вработени | 569 | 465 | 81,7 | 72 | 12,7 | 6 | 1,1 | 1 | 0,2 | 12 | 2,1 | 6 | 1,1 | 3 | 0,5 | 4 | 0,7 |
| Министерство за правда | **рак. работни места** | 65 | 60 | 92,3 | 3 | 4,6 | | | | | 1 | 1,5 | | | 1 | 1,5 | | |
| | други вработени | 211 | 155 | 73,5 | 40 | 19,0 | 3 | 1,4 | 3 | 1,4 | 3 | 1,4 | 5 | 2,4 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 |
| Министерство за транспорт и врски | **рак. работни места** | 52 | 48 | 92,3 | 3 | 5,8 | | | | | 1 | 1,9 | | | | | | |
| | други вработени | 166 | 117 | 70,5 | 41 | 24,7 | 4 | 2,4 | | | 3 | 1,8 | 1 | 0,6 | | | | |
| Министерство за труд и социјална политика | **рак. работни места** | 53 | 40 | 75,5 | 7 | 13,2 | | | 2 | 3,8 | 2 | 3,8 | 2 | 3,8 | | | | |
| | други вработени | 332 | 224 | 67,5 | 81 | 24,4 | 1 | 0,3 | 5 | 1,5 | 7 | 2,1 | 9 | 2,7 | 4 | 1,2 | 1 | 0,3 |
| Министертво за финансии | **рак. работни места** | 112 | 99 | 88,4 | 9 | 8,0 | | | | | | | 1 | 0,9 | | | 3 | 2,7 |
| | други вработени | 484 | 427 | 88,2 | 44 | 9,1 | | | 1 | 0,2 | 3 | 0,6 | 1 | 0,2 | 1 | 0,2 | 7 | 1,4 |

| | | | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | Вкупно | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| Влада на РМ-Служба за општи и заеднички работи | **рак. работни места** | 13 | 13 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 368 | 321 | 87,2 | 23 | 6,3 | 5 | 1,4 | 5 | 1,4 | 6 | 1,6 | 3 | 0,8 | 4 | 1,1 | 1 | 0,3 |
| Влада на РМ-Секретаријат за законодавство | **рак. работни места** | 10 | 8 | 80,0 | | | | | | | | | 1 | 10,0 | | | 1 | 10,0 |
| | други вработени | 14 | 9 | 64,3 | 5 | 35,7 | | | | | | | | | | | | |
| Влада на РМ-Секретаријат за европски прашања | **рак. работни места** | 20 | 18 | 90,0 | | | 1 | 5,0 | | | | | 1 | 5,0 | | | | |
| | други вработени | 64 | 52 | 81,3 | 3 | 4,7 | 2 | 3,1 | 1 | 1,6 | 1 | 1,6 | 3 | 4,7 | 1 | 1,6 | 1 | 1,6 |
| Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор | **рак. работни места** | 37 | 2 | 5,4 | 33 | 89,2 | 1 | 2,7 | | | 1 | 2,7 | 0 | 0,0 | | | 0 | 0,0 |
| | други вработени | 1344 | 12 | 0,9 | 1176 | 87,5 | 84 | 6,3 | 30 | 2,2 | 10 | 0,7 | 7 | 0,5 | 25 | 1,9 | | |
| Виши јавни обвинителства | **рак. работни места** | 31 | 23 | 74,2 | 7 | 22,6 | | | | | | | | | | | 1 | 3,2 |
| | други вработени | 34 | 33 | 97,1 | 1 | 2,9 | | | | | | | | | | | | |
| Основни јавни обвинителства | **рак. работни места** | 161 | 139 | 86,3 | 16 | 9,9 | 2 | 1,2 | | | 1 | 0,6 | 1 | 0,6 | 1 | 0,6 | 1 | 0,6 |
| | други вработени | 142 | 116 | 81,7 | 15 | 10,6 | 2 | 1,4 | 1 | 0,7 | 2 | 1,4 | 5 | 3,5 | 0 | 0,0 | 1 | 0,7 |
| Апелациони судови | **рак. работни места** | 113 | 86 | 76,1 | 21 | 18,6 | | | | | | | 3 | 2,7 | | | 3 | 2,7 |
| | други вработени | 238 | 202 | 84,9 | 19 | 8,0 | 2 | 0,8 | 1 | 0,4 | 2 | 0,8 | 8 | 3,4 | 2 | 0,8 | 2 | 0,8 |
| Основни судови | **рак. работни места** | 548 | 462 | 84,3 | 60 | 10,9 | 3 | 0,55 | | | 8 | 1,46 | 8 | 1,5 | 3 | 0,5 | 4 | 0,7 |
| | други вработени | 1890 | 1605 | 84,9 | 175 | 9,3 | 25 | 1,3 | 24 | 1,3 | 17 | 0,9 | 30 | 1,6 | 4 | 0,2 | 10 | 0,5 |
| Фондови | **рак. работни места** | 108 | 83 | 76,9 | 24 | 22,2 | | | | | 1 | 0,9 | | | | | | |
| | други вработени | 1477 | 1238 | 83,8 | 191 | 12,9 | 5 | 0,3 | 4 | 0,3 | 16 | 1,1 | 17 | 1,2 | 1 | 0,1 | 5 | 0,3 |
| Центри за социјална работа | **рак. работни места** | 79 | 57 | 72,2 | 18 | 22,8 | 2 | 2,5 | 1 | 1,3 | | | | | | | 1 | 1,3 |
| | други вработени | 915 | 730 | 79,8 | 117 | 12,8 | 9 | 1,0 | 17 | 1,9 | 14 | 1,5 | 14 | 1,5 | 3 | 0,3 | 11 | 1,2 |
| Единици на локална самоуправа | **рак. работни места** | 547 | 436 | 79,7 | 81 | 14,8 | 8 | 1,5 | | | 4 | 0,7 | 4 | 0,7 | 5 | 0,9 | 9 | 1,6 |
| | други вработени | 3484 | 2793 | 80,2 | 491 | 14,1 | 69 | 2,0 | 26 | 0,7 | 56 | 1,6 | 26 | 0,7 | 4 | 0,1 | 19 | 0,5 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | **рак. работни места** | 52 | 43 | 82,7 | 9 | 17,3 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 705 | 608 | 86,2 | 81 | 11,5 | | | 2 | 0,3 | 3 | 0,4 | 10 | 1,4 | | | 1 | 0,1 |
| Самостојни државни органи | **рак. работни места** | 1014 | 890 | 87,8 | 86 | 8,5 | 4 | 0,4 | 2 | 0,2 | 12 | 1,2 | 10 | 1,0 | 4 | 0,4 | 6 | 0,6 |
| | други вработени | 7238 | 6090 | 84,1 | 801 | 11,1 | 67 | 0,9 | 53 | 0,7 | 112 | 1,5 | 64 | 0,9 | 15 | 0,2 | 36 | 0,5 |
| Јавни претпријатија | **рак. работни места** | 426 | 360 | 84,5 | 42 | 9,9 | 1 | 0,2 | | | 13 | 3,1 | 1 | 0,2 | 2 | 0,5 | 7 | 1,6 |
| | други вработени | 6464 | 5482 | 84,8 | 522 | 8,1 | 97 | 1,5 | 62 | 1,0 | 172 | 2,7 | 53 | 0,8 | 22 | 0,3 | 54 | 0,8 |
| Јавно здравство | **рак. работни места** | 1994 | 1657 | 83,1 | 210 | 10,5 | 24 | 1,2 | 1 | 0,1 | 47 | 2,4 | 19 | 1,0 | 14 | 0,7 | 22 | 1,1 |
| | други вработени | 12445 | 10365 | 83,3 | 1304 | 10,5 | 158 | 1,3 | 139 | 1,1 | 235 | 1,9 | 85 | 0,7 | 41 | 0,3 | 118 | 0,9 |
| Основно образование | **рак. работни места** | 400 | 240 | 60,0 | 113 | 28,3 | 20 | 5,0 | 1 | 0,3 | 19 | 4,8 | 4 | 1,0 | 1 | 0,3 | 2 | 0,5 |
| | други вработени | 14700 | 9903 | 67,4 | 3804 | 25,9 | 535 | 3,6 | 83 | 0,6 | 149 | 1,0 | 62 | 0,4 | 60 | 0,4 | 104 | 0,7 |
| Средно образование | **рак. работни места** | 156 | 118 | 75,6 | 30 | 19,2 | 1 | 0,6 | | | 4 | 2,6 | 2 | 1,3 | | | 1 | 0,6 |
| | други вработени | 5885 | 4460 | 75,8 | 1181 | 20,1 | 64 | 1,1 | 15 | 0,3 | 82 | 1,4 | 41 | 0,7 | 10 | 0,2 | 32 | 0,5 |
| Високо образование | **рак. работни места** | 289 | 239 | 82,7 | 35 | 12,1 | 2 | 0,7 | | | 5 | 1,7 | 4 | 1,4 | 1 | 0,3 | 3 | 1,0 |
| | други вработени | 1894 | 1479 | 78,1 | 223 | 11,8 | 10 | 0,5 | 5 | 0,3 | 36 | 1,9 | 20 | 1,1 | 4 | 0,2 | 117 | 6,2 |
| | **ВКУПНО** | **82555** | **63761** | **77,2** | **13966** | **16,9** | **1340** | **1,6** | **574** | **0,7** | **1315** | **1,6** | **570** | **0,7** | **256** | **0,3** | **773** | **0,9** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **рак. работни места** | **7733** | **6338** | **82,3** | **992** | **12,5** | **79** | **1,0** | **11** | **0,1** | **134** | **1,7** | **67** | **0,9** | **36** | **0,5** | **76** | **1,0** |
| **други вработени** | **74822** | **57423** | **76,7** | **12974** | **17,3** | **1261** | **1,7** | **563** | **0,8** | **1181** | **1,6** | **503** | **0,7** | **220** | **0,3** | **697** | **0,9** |
| **ВКУПНО** | **82555** | **63761** | **77,2** | **13966** | **16,9** | **1340** | **1,6** | **574** | **0,7** | **1315** | **1,6** | **570** | **0,7** | **256** | **0,3** | **773** | **0,9** |

Напомена: Народниот правобранител побара податоци од 886 институции, од нив 719 одговориле, а 167 не доставиле податоци. Се уште е голем бројот на институциите кои не доставуваат податоци.
Од 719 институции кои доставиле податоци во 567 од нив нема вработено ниту еден бошњак, во 506 ниту еден ром, во 497 ниту еден влав, во 457 ниту еден турчин, во 418 ниту еден србин, во 335 ниту еден албанец, а во 20 ниту еден македонец.

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор достави вкупни податоци во кои се и дел од вработените распоредени во други институции, но кои до крајот на годината продолжуваат да земаат плата во Секретаријатот.

# ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ




Имајќи предвид дека полицијата е единствен државен орган кој има легално право за употреба на физичка сила и средства за присилба, се наметнува потребата за посебно следење на состојбите од аспект на законитоста во остварувањето на нејзините овластувања, неопходноста во даден момент таа да се примени, како и пропорционалноста во зависност од околностите.

Со оглед на деликатноста во истражувањето на случаите каде граѓаните се жалат на прекумерна употреба на сила од страна на полицијата или несоодветно однесување и постапување, ефективноста во истражувањето и целосното утврдување на фактичката состојба претставува неопходност пред да се бара преземање соодветни дејствија и мерки од страна на органот за прогон.

Предметното работење оваа година во поголем дел се однесуваше на **непреземање мерки** од страна на полициски службеници за заштита на животот и имотот на граѓаните, одолжување полициски постапувања, на прекумерна употреба на сила или средства за присилба, како и на други незаконски постапувања како на пример: одолжување постапки по поднесени пријави, привремено одземање предмети или неиздавање потврди за одземени предмети, неосновано повикување на разговор во полициска станица и друго.

Во случаите во кои беше констатирана повреда на правата на граѓаните поради **непрофесионално однесување и злоупотреба на овластувањата** на полициските службеници, Народниот правобранител со препораки, укажувања и други интервенции побара отстранување на неправилностите и остварување на законските права на подносителите на претставките.

Констатација на Народниот правобранител е дека Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и понатаму во своите одговори ги негира наводите на граѓаните за пречекорување на овластувањата на одредени полициски службеници и нивното непрофесионално или несоодветно однесување.

Содржините на добиените одговори од страна на Секторот, според Народниот правобранител, упатуваат на заклучок дека и понатаму овој внатрешен контролен механизам не ја исполнува целта, односно не спроведува целосни и аналитични истраги по конкретни случаи.

Во таа насока се движеа и укажувањата што Народниот правобранител континуирано ги доставуваше до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Народниот правобранител по сопствена иницијатива спроведе постапка за испиту-

вање повреда на слободата на медиумот „А1“ телевизија со посебен осврт на слободата на јавно информирање, слободата на движење на новинарите и граѓаните, како и поради сомнението дека од страна на припадниците на полицијата е употребена прекумерна физичка сила и средства за присилба.

Народниот правобранител констатира дека постапувањето на органите не ја попречи слободата на јавното информирање, дека беше забележано непрофесионално и некоординирано постапување од аспект на поврзаноста помеѓу издадените наредби и извршените дејствија, односно објаснувањето на причините за задржување и легитимирање беше изведено на недоволно транспарентен, јасен и недвосмислен начин и не утврди употреба на физичка сила или средства за присилба.




Сепак, имајќи ги предвид гаранциите за правото на слобода на јавно информирање **и важноста на професионалното новинарство**, од аспект на развојот на демократијата во нашето општество, Народниот правобранител смета дека кон целиот настан требаше да се има поголема сензибилност во приодот. Ваквиот **недостаток**, за жал, создаде перцепција за поделеност која Народниот правобранител особено го загрижува. Во нашето општество има потреба за воздржување од дејствија кои водат кон натамошни делби, па толеранцијата и владеењето на правото се од исклучителна важност.

**Неказнувањето и солидарноста со полициските службеници** со прикривање на сторените пропусти од страна на службените лица и понатаму претставува основна причина за необјективно, непрофесионално и неквалитетно извршување на истрагите за пречекорување на службените овластувања.

Ваквиот тренд на постапување не е согледан само во работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, туку, за жал, и во работата на органите на прогон, судовите и јавните обвинителства, каде се забележува дека постапките против полициските службеници по правило се одолжуваат во недоглед, додека по пријавите на граѓаните за напад на службено лице за истите случаи постапките се завршуваат приоритетно.

Што се однесува до уставното начело за **пресумпција на невиност** и во извештајната година беа забележани тенденции за негово повредување со јавно изложување на осомничените и пренагласен публицитет, особено кога станува збор за носители на јавни функции и други лица кои биле експонирани во јавноста и општественото живеење.



Јавното изложување, кое како последица произведува обележување на осомничените со далекосежни последици не само за нив, туку и за нивните семејства, според Народниот правобранител, претставува појава која освен што ја **повредува човековата личност**, ја нарушува и целата демократска атмосфера во општеството и создава недоверба на граѓаните во правниот систем и системот на вредности во целина. Ова особено поради тоа што имаше случаи каде од страна на одредени институции се изнесуваа констатации што директно влијаеја на перцепцијата на граѓаните дека осомничените се виновни без притоа да се огласени за виновни со судска одлука.

Постапувајќи по службена должност, како резултат на надлежностите содржани во членот 31 од Законот за народниот правобранител, за следење на состојбите со почитувањето и заштитата на уставните и законските права на лицата лишени од слобода, Народниот правобранител во текот на годината ги посети и направи увид во сите 38

полициски станици од општа надлежност.

Врз основа на претходно изготвена методологија, со увидот беа опфатени полицисските евиденции и просториите за задржување лица на кои слободата на движење им била ограничена под сомнение за сторено казниво дело.

За констатираните слабости од материјален карактер, како и за утврдените неправилности во водењето на полициските евиденции, Народниот правобранител изготви и до Владата на Република Македонија достави посебна **информација** со конкретни препораки за нивно надминување.

Забележано е дека постои одреден напредок во материјалните услови во кои престојуваат лицата лишени од слобода, а постои и поголема уредност во водењето на полициските евиденции, што претставува показател како им се овозможуваат законските права на лицата лишени од слобода при приведувањето, притворањето и целиот нивен престој во местата за лишување од слобода. Но од друга страна, загрижува фактот дека се уште има полициски станици каде просториите за задржување се **под стандардите за достоинствен и хуман престој на лицата лишени од слобода**.

Народниот правобранител, исто така, цени дека континуираната едукација и понатаму треба да биде неизоставен дел од процесот за усовршување на полициските службеници, особено во делот на човековите права, со оглед дека се уште се забележува недоверба и страв кај граѓаните кога станува збор за законската можност на полициските службеници за употреба на сила и средства за присилба. недоволно транспарентен, јасен и недвосмислен начин и не утврди употреба на физичка сила или средства за присилба.

*Нецелосно истражување на случаите на злоупотреба или пречекорување на полициските овластувања од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.*

*И оваа година начелото на пресумпција на невиност беше повредувано од многу субјекти и на различни начини.*

*И покрај преземените активности за подобрување на условите во просториите за задржување во полициските станици, се уште има места за задржување под стандардите.*

*Внатрешните контроли во Министерството за внатрешни работи да се вршат брзо и сеопфатно со цел да бидат поквалитетни и пообјективни и да не оставаат простор за сомневање дека се постапува пристрасно.*

*Се додека со правосилна судска пресуда не се утврди одговорност за казниво дело, апелираме до сите во општеството да се воздржуваат од коментари и мислења за вина и одговорност.*

*Да продолжат активностите за создавање повисоки стандарди во сите полициски станици од општа надлежност.*

# ГРАЃАНСКИ СОСТОЈБИ И ДРУГИ ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Заштитата на правата на граѓаните од областа на граѓанските состојби и други внатрешни работи се од посебно значење за личниот и општествениот статус на секој граѓанин на државата, како и за статусот на лицата што бараат државата да им признае некое од гарантираните права или слободи предвидени со меѓународни правни инструменти и механизми.




И оваа извештајна година поднесените претставки до Народниот правобранител од оваа област укажуваат на **одолжување на постапките** за остварување на правата поврзани со државјанскиот статус, живеалиштето и престојувалиштето, издавањето јавни исправи (патни исправи, лични карти, изводи од матична евиденција), како и одземањето/враќањето предмети по претходно доставени барања или спроведени постапки во Министерството за внатрешни работи или кај други органи со јавни овластувања.

Во споредба со претходните години, иако е намален бројот на предмети за стекнување со државјанството на Република Македонија, одолжувањето на овие постапки произлегува од **недоволната координација** на органите на Министерството за внатрешни работи (орган за државјанство, орган за странци, орган за безбедност) во постапката за натурализација на барателите во бараното државјанство.

Народниот правобранител постојано контактираше по поединечни предмети со Секторот за управно - надзорни работи и со Одделението за државјанство, без оглед на видот и степенот на постапката што беше во тек пред првостепен орган или пред орган што решава во второстепена постапка.




За поединечни предмети Народниот правобранител доставуваше писмени мислења и укажувања за барателите кои ги исполнуваат условите од Законот за државјанството на Република Македонија и од Европската конвенција за државјанство, како составен дел на внатрешното законодавство.

Народниот правобранител континуирано укажуваше и на неопходноста за примена на начелата на управната постапка за сервисна ориентација на органите и **помош на неуката странка**, со оглед дека постапката за стекнување со државјанство е посебна управна постапка во која не се применуваат роковите определени со Законот за општата управна постапка и потребни се почести контакти со лицата коишто аплицирале со цел да ги доставаат валидните докази.

Заради подобрување на состојбата со регулирање на државјанството на лицата кои се родени во Република Македонија и т.н. „затекнати странци" Народниот правобранител повторува дека постои потреба за **дополнување на Законот за државјанство** и олеснување на условите за прием на лицата кои се третираат за државјани на републиките од поранешна СФРЈ, а фактички се лица со нерешен или без државјански статус. Поткрепа на ваквото барање Народниот правобранител наоѓа во примената на делот за државјанство од Европската конвенција, кој се однесува на државната сукцесија и државјанството и ги промовира начелата на вистинска и ефективна врска на засегнатото лице со државата, постојаното живеалиште на засегнатото лице во времето на сукцесијата, волјата на засегнатото лице и неговото територијално потекло.

Како резултат на своите активности, Народниот правобранител констатира дека постапката за стекнување со државјанскиот статус е со зголемен број на позитивни решенија, односно се намалува бројот на претставките за стекнување со државјанството на Република Македонија.

Од друга страна, зголемен е бројот на претставки во врска со издавањето на т.н. **биометриски јавни исправи** (пасоши, лични карти, возачки дозволи) од страна на органот за внатрешни работи. Се потврди констатацијата на Народниот правобранител од претходниот извештај дека во Министерството за внатрешни работи се одолжува издавањето на овие исправи од различни причини со што негативните последици ги сносат самите граѓани. Граѓаните оправдано реагираат дека ненавременото сервисирање при замената на нивните лични документи ги ограничуваат во секојдневното остварување на нивните слободи и права гарантирани со Уставот и законите. Истражувањето на Народниот правобранител во врска со **слободата на движење и избирање место на живеење** покажа дека Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште, има одредби кои се во спротивност со Уставот на Република Македонија поради што Народниот правобранител смета дека споменатиот закон треба да претрпи измени во насока на отстранување на постоечкиот ограничувачки карактер на овие одредби.



За разлика од добрата соработка со органот надлежен за државјанство, Народниот правобранител повторно **не наиде на соодветна соработка** со органот надлежен за странци т.е. Секторот за гранични работи и миграции, во неколку предмети во кои е констатирана повреда на правото на регулирање на престојот на странци кои во државата престојуваат по разни основи, најчесто по основа на брак.

За ваквото **попречување во работата**, Народниот правобранител до министерот за внатрешни работи редовно доставуваше посебни извештаи за несоработката. Секако, доколку продолжи оваа практика Народниот правобранител ќе биде принуден да ја искористи можноста за покренување и прекршочни постапки против службени лица на органот за странци. Со оглед на обемноста и сложеноста на Законот за странци, Народниот правобранител констатира дека службените лица на органот за странци одредбите од овој закон ги применуваат **произволно и рестриктивно** поради што има потреба за нивна дополнителна правна едукација и поедноставување на постапките пред овој орган.

Народниот правобранител наиде на добра соработка со новиот орган - Управата за водење на матичните книги (како орган во состав на Министерството за правда) во остварувањето на правото на граѓаните од областа на матичната евиденција.

За разлика од претходната година, претставките на граѓаните за враќање одземени предмети (регистрација на патнички возила/возачки дозволи) резултираа со поведување постапка за заштита бидејќи се работеше за **еднаш признати, па поништени** права од страна на органот за внатрешни работи за чие поништување подносителот на претставката

не дал повод или причина. Во такви случаи Народниот правобранител даваше мислење дека начелото на правната сигурност на граѓаните треба да се почитува од надлежниот орган и тој да одлучува во согласност со правилата на управната постапка.

Исто така, карактеристично за извештајниот период е постапувањето на Народниот правобранител по барања од омбудсман институции во соседните држави за остварување најчесто права од матичната евиденција за лица кои се родени на територијата на Република Македонија, но не се во можност самите да ги остварат овие права.

*Граѓаните се уште се соочуваат со потешкотии во постапките за остварување на статусните права (издавање јавни исправи, патни исправи, лични карти, изводи од матични евиденции, живеалиште, престојувалиште, државјански статус). Загрижува неажурноста во постапувањето.*

*Критериумите утврдени во Законот за пријавување живеалиште и престојувалиште на граѓаните го ограничуваат уставно загарантираното право на слобода на движење на територијата на Република Македонија и слободата на избор на местото на живеалиште.*

*Особено загрижува непостапувањето по интервенциите на Народниот правобранител од страна на Секторот за гранични работи и миграции, несоработка што со години ја попречува работата на Народниот правобранител при заштитата на правата на граѓаните.*

*Забрзување на активностите за надградба на инфраструктурата и кадровските капацитети од секаков аспект, со цел навремено сервисирање на граѓаните по однос на статусните права.*

*Да се направат измени во Законот за пријавување живеалиште и престојувалиште, со цел да не се попречува слободата на движење и слободата на избор на местото на живеалиште.*

*Барање одговорност од Секторот за гранични работи и миграции поради попречување на работата на Народниот правобранител.*

## ПРАВОСУДСТВО

Ако се има предвид формално-правната поставеност на институцијата Омбудсман во Република Македонија и законските рамки на другите омбудсман институции во другите европски земји, Народниот правобранител има можност за релативно поголемо интервенирање во поглед на судската власт кога станува збор за одолжување на судските постапки, како и мониторирање на работата на судската администрација, без да се повреди принципот на самостојност и независност на судската власт.

Проверката на наводите во претставките на граѓаните за одолжување на суд-

ските постапки и контролата над судската администрација по правило се врши со писмени обраќања до претседателите на судовите, јавните обвинители, органите на Адвокатската комора, нотарите и извршителите, но неретко се остварува и непосредна комуникација со нив, па и со судските служби или со службите во другите правосудни институции.

И покрај големиот број активности и реформски зафати насочени во поглед на организациската поставеност и донесувањето нова измена и прилагодување на постоечката законска регулатива од материјален и процесно-правен карактер, сепак, од претставките на граѓаните произлегува дека во практиката овој систем не е доволно конзистентен и прооден и не обезбедува **правна сигурност** на граѓаните. Оттука граѓаните имаат перцепција дека е невозможно да ја остварат правдата пред судовите. Впрочем, неспорен факт е дека секоја извештајна година се карактеризира со најголем број претставки за судството.




Секако дека остварувањето на **правото за правично и судење во разумен рок** и понатаму претставува најголем проблем во остварувањето на правата на граѓаните.

Во извештајната година, исто како и во претходниот период, во оваа област граѓаните кај Народниот правобранител најмногу се поплакуваа на одолжување на судските постапки во првостепените судски инстанци.

Беше забележан и голем број претставки **за квалитетот на судски-те одлуки**, како резултат на непрофесионалноста и несовесното постапување на носителите на судиската функцијата, за што Народниот правобранител поради ненад-лежност на граѓаните им даваше правни совети.

Голем е исто така и бројот на претставки во кои граѓаните незадоволни од првостепените судски одлуки наведуваа дека пресудите се донесени под притисок или од други влијанија, па иако без соодветни докази или уверливи аргументи, се бараше од Народниот правобранител да ги промени судските одлуки или да преземе мерки за санкционирање.



Имајќи ги предвид законските надлежности, постапувајќи по ваквите претставки Народниот правобранител **ги поучуваше** граѓаните дека правото на заштита можат да го остваруваат со иницирање постапки пред други државни органи и институции.

Евиденцијата покажува дека бројот на поплаките за одолжување на постапките пред судовите од втор степен е

многу помал, но во практиката е утврдено дека во еден случај жалбената постапка пред Апелациониот суд во Скопје трае повеќе од една година (15 месеци), поради што Народниот правобранител заради повреда на **принципот на судење во разумен рок,** достави препорака со барање да се преземат итни мерки за донесување одлука во втор степен.



Во остварувањето на правото на судење во разумен рок граѓаните наидуваат на проблеми и при постапувањето и донесувањето на одлуките во Управниот суд на Република Македонија. Народниот правобранител особено е загрижен поради долготрајноста на постапките пред овој суд, кој одлуките ги донесува без спроведување јавна расправа и поради фактот дека пред него се постапува најчесто по тужби против управни акти на извршната власт, кои задираат во егзистенцијалните интереси на граѓаните.

Во текот на извештајната година незначителен беше бројот на претставки поднесени поради одолжување на јавнообвинителското постапување, но е регистриран и случај кога поради неоправдано отсуство на јавниот обвинител дошло до одлагање на судско рочиште.

Што се однесува до повреди на правата на граѓаните од страна на адвокати, како вршители на јавна служба спрема кои Народниот правобранител има исто така законски овластувања, иако е мал бројот на претставки сепак, забележано е дека дисциплинските органи на Адвокатската комора бавно постапуваат по претставките на граѓаните. Тие честопати не постапуваат по барањата на Народниот правобранител со што оставаат простор за сомневање дека постои наклонетост кон нивните колеги.

За разлика од нотарите и медијаторите, спрема кои во текот на извештајната година не беа регистрирани поплаки од граѓаните, до Народниот правобранител беа поднесени поголем број претставки од граѓани кои се жалеа на **неправилности во работата на извршителите**.

Во претставките против извршителите граѓаните најчесто се поплакуваа дека извршителите ги загрозиле нивните егзистенцијални права затоа што со налозите доставени до банките ги довеле во **состојба на сиромаштија.**

Народниот правобранител регистрира случаи кога спротивно на законот, извршител со налог од банка побарал извршување од севкупните приливи на трансакциска сметка иако должникот имал примања само по основ на законска издршка, што е спротивно на Законот за извршување, кој ја гарантира минималната егзистенција на должникот.

Иако Законот за извршување предвидува правна заштита на должниковите права во постапката за извршување, сепак благодарение на воспоставената коректна соработка помеѓу Народниот правобранител и Комората на извршителите, во добар дел од разгледуваните случаи на доверителите им беа заштитени законските права, без формална судска постапка.

*И покрај долгогодишниот реформски процес на правосудниот систем во Република Македонија, на граѓаните се уште им се повредува правото на судење во разумен рок, односно тоа не им се овозможува.*

*Загрижува фактот дека постапките против полициски службеници за кои има основани сомненија дека прекршиле човекови права се одолжуваат.*

*Инфраструктурата на правосудниот систем претставува проблем кој влијае на ефикасноста и квалитетот на работата на овој систем.*

*Носителите на правосудните функции во иднина да посветат поголемо внимание за почитување на начелото судење во разумен рок со цел граѓаните ефективно да ги остваруваат нивните права.*

*Постојано да се работи на подобрување на материјалните услови во правосудните органи.*

*Да се зајакне едукацијата на носителите на правосудните функции и вработените во оваа област со особена посветеност во делот на човековите слободи и права, како и примена на добрите практики на Европскиот суд за човекови права.*

## КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

Состојбите со почитувањето на правата на лицата лишени од слобода и во извештајната година беше во фокусот на Народниот правобранител, како резултат на нивната деликатност.

Согледувањето на состојбите се вршеше врз основа на остварените посети и како и во претходниот период Народниот правобранител констатира **состојби кои загрижуваат** како во поглед на сместувачките услови така и во сите други аспекти како што се: третманот на осудените, здравствената заштита, но и целокупната атмосфера и односите помеѓу осудените лица, како и односот на службените лица кон осудениците.

Уште на почетокот на годината Народниот правобранител при посета на Казнено - поправниот дом Идризово наиде на **супстандардни услови** под секое човечко достоинство во Полуотвореното одделение, при што јавно побара од Минис-терството за правда итно затварање на ова одделение и трансфер на осудениците во другите делови од Затворот.

Укажувањето беше прифатено и реализирано така што споменатото одделение во текот на годината беше реновирано. Сепак, во Затворот Идризово, особено во некои одделенија, **условите** се проблем кој **се уште загрижува**.

По повеќегодишни укажувања конечно беше дислоциран и Воспитно-поправ-ниот дом Тетово од Затворот Скопје и е преместен во Велес, во просториите на поранешниот затвор, но според Народниот правобранител **ефектот од дислокацијата не е постигнат** ако се имаат предвид сместувачките услови.



Констатациите на Народниот правобранител по однос на сместувачките капацитети и просторните услови, покажуваат дека казнено-поправните и воспитно-поправните установи не функционираат согласно стандардите утврдени со домашните и меѓународните норми.

Ова особено е случај со Казнено - поправниот дом Идризово каде што има **пренатрупаност,** што, како и претходните години, останува најзначаен проблем, а негативни се и оценките за **хигиената и исхраната**. И понатаму отсуствуваат какви било рекреативни активности на осудените лица, како и какви било други активности што би придонеле за јакнење

на нивното физичко и ментално здравје што говори дека процесот на ресоцијализација сосема отсуствува, а тоа пак, значи дека нема услови за постигнување на **ефектот од казнувањето**.

Кадровската екипираност во казнено-поправните установи, како и профилот на вработените се уште се предмет на забелешки бидејќи отсуствува организиран облик на стручно усовршување и обука на вработените. Ваквиот недостаток е една од причините за несоодветниот третман на осудениците, што создава простор за случаи на нехумано и генерално несоодветно третирање на осудениците, за што говорат се уште присутните случаи на тортура во затворите. Воедно треба да се напомене дека контролните механизми, односно затворската инспекција не задоволува со своето функционирање.




**Безбедносниот аспект** беше исто така предмет на загриженост во извештајната година бидејќи имаше случаи на физички пресметки помеѓу осудените лица, но и самоубиства и бегства на осуденици од казнено-поправните установи. Ова повторно говори дека констатацијата за лошо менаџирање и организирање на поединечните служби во Затворот влијаат на целокупните состојби, особено од аспект на почитувањето на правата на осудениците. Ваквите состојби секако имаа влијание и на бројот на претставките од оваа област кој беше зголемен, а најголемиот дел се однесуваа на правото на здравствена заштита.

Поплаките на осудените лица кон установата беа резултат на ускратеното право на **соодветна здравствена заштита** во случаи кога поради нарушено здравје на осудениците не им се овозможува здравствен третман во соодветни здравствени установи надвор од Затворот. Во однос на ваквите состојби Народниот правобранител во повеќе наврати на установите им укажуваше на обврската за непречено остварување на правото на здравствена заштита на осудените лица.

Карактеристичен случај кој говори дека постои некоординираност на штета на осудениците е случајот со Затворот Скопје и Основниот суд во Кичево.

Имено, беше поднесена претставка од која беше констатирано дека основниот суд доставил налог за упатување на издржување казна врз основа на претходна пресуда на притворено лице на негова домашна адреса, иако лицето се наоѓало во Одделението за притвор во Затворот Скопје и во истиот момент е укината мерката притвор. Во постапката која ја спроведе Народниот правобранител беше утврдено дека на осудениот му е оневозможено правото да поднесе молба за одлагање на извршувањето на казната - дејствие кое има суспензивно дејство во однос на налогот. При постапувањето беше утврдено дека отсуствува комуникација помеѓу судовите, додека комуникацијата со казнено-поправната установа е ненавремена, поради што за констатираните повреди, како и за пропустите на надлежните органи, Народниот правобранител достави укажување до директорот на Затворот Скопје и посебни информации до министерот за правда и претседателот на Судскиот совет.

Во 2010 година Народниот правобранител постапуваше и по претставки кои се однесуваа на забрзување на постапките за **трансфер или екстрадиција** на осудени

лица кои издржуваа казна затвор во Република Македонија и државјани на Република Македонија кои издржуваа казна надвор од државата. Во постапувањето по овие случаи Народниот правобранител соработуваше и со омбудсманите на државите каде што осудените лица издржуваа казна или бараа да бидат преместени.

Предмет на постапување по сопствена иницијатива на Народниот правобранител беа случаите на незадоволство и протести на осудени лица и нивно физичко малтретирање од страна на службени лица, па во зависност од утврденото се преземаа соодветни мерки со укажување на обврската за заштита на безбедноста на осудените лица, особено на нивното здравје.



Народниот правобранител континуирано ги следеше и состојбите со почитувањето на правата на притворените лица, како и правата на малолетните лица на кои им е изречена мерка упатување во воспитно-поправен дом. Констатација за овој сегмент е дека иако во меѓувреме се преземени некои активности во правец на подобрување на условите за престој на притворените и малолетните лица, сепак се уште не е постигнато соодветното ниво и неопходно е преземање конкретни мерки за нивно подобрување.

Во извештајната година Народниот правобранител ги следеше состојбите во затворите и од аспект на условите предвидени со меѓународните документи особено со Европските **затворски правила**, со оглед на тоа што Република Македонија, како земја членка на Советот на Европа, треба да ги прифати и почитува овие правила. Притоа Народниот правобранител констатираше неусогласување на домашната регулатива со меѓународните документи.

*Затворскиот систем се уште не може да обезбеди реално почитување и спроведување на пенолошките стандарди. Европските затворски правила не се преземени во домашното законодавство ниту пак, се применуваат и почитуваат во практиката.*

*Сместувачките капацитети и условите особено во Казнено-поправниот дом Идризово се уште се под потребното ниво.*

*Се поприсутни се појави на пресметки меѓу осудени лица како резултат на несоодветно и нестручно функционирање на безбедносните служби во установите.*

*Недоволната екипираност и недостигот на опрема во здравствените служби останува проблем поради кој не може да се обезбеди соодветна здравствена заштита на осудените лица – состојба која загрижува.*

*Недоволно ниво на стручност и професионалност на вработените во установите што негативно се одразува на процесот на ресоцијализација.*

*Доследно усогласување на домашната регулатива со меѓународните норми, особено со Европските затворски правила и стандарди како предуслов за остварување на загарантираните права на осудените и притворените лица со примена на начелата на законитост и хуманост и ефективно остварување на процесот на ресоцијализација, како и постигнување на целите на казнувањето.*

*Обезбедување соодветни услови, зајакнување на кадровските капацитети и јакнење на надзорната функција на службата за обезбедување како предуслов за повисоко ниво на безбедност и спречување на физичките пресметки помеѓу осудените лица.*

*Континуирана едукација и обука на вработените и раководниот кадар со цел за подигање на нивото на нивната стручност и професионалност.*

## ИМОТНО-ПРАВНИ ОДНОСИ

Како и повеќе години наназад, така и во 2010 година најголемиот број од претставките од имотно-правната област се однесуваа на остварувањето права на граѓаните по основ на **денационализација**.

Во таа насока, имајќи го предвид досегашното практично работење, ефикасноста на процесот на враќање на имотот како законска обврска, слободно може да се каже дека остана само декларативна.

Конкретно, иако државните органи, пред се Владата на Република Македонија, во изминатиот временски период континуирано прокламираа заложба за интензивирање и брзо завршување на процесот на денационализација, во 2010 година се пристапи дури и кон изменување и дополнување на Законот за денационализација.




Притоа, мора да се истакне, целта за ваквата измена првенствено беше насочена имотот - предмет на денационализација реално да не се враќа, а поранешните сопственици, односно нивните наследници да добијат **оштета само во обврзници**.

Следствено, за очекување беше дека ваквото нормативно решение ќе го доведе во прашање остварувањето на човековите права бидејќи дополнително внесува правна несигурност и ограничување на остварувањето на правото на сопственост.

Имено, со предметниот закон, кој откако беше изгласан во Собранието на Република Македонија и стапи во сила во месец мај 2010 година, државата доби право да располага со имотот - предмет на денационализација, додека пак неговото реално враќање го услови со околноста - поднесеното барање за денационализација **да било предбележано во катастарот** во моментот на неговото стапување во сила, односно во 1998 година. Инаку, ретко кој граѓанин во 1998 година можел да претпостави дека некогаш ќе сноси последици ако поднесеното барање за денационализација не го предбележи во катастарот, особено

што тогаш таквото постапување не било законска обврска.

Натаму, за предметите кои се уште се во тек се предвиде примена на одредбите од новиот закон, кој воопшто **не е поповолен за граѓаните**, туку е поповолен за државата. Со тоа пак, е прекршен Уставот на Република Македонија, кој, покрај останатото, предвидува дека законите не можат да имаат повратно дејство, се разбира освен ако се поповолни за граѓаните.

Исто така, се создаде и различен режим меѓу граѓаните и верските заедници со оглед дека враќањето на имотите за овие субјекти не се врзува за периодот од 2-ри август 1944 година, а согласно соодветните закони верските заедници во поглед на остварувањето на правата се изедначени со граѓаните. Инаку, неспорно е дека и верските заедници имаат проблем со враќањето на имотот.

Конечно, неспорен факт е дека формирањето на посебна второстепена владина комисија за денационализација се покажа прилично **неефикасно**, скапо и нерационално бидејќи постап-ките по жалби бескрајно се одолжуваа и се уште се одолжуваат. Сепак, и за сегашното решение (наместо жалба незадоволната странка да поднесе тужба за покренување управен спор) оправдано може да се постави прашањето дали ќе има каков било ефект во постигнувањето поголема ефикасност во постапувањето.

Ова затоа што дополнително ќе биде зголемен бројот на предмети во Управниот суд на Република Македонија, кој и онака искажува неефикасност во работењето со оглед на тоа што се уште има голем број заостанати, а нерешени предмети од областа на денационализацијата. Следствено, воопшто не треба да се занемари околноста дека дополнително ќе се зголеми бројот на предмети и во Врховниот, односно Вишиот управен суд.

Во овој сегмент мора да се истакне дека означените судови, како и второстепената владина комисија, предметите не ги решаваат мериторно. Наместо тоа, ако ја уважат тужбата на граѓаните, скоро секогаш се случува по два или повеќе пати предметите да ги враќаат на првостепениот орган на повторно разгледување и одлучување, што покрај успорување на процесот значи и кршење на одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови на штета на барателите.

Оттука, неспорен е заклучокот дека државата наместо да обезбеди побрз, полесен и поедноставен начин како да се заврши процесот на денационализација, што трае десетици години, таа само создава уште **понеповолни** услови за враќање на одземените имоти.

Во корелација со тоа, генерална оцена за процесот за денационализација е дека и натаму е во застој, дека се уште има не мал број нерешени предмети, предмети што се во фаза на формално испитување, односно се блокирани поради отсуство на координација меѓу државните и органите на локалната самоуправа, како и предмети кои се половично решени (барањата на граѓаните формално се уважени, но не се донесува ново решение за определување на видот на надоместот).

Причините за таквата состојба и натаму треба да се бараат во континуираната **неажурност, неефикасност, нестручност, несовесност и селективност во поста-пувањето**. Исто така, во одредени случаи воопшто не може да се исклучат ни сомневањата за корупција на службените лица кои постапуваат по предметите, но тоа е прашање за кое се надлежни да постапуваат други органи.

Нема подобра илустрација за ваквата состојба, односно како државата во практиката ја имплементира својата заложба за брзо и ефикасно завршување на процесот за денационализација од следново:

Во 2010 година беа разрешени одредени претседатели и членови на комисиите за денационализација формирани од министерот за финансии. И покрај интервенцијата на Народниот правобранител комисиите веднаш да бидат формирани, тоа се направи дури на 01.07.2010 година.

Меѓутоа, само со површна анализа на новиот состав на односните комисии ќе се забележи дека во суштина тоа е решение само од формална природа бидејќи практично промената во персоналниот состав се огледа единствено во ротирањето на претседатели-

те на односните комисии.

Имено, ако едно лице во изминатиот временски период било претседател на Комисијата за денационализација со седиште во Тетово, сега е на Комисијата во Прилеп и обратно.

Едновремено, од досегашното практично искуство не може да се каже дека при формирањето на овие комисии се внимава да се именуваат стручни лица од имотно-правната област кои сигурно би придонеле за поголема компетентност, стручност, непристрасност и ефикасност.

Напротив, комисиите, со ретки исклучоци, се составени од лица кои најчесто се **без потребната стручна подготовка**, знаење и искуство за управната материја и денационализацијата, а може да се каже дека во одредена мерка се и **партизирани**. Последиците од тоа, односно штетата секогаш ја трпат исклучиво граѓаните странки во постапката, кои се изложуваат на дополнителни трошоци за обезбедување правна помош и вложување соодветни правни средства до повисоките органи.

Во извештајната година беше дури забележана и состојба претседателите и членовите на комисиите за денационализација да не постапуваат по предметите затоа што не им бил исплатен паричниот надомест за работата, што во никој случај не смеело да биде допуштено и несанкционирано бидејќи влијае на ефикасноста на остварувањето на правата на граѓаните. Аналогно, овој факт може да наведува и на друг заклучок - дека постапката за денационализација се одолжува и поради субјективни причини на лицата вклучени во овие комисии бидејќи со тоа тие ќе изгубат значителни финансиски средства.

Враќањето на имотите станува неизводливо и поради долгата процедура, бавноста и некоордираноста на државните органи. Како поинаку да се објасни состојбата во која цела една година, односно со години не можат да се утврдат одредени факти кои се од суштествено значење за законито одлучување, да се изведат одредени докази, уредно да се изврши достава на донесените решенија до странките во постапката или да се најде недвижност која би се дала како надомест од ист вид.



Конкретно, Комисијата за денационализација во Владата на Република Македонија уште во текот на 2009 година побарала преку првостепената Комисија за денационализација со седиште во Тетово да се утврди функционалноста на одредено градежно земјиште што е предмет на денационализација и да се обезбеди извод од деталниот урбанистички план кој бил во важност во моментот на поднесувањето на барањето за денационализација. И покрај интервенцијата на Народниот правобранител, **тој доказ се уште не е изведен** поради разно - разни бирократски изговори (кој е надлежен да го издаде бараниот извод, каде се наоѓа изводот и сл.), а предметот стои нерешен.

Комисијата за проценки на недвижности предмет на денационализација, пак, без самата да преземе дејства за надминување на состојбата ако смета дека постојат објективни околности за нејзино непостапување, само со формален изговор (немање соодветна методологија) одбива да изврши проценка на одреден број акции кои правните претходници на барателите за денационализација ги поседувале во тогашна банка. Поради тоа, предметот во Комисијата за денационализација со седиште во Центар – Скопје стои нерешен со години, односно уште од 2006 година.

Наместо реално враќање на имот од ист вид, државата најчесто избира **тоа да**

**се прави со обврзници**, односно странките ги условува да прифатат ваков надомест бидејќи во спротивно никогаш нема да го добијат бараниот надомест - градежно земјиште, стан, деловен простор и друг недвижен имот.

За таа цел, Комисијата за координација на работата на комисиите кои одлучуваат по барања за денационализација до комисиите за денационализација дава укажување дека државата не располага со недвижности (земјишта и згради) кои би се дале како надомест од ист вид на лицата. Од друга страна, сведоци сме дека државата секојдневно врши отуѓување на градежно-неизградено земјиште во државна сопственост.

Ова не претставува ништо друго, освен оневозможување на остварување на правата на граѓаните кои се гарантирани со Уставот на Република Македонија и Законот за денационализација и наведува на заклучок дека денационализацијата се врши **селективно и необјективно** и создава простор овој процес да трае во недоглед поради долгите жалбени процедури.

Во делот што значи остварување права на граѓаните од оваа област во управна постапка во втор степен пред комисиите од областа на денационализацијата и имотно-правните работи и доделување градежно земјиште, за разлика од претходните години, забележан е тренд на постапување по барањата и интервенциите на Народниот правобранител, како и преземање дејства за ажурирање на предметите преку поголема ефикасност во работењето и намалување на големиот број заостанати, а нерешени предмети.

Наведеното, сепак не се однесува на Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите. Ова затоа што од нејзина страна по ниту еден предмет за кој интервенирал, Народниот правобранител нема повратно известување за преземените мерки за спроведување на барањата, предлозите, мислењата, препораките или укажувањата.

Сепак, состојбата утврдена кај сите овие комисии, според која некои странки не може да добијат одлука по вложените жалби и по истекот на повеќе години од денот на поднесувањето (постојат предмети по кои постапката по жалба трае и повеќе од шест години), покрај што е крајно недозволива е и надвор од каков било правен стандард кој претпоставува имплементација на законската обврска заради обезбедување заштита на правата на граѓаните, надлежните органи во своето работење доследно и без исклучок да ги почитуваат начелата за итно, ефикасно и навремено постапување и одлучување.

Што се однесува на делот од имотно-правните односи во врска со остварување права на граѓаните пред Агенцијата за катастар на недвижности, Управата за имотно-правни работи и Секторот за документирање и управување со градежно земјиште во Министерството за транспорт и врски, граѓаните до Народниот правобранител најчесто поднесуваа претставки поради одолжување на постапката.



Во таа насока, интензивирањето на процесот на приватизација на градежното земјиште, особено во втората половина од 2010 година, предизвика хаос пред шалтерите на Агенцијата за катастар на недвижности и нејзините одделенија низ Републиката, а особено во најголемото - Скопје.

Впрочем, во сите постапки во кои се врши промена на носителот на правото на сопственост или приватизација на правото на користење на градежно земјиште, граѓаните имаат потреба за обезбедување одредени докази за својот имот - имотни листови, копии од катастарскиот план, како и други податоци од геодетско - информацискиот систем.

Притоа, иако има воспоставено систем за контрола на редот на шалтерите, тој не секогаш функционира поради што секој-дневно се создаваат огромни гужви, метеж и

турканици.

Како резултат на таквата состојба, катастарот тешко постигнува да ги задоволи потребите на граѓаните за издавање на бараната документација согласно утврдените рокови од подзаконските акти на Агенцијата за катастар.

Но имајќи предвид дека граѓаните за сите услуги на катастарот однапред го плаќаат потребниот надомест, неспорно е нивното право катастарот да им обезбеди брза, навремена и соодветна услуга. Затоа, во состојба на зголемена работа, катастарот мора тековно да ги подобрува процесите и процедурите во работењето со цел адекватно да одговори на барањата на странките.

По однос на приватизацијата на градежното земјиште која треба да заврши на почетокот на 2011 година, а потоа, како што е познато по сила на закон престанува правото на користење на градежно земјиште и се воспоставува долгорочен закуп за што ќе се утврди плаќање закупнина, факт е дека за време на овој процес мал број на граѓани имаа имотен лист и можеа непречено да го откупат своето земјиште. Неповолната состојба дополнително ја усложнуваа големиот број пречки од правна и фактичка природа, изложувањето на граѓаните на непотребни трошоци и бројни процедури, честите измени на законската регулатива, како и постоењето ситуации на непоклопување на катастарските со урбанистичките планови.



Исто така, постојат граѓани кои не можат да започнат постапка за откуп на градежното земјиште иако непосредно и фактички го владеат долг временски период бидејќи во катастарската евиденција не се запишани како носители на правото на користење на градежното земјиште на кое имаат изградено објекти за домување.

Имено, проблем за овие граѓани претставува тоа што градежното земјиште тие го стекнале од поранешните сопственици со непосредно склучен договор, но кој не е заверен пред надлежните органи (судовите).

За оваа категорија граѓани, оправдано може да се постави прашањето за **правичност, еднаквост и недискриминација** ако тие сега треба повторно истото земјиште да го купуваат од државата или да го земат во закуп со плаќање надомест, а еднаш веќе го купиле и тоа по пазарна цена од поранешните сопственици.

Инаку, сигурно дека не е правично, ниту пак евтино, решението овие граѓани да извршат т.н. трансформација на правото на користење на градежното земјиште во право на сопственост со плаќање соодветен данок на промет, но под сегашни услови.

Од друга страна, воопшто не е спорно дека за извршената национализација државата не ги обесштетила поранешните сопственици, но тие и не бараат земјиштето да им биде вратено или платено со оглед на тоа дека го продале.

Друга недоследност на овој закон, иако во никој случај не може да има правна логика, е неговото решение поранешните сопственици на градежното земјиште да се изедначат со другите корисници и по истекот на рокот за приватизација да плаќаат закупнина за своето земјиште.

Врз основа на наведеното, **неопходна е потребата за одредено преиспитување на ваквите нормативни решенија** и пристапување кон соодветни измени и дополнувања на Законот за приватизација и закуп на државно земјиште, со цел поедноставување на процедурата и зголемување на опфатот на лицата кои можат да извршат откуп на земјиште под објектот и дворните места.

На крај, како посебен случај во кој органите што ја водат ваквата постапка воопшто не постапуваат по интервенциите на Народниот правобранител, што е крајно недозволиво и спротивно на одредбите од Законот за народниот правобранител и тоа не прв пат,

туку години station наназад, мора да се истакнат: Одделението за управна постапка Кисела Вода и Одделението за управна постапка Чаир во Управата за имотно-правни работи, како орган во состав на Министерството за финансии.

*Иако навидум направен е напредок од формално-правен аспект во областа на имотно-правните односи, сепак загрижува фактот што наместо да се обезбеди побрз, полесен и поедноставен начин за завршување на процесот на денационализација, кој трае десетици години, државата создава уште понеповолни услови за враќање на одземените имоти, се менува Законот за денационализација и покрај останатото се предвидува имотот предмет на денационализација реално да не се враќа, односно државата да може со него слободно да располага. Во примената на материјалното право и почитувањето на правилата на постапката во оваа област има појави кои загрижуваат, особено во процесот за денационализација.*

*Поради долгите процедури, бавноста и некоординираноста на државните органи враќањето на имотите, како и давањето надомест од ист вид не може да се оствари.*

*Наместо суштински промени кои ќе доведат до состојба за претседатели и членови на комисиите за денационализација да бидат именувани стручни лица кои би придонеле за поголема компетентност, непристрасност и ефикасност во работењето, се именуваат лица без потребна стручна подготовка, знаење и искуство за управната материја и денационализацијата.*

*Катастарот однапред ги наплаќа своите услуги, но поради немање капацитети и адекватна внатрешна организираност и координација не е во состојба ефикасно и навремено да одговори на барањата од граѓаните.*

*Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите со години не искажува подобрување на квалитетот во работењето, кооперативност и отвореност кон потребите на граѓаните, бескрајно ги надминува законски предвидените рокови за решавање на предметите и воопшто не постапува по интервенциите на Народниот правобранител.*

*Приватизацијата на градежното земјиште ја оневозможуваат нерешените имотно-правни односи, непрактичните и нефункционалните урбанистички решенија и честото менување на урбанистичките планови.*

*Голем број граѓани, иако се подготвени сепак, не можат да извршат приватизација на градежно земјиште кое фактички го користат подолг временски период, поради неусогласеност на фактичката со правната состојба.*

*Да се отстранат констатираните слабости во Законот за денационализација и Владата да преземе активност со цел сите останати предмети за денационализација да се решат приоритетно.*

*Катастарот во состојба на зголемена работа тековно да ги подобрува процесите и процедурите во работењето со цел адекватно да одговори на барањата на странките.*

*Да се преземат мерки и дејства за Комисијата на Владата на Република Македонија која одлучува во управна постапка во втор степен по предметите од премерот, катастарот и запишувањето права на недвижностите во определениот рок до Народниот правобранител да ги доставува потребните известувања за преземените мерки за спроведување на неговите барања, предлози, мислења, препораки или укажувања.*

*Владата да ја преиспита потребата за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во насока на продолжување на рокот за приватизација на дворните места.*

*Со доследна примена на принципите за еднаквост и недискриминација да се разреши проблемот на приватизација на градежното земјиште за физичките и правните лица кои во катастарската евиденција не се запишани како носители на правото на користење иако непосредно и фактички го владеат долг временски период, а го стекнале со договор склучен со поранешните сопственици, кој не е соодветно заверен.*

# УРБАНИЗАМ И ГРАДБА

Начинот на уредување на просторот и неговата хуманизација претставуваат услов за реализација на правото на сопствен дом како услов за урбано живеење, но и за хармонизирани сопственосно - правни односи што е од голема важност за достоинствено живеење на граѓаните во едно општество.

Секако, претпоставките, како и во останатите општествени области, ги создава државата преку институциите на централната и локалната власт, а во областа на урбанизмот и градбата со донесување конзистентна законска регулатива и создавање институции способни за нејзино доследно спроведување.

Во последните неколку години дојде до значителни промени во правното регулирање на оваа значајна општествена област бидејќи постоечката регулатива речиси целосно беше заменета со нова која, како и претходната, беше исто така предмет на чести измени и дополнувања, како резултат на фактот дека се работи за доста сложена област чие уредување бара бројна законска регулатива.



Во секој случај, **слабостите во законската регулатива** заедно со слабостите во функционирањето на институциите на централната власт, а од 2005 година и на институциите на локалната власт, доведоа до простор за изигрување на материјалните и процесните закони и можност за остварување енормни профити за кратко време и сето тоа на товар на јавниот интерес, кој беше потиснат во втор план.

Создадениот урбанистички хаос многу често претставува причина за повреда на бројни законски права на граѓаните поради што тие се принудени да бараат заштита на своите законски права во судски и административни постапки.

Не е мал бројот на претставки со кои граѓаните се обраќаат за помош и до Народниот правобранител некогаш поради совет, но често и со барање за преземање конкретни дејствија за заштита на нивните законски права.

Извештајната година се карактеризираше со голем број претставки во кои граѓаните најчесто се поплакуваа и бараа заштита поради отсуство на мерки и активности на градежната инспекција за санкционирање на инвеститорите и изведувачите на бесправните градби, неоправдано одолжување на постапките за издавање одобренија за градење, несоодветни решенија во деталните урбанистички планови, неизвршување конечни управни акти за отстранување бесправни градби, времено запирање од извршување конечни акти до правосилно завршување судска или административна постапка, неоправдано одолжување на постапките во втор степен и други состојби.




Беше забележано дека како во претходните, така и оваа година граѓаните изнесуваа сомневања за тенденциозно, селективно, непрофесионално и несовесно постапување.

Што се однесува до единиците на локалната самоуправа во кои се водат постапките од областа на урбанизмот и градбата, беа направени напори за подобрување во организацискиот дел, но сепак се уште постоеше недоволна кадровска екипираност, особено во инспекциските служби, а во повеќето помали општини се уште **не беа формирани** служби за извршување на конечните управни акти.

Во извештајниот период беше забележано неажурно, несовесно и инертно постапување на овластените урбанистички и градежни инспектори при вршењето инспекциски надзор, со што превентивната функција на градежната инспекција целосно е занемарена.

Постапките пред првостепените органи по правило ги надминуваат законските рокови, а државните службеници ја продолжуваат постапката дури откако барателите ќе го постават прашањето за причините за одолжувањето.

Поради констатирани повреди на правата на граѓаните во оваа област, Народниот правобранител интервенираше со барања да се извршат потребните инспекциски дејствија, барања за времено запирање од извршување управни акти, препораки и укажувања пред се до градоначалниците на општините, како надлежни за справување со локалните урбанистички проблеми и во многу помал број до Министерството за транспорт и врски, како орган надлежен за вршење надзор врз работењето на органите на локалната самоуправа во областа на урбанизмот и градбата.

Од постапувањето во оваа област може да се констатира дека **соработката на надлежните органи во единиците на локалната самоуправа**, пред кои граѓаните ги остваруваат правата во областа на урбанизмот и градбата, со Народниот правобранител се уште не е на посакуваното ниво и се уште има случаи на ненавремено доставување одговори на поднесените барања поради што и постапката пред Народниот правобранител непотребно се одолжува.

Се уште постои **неажурно и селективно постапување на инспекциските служби**, а постапките за издавање одобрение за градење и понатаму траат долго, најмногу поради инертниот и непрофесионален однос на одговорните државни службеници.

Народниот правобранител цени дека донесувањето на долго најавуваниот закон, со кој би се регулирале состојбите со бесправните градби и нивната евентуална

легализација, како и предвидените измени во постојната законска регулатива во оваа област, треба да биде приоритет во наредниот период како резултат на фактот дека тоа би ги решило проблемите со кои со години наназад се соочуваат граѓаните во остварувањето на правата во оваа област.

*При донесување или измена на урбанистичките планови, наместо на јавниот честопати приоритет му се дава на индивидуалниот или комерцијалниот интерес на поединци.*

*Превентивната активност на градежните инспекции е целосно занемарена, а одлуките за санкционирање на бесправните градби се донесуваат откако градежните активности се во поодмината фаза.*

*Високите давачки што граѓаните ги плаќаат не гарантираат и не обезбедуваат соодветни стандарди на комуналната инфраструктура.*

*При донесување или измена на деталните урбанистички планови да се почитуваат потребите и барањата на граѓаните.*

*Да се настојува вклопувањето на постојните бесправни градби да биде со максимален можен опфат, кој нема да биде на штета на други граѓани или на јавниот интерес.*

*Да се почитуваат законските рокови во постапките по барањата на граѓаните, особено во постапката за издавање одобренија за градба.*

*Одделенијата за инспекциски работи да се зајакнат со кадровски и материјални ресурси за да можат да одговорат на превентивната улога за спречување натамошна бесправна градба и нејзино евентуално санкционирање.*

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Секојдневието покажува дека високиот стандард и се поголемиот цивилизациски напредок, за жал, наместо да ја унапредат, директно ја загрозуваат животната средина, а како последица човештвото се соочува со се поголеми климатски промени и нарушувања во атмосферата што можат да имаат далекосежни последици.

Енормните материјални штети и човечките загуби, како резултат на временските непогоди и други катастрофи, како да не се доволна опомена за релевантните општествени субјекти. Напротив, секојдневно се потврдува дека особено најразвиените земји и земјите со најзабрзан економски раст не се спремни да ги прифатат или имплементираат многубројните декларации, резолуции и протоколи на меѓународната заедница пред се поради сопствени интереси и трка за профит.

И покрај прифаќањето на најважните меѓународни документи и обемната законска и подзаконска регулатива во врска со заштитата и унапредувањето на животната

средина, нашето општество исто така се карактеризира со ниска свест за потребата за заштита и унапредување на животната средина, а со тоа и со крајно небрежен однос кон нејзините секојдневни нарушувања.

Сепак, поаѓајќи од интересот на своите граѓани, државата е обврзана односите во оваа сфера да ги уредува, а преку органите на централната и локалната власт во практиката доследно и во целост да ги имплементира, овозможувајќи им на граѓаните живот во здрава животна средина.




За жал, и покрај суштинската неопходност за здрава животна средина, во текот на досегашното функционирање на институцијата, наспроти многубројните негативни состојби, се забележува невообичаено мал број претставки од граѓаните за заштита на нивните права од овој вид.

Ова говори за фактот дека граѓаните поради **недоволно развиена еколошка свест** вообичаено реагираат само кога непосредно им се засегнати нивните права и интереси, а не и на појави и состојби од пошироко значење или интерес.

Токму поради ваквиот инертен однос кон состојбите во животната средина од страна на граѓаните, во текот на извештајната година до Народниот правобранител се доставени само дваесеттина претставки, при што најголемиот број се однесуваа на прашања поврзани со непреземање мерки или дејствија од страна на комуналните инспектори во врска со испуштање отпадни води или зголемена бучава предизвикана од вршење угостителска или занаетчиска дејност.

Меѓутоа дејствувањето на Народниот правобранител не се сведуваше само на поднесени претставки, туку и врз основа на генерално следење на состојбите во оваа област, па така беше поведена постапка по сопствена иницијатива за загадувањето на водите на реката Вардар предизвикано од **несовесно депонирање градежен и комунален отпад** долж нејзиниот брег.

Откако беше извршен увид на самото место и констатирано дека состојбата поприма загрижувачки димензии, Народниот правобранител до раководните структури на единицата на локалната самоуправа достави препорака со која побара зголемена активност на комуналната и Инспекцијата за животна средина и преземање мерки и конкретни активности за санирање на состојбата со вклучување и на месното население, ценејќи дека тоа позитивно би влијаело и на подигањето на свеста за заштита и зачувување на непосредната животна околина.



Препораката за надминување на ваквите состојби беше прифатена со информирање дека состојбите и предлозите за начинот на кој тоа ќе биде реализирано, ќе бидат предмет на

разгледување на првата следна седница на советот на општината.

Како резултат на генералното следење на општите состојби, Народниот правобранител и оваа година констатира дека пропустите во дејствувањето на службите за комунална хигиена на територијата на целата земја попримаат сериозни димензии од аспект на животната средина, а со тоа и на здравствената состојба на населението. Поради тоа Народниот правобранител цени дека **забрзувањето на активностите за изградба на регионални депонии**, зајакнувањето на инспекциските служби, како и зголемената превентивна активност на сите одговорни субјекти надлежни за состојбите во животната средина, претставуваат неопходност во наредниот период.



*Ниската еколошка свест на граѓаните, слабата организација на инспекциските служи и лошото менаџирање со единиците на локалната самоуправа доведоа до загрижувачки размери во загадувањето на почвата и водите со разни видови отпад со што се врши непосреден атак врз животот и здравјето на граѓаните.*

*Отсуство на регионална соработка помеѓу единиците на локалната самоуправа за заедничко решавање на проблемите поврзани со депонирање на комуналниот отпад и заеднички активности во правец на промоција на потребата за здрава животна средина и за подигање на свеста на населението.*

*Недостасува соодветна едукација во образовниот систем на сите нивоа и покрај сериозните предизвици и опасности со кои се соочени медиумите на животната средина и заканите за здравјето и животот на луѓето.*

*Единиците на локалната самоуправа особено од северо-западниот и северо-источниот регион да преземат активности за итна изградба на регионални депонии.*

*Во сите аспекти да се зајакнат капацитетите на комуналната и инспекцијата за животна средина во единиците на локалната самоуправа.*

*Да се работи на подигање на еколошката свест на населението, да се зголеми превентивната активност на инспекциските органи на локално и централно ниво и да се преземаат сериозни мерки за санкционирање на загадувачите на животната средина*

*Да се збогатат образовните програми со теми поврзани со заштитата и унапредувањето на животната средина на сите нивоа на образование почнувајќи од најмалата возраст.*

# РАБОТНИ ОДНОСИ

Остварувањето на правата и слободите на граѓаните, а во тој контекст и правата од работен однос, имајќи го предвид економско-социјалниот момент што го содржат во себе и со тоа директно задираат во достоинствената егзистенција на граѓаните, неопходно зависи од квалитетното и ефикасно функционирање на институциите на системот и владеењето на правото.

Следејќи ја состојбата со остварувањето и заштитата на правата од работен однос, Народниот правобранител цени дека повредите на уставните и законските права на граѓаните во сферата на работните односи најчесто се врши поради субјективниот момент, односно **самоволното, бирократско и непрофесионално однесување на работодавачите** што се манифестира со непостапување по барања, недонесување акти, нееднаков третман на вработените или донесување акти засновани на необјективно утврдена фактичка состојба и погрешно применет материјален закон и други однесувања и постапувања што, како последица, ги повредуваат правата и слободите на вработените.

Имено, до Народниот правобранител и во извештајната година најмногубројни беа претставките што се однесуваа на постапките за вработување и распоредување, постапките за изрекување престанок на договорот за вработување, постапките за одземање плата и надоместоци од плата, а како помалку бројни можат да се истакнат претставките кои се однесуваа на непочитување на принципот на еднаков пристап од страна на работодавачите.

Карактеристичен беше случајот на еден државен службеник кој уште го немаше со сигурност остварено правото на вработување бидејќи беше со статус на приправник, а од Народниот правобранител побара заштита на правата од спроведена постапка за полагање приправнички испит во која беа направени отстапки од пропишаните правила за спроведување на испитот.

Народниот правобранител му укажа на градоначалникот на Општина Петровец дека при спроведувањето на постапката за полагање приправнички испит не бил земен предвид рокот за спроведување на испитот по што на приправникот му биле дадени повеќе испитни прашања колку што било потребно за работното место на кое имал статус на приправник, како и прашања од областа за која не се обучувал за време на приправничкиот стаж. Народниот правобранител, исто така, побара преиспитување на целата постапка и спроведување нова постапка за полагање приправнички испит, а градоначалникот прифаќајќи го укажувањето спроведе нова постапка за полагање приправнички испит во која приправникот, по успешно положениот испит, се стекна со статус на државен службеник.



Во претставките што се однесуваа на вработување државни службеници беше забележано незадоволство поради непочитување на укажувањата на Владата на Република Македонија за регулирање

на статусот на лицата кои се привремено вработени преку агенции за привремени вработувања, односно овие лица да се стекнат со статус на вработени на неопределено време со спроведување соодветна постапка, како што предвидува Законот за државните службеници и Законот за работните односи.

Имено, во спроведените постапки за вработување **наместо да се изберат лицата кои дотогаш работеле со статус на привремено вработени, се вршел избор на други лица** кои ги исполнувале условите според огласот. Во ваквите случаи Народниот правобранител укажа дека Владата на Република Македонија со укажувањето имала интенција да го реши статусот на привремено вработените, а не да се примаат други лица и на таков начин да се злоупотребуваат дадените согласности за прием на други лица. Во дописите доставени до Народниот правобранител беше наведено дека избраните кандидати ги исполнуваат условите, без притоа да се даде подетално објаснување за причините поради кои не се примени лицата кои дотогаш работеле како привремено вработени.




Преку претставките на граѓаните Народниот правобранител, исто така, се стекна со сознанија дека **не постои законска можност за вработување** во органите на државната управа со статус на државен службеник, **за лица со стекнати 180 ЕКТС бода**, поради што беше побарано мислење од Агенцијата за државните службеници и од Министерството за правда за нивниот став по однос на ова прашање.

Во нивните дописи видна беше констатацијата дека и овие органи го увиделе пропустот што создава пречка за вработување на овие лица во државната управа, за што понатаму од страна на Народниот правобранител беа преземени мерки за надминување на ваквите пропусти, што резултираше позитивно, односно беа донесени измени и дополнувања на Законот за државните службеници со кои се предвиде можност за вработување и на овие лица во органите на државната управа.

Во претставките поднесени поради изрекување престанок на вработување на државни службеници, карактеристични за оваа извештајна година беа постапките кои ги спроведуваа градоначалниците на неколку општини на територијата на Република Македонија.

Имено, согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ" бр. 114/09), органите утврдени со Законот за државните службеници, требаше да ги усогласат актите за систематизација на работните места со овој закон се до неговата примена.

Неколку градоначалници го сторија тоа со донесување правилници за систематизација на работните места на општинската администрација, со кои се измени внатрешната организација со укинување работни места, се формираа нови одделенија или сектори и се определуваа нови називи на работни места кои во ништо по описот на работни задачи не се разликуваа од укинатите работни места. Сето тоа беше **со цел создавање простор за донесување решенија за престанок на вработувањето** на државните службеници, чии работни места се укинати, за потоа да се спроведуваат

постапки за вработување други лица.

Впрочем и ваквите постапки за изрекување престанок на вработувањето на државните службеници се преземаа пред да започне примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 114/09), бидејќи до примената на овој закон постоеше законска можност на државниот службеник да му престане вработувањето во рок од еден месец доколку не се распореди на друго работно место, додека со донесувањето на Законот, односно со неговата примена постапката за изрекување престанок на вработувањето на државните службеници, во случај кога доаѓа до промена на внатрешната организација со укинување работни места, стана посложена за работодавачите и тие можат да изречат ваков престанок на вработувањето само доколку државниот службеник го одбие распоредувањето. Вакви случаи беа забележани кај вработени државни службеници во општинската администрација на: Општина Чешиново - Облешево, Општина Чучер Сандево и Општина Сопиште.

Со оглед дека подносителите на претставките имаа поднесено жалби до надлежната комисија при Агенцијата за државните службеници, постапувањето на Народниот правобранител беше насочено кон оваа комисија со укажување за неопходноста да се земат предвид одредбите од Законот за државните службеници, но и на донесените правилници за систематизација на работните места. Надлежната комисија ги прифаќаше укажувањата на Народниот правобранител и беа донесени одлуки за уважување на жалбите, но во повторните постапки градоначалниците не ги почитуваа насоките на Комисијата и повторно донесуваа решенија за престанок на вработувањето, поради што државните службеници беа упатувани да остварат натамошна заштита на нивните права пред надлежните судови.



Важно е да се спомене и позитивниот ефект од постапувањето спрема Градоначалникот на Град Скопје до кој беше доставено укажување за правото на државните службеници за додаток на плата за кариера кои, согласно законските прописи, го исполнуваат условот за добивање на овој додаток.

Градоначалникот на Град Скопје го прифати укажувањето на Народниот правобранител, на државните службеници им донесе решенија за додаток на плата за кариера и на сите државни службеници на кои им следуваше ова право им беше исплатен додаток на плата за кариера.

Што се однесува до постапките за вработување кои се спроведуваат согласно одредбите од Законот за работните односи, не беа забележани позначајни појави кои би можеле да се истакнат како покарактеристични. Секако, како и во претходните години, неизбежно е да се споменат постапките кои се спроведуваа за прием на наставен кадар на определено време во основното образование. Во претставките што се однесуваа на ова прашање најчесто се изразуваше незадоволство поради прием на наставен кадар без положен стручен испит, прием без објавување оглас или поради примање кандидат кој не ги исполнува условите.

Народниот правобранител е свесен дека со Законот за основното образование, на директорите им се даде можност да спроведуваат постапки на вработување наставен кадар без објавување оглас најкасно до три месеци и дека директорот може по објавен оглас да прими лице кое нема положено стручен испит, но сепак, во овие постапки треба да се имаат предвид и одредбите од Законот за основното образование, во кои децидно се наведени општите и посебните услови за наставник, а еден од условите е

наставникот да има положен стручен испит.

Поради тоа, Народниот правобранител постојано укажуваше дека кандидатите што се ангажирани за итни или неодложни работи во траење од три месеци, како и кандидатите што засновале работен однос на определено време, треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени во Законот за основното образование, бидејќи тој кандидат, без оглед дали е ангажиран за три месеци или за цела година, сепак е вклучен во наставата и го спроведува образовниот процес во училиштето што значи дека треба да биде стручен. Исто така беше укажувано дека директорите можат да вработуваат лица според исклучоците дадени во Законот кога постојат оправдани причини за тоа, но не **таа појава секогаш да се случува пред почетокот на секоја учебна година**, со што со право се наметнува заклучок дека ваквите вработувања на определено време се само начин за полесно задоволување на политичките интереси, односно вработување лица припадници на политичката партија што е на власт. Укажувањата на Народниот правобранител дадени во оваа насока не беа прифатени од директорите на основните училишта до кои беа доставени, бидејќи тие сметаа дека во постапките за вработување целосно се имале предвид одредбите од Законот за основното образование.

Во овој контекст значајно е да се истакне и **непостапувањето на директорите** во насока на донесување решенија **за трансформација** на работниот однос од определено на неопределено време на наставниот кадар кој ги исполнувал условите за трансформација, односно лица кои биле на списокот за трансформација утврден од страна на формираната комисија при Министерството за образование и наука и за кои биле дадени согласности за вработување.

Народниот правобранител по таквите предмети побара директорите да ја спроведат трансформацијата, но со незадоволство мора да се истакне дека доставените барања не се прифатени. Во еден случај трансформацијата не беше извршена поради тоа што со наставникот не беше продолжен договорот за вработување на определено време, од причини познати само на директорот на училиштето, а во друг случај трансформацијата не беше извршена со образложение дека наставникот склучил договор за вработување на определено време со друго училиште, а не со училиштето до кое е доставен списокот.

Претставки беа поднесени и од наставен кадар кој четири години вршел работи и работни задачи на определено време - лица на кои директорите не им ги продолжуваа договорите за вработување на определено време за уште една година поради што тие всушност не можеа да го исполнат условот за трансформација на работниот однос. По овие предмети Народниот правобранител не можеше да дава укажувања во насока на изречениот престанок на работниот однос бидејќи на наставниците им беа прекинати договорите за вработување по истекот на рокот за кој бил склучен договорот за вработување на определено време. Затоа, Народниот правобранител на директорите им укажуваше да ги преиспитаат постапките за склучените договори за вработување со новите лица бидејќи со нивното склучување всушност, најголеми последици трпат наставниците кои дотогаш работеле и речиси се пред прагот на исполнување на условот за трансформација на работниот однос, а со нив не се склучени нови договори за вработување.

Исто така важно е да спомене поддршката што Народниот правобранител ја даде на група воспитувачи, негувателки и друг персонал во детските градинки за регулирање на нивниот работен статус бидејќи неколку години вршеле работи и работни задачи без склучени договори за вработување. За овој проблем беа доставени информации до министерот за труд и социјална политика и до Кабинетот на претседателот на Владата во кои беше побарано да се изнајде системско решение за оваа категорија лица за да им се донесат решенија за работа, без оглед дали тоа ќе бидат договори на неопределено време, договори на определено време или за привремено вработени, се со цел да се избегне практиката на склучување договори за дело од кои не произлегуваат права и обврски како за работникот, така и за работодавачот.

Секако, тука мораше да се има предвид и најдобриот интерес на детето бидејќи оној што е одговорен да врши воспитно-образовна дејност, а **нема потпишано никаков документ т.е. договор** со кој би се предвиделе неговите работни задачи и

одговорности, не може да подлежи на санкции во случај на какво било пречекорување службена должност со несакани последици врз детето.

Постапувањето во оваа насока имаше позитивен ефект, односно повеќето од воспитувачите, негувателките и другиот персонал на детските градинки склучија договори за вработување.

Народниот правобранител постапуваше и по претставка на синдикален претставник кому му беше донесено решение за отстранување од работа со намера да му се донесе и решение за престанок на вработувањето бидејќи за остварување на економските и социјалните права на членовите на синдикатот ги користел средствата за информирање. Во овој случај беше укажано на одредбите од Законот за работните односи, со кои се предвидуваат одредени права на синдикалниот претставник и на членовите на синдикатот, кои беа занемарени при донесувањето на решението за отстранување од работа. Укажувањата на Народниот правобранител беа прифатени и синдикалниот претставник непречено продолжи да ги извршува неговите работни задачи.

Не отсуствуваа ни претставки во кои граѓаните го изразуваа нивното чувство дека работодавачот **ги ставил во неповолна или нееднаква положба** во однос на другите во споредбени случаи. По овие претставки се укажуваше на одредбите од Законот за работните односи, со кои е предвидена забрана на директната и индиректната дискриминација, вознемирувањето и психичкото вознемирување. Голем број од работодавачите до кои беше доставен ваков допис ги негираа индициите за дискриминација.



Кога станува збор за соработката со надлежните органи мора да се спомене Комисијата за решавање во втор степен од областа на работните односи при Владата на Република Македонија, која на барањата на Народниот правобранител за почитување на постапката на итност и економичност при донесување одлуки по поднесени жалби, одговараше дека предметите ќе бидат разгледани на седница или дека се чека документација од првостепениот орган. Оваа комисија до Народниот правобранител повеќе од една година нема доставено одлука за одлучување по жалба или приговор.

Со оглед дека последиците од ваквото постапување ги трпат подносителите на жалби или приговори, неколку пати е известена Владата, но и покрај тоа оваа состојба не е надмината.

*Континуирано се повредуваат правата на граѓаните од областа на работните односи во постапките на вработување и изрекување престанок на вработувањето поради нецелосна и погрешна примена на законските одредби, а загрижуваат појавите за доведување на вработените во нееднаква положба.*

*Во постапките на регулирање на статусот на привремено вработените лица евидентна е појавата на искористување на дадените согласности за вработување други лица, кои претходно не биле со статус на вработени во органот/институцијата.*

*И во постапките на регулирањето на статусот на наставниот кадар и покрај законската обврска се избегнува потпишување договори за вработување на определено*

*време за уште една година - период кој е потребен за наставниот кадар да го исполни условот за трансформација на работниот однос.*

*Работодавачите доследно и целосно да ги применуваат законите кои ја регулираат материјата работен однос и особено да внимаваат на еднаквиот пристап при примената на законите кон секој вработен.*

*Во постапките на вработување да се цени целокупната документација приложена кон огласот за секој пријавен кандидат и да не се изигруваат прописите при приемот на ново вработените.*

*Работодавачите да не ги занемаруваат и игнорираат правата на вработените и да не се донесуваат решенија без постоење објективен и законски основ.*

## СТАНБЕНИ ОДНОСИ




Заштитата на правото на домување, како уставно и законски загарантирано право на граѓаните, и во 2010 година беше предмет на постапување од страна на Народниот правобранител.

При анализата на податоците во областа забележан е раст на бројот на претставки кои се однесуваа на повреди на правата од станбената област, а од содржината на претставките произлезе фактот дека состојбите во оваа област не се подобруваат, напротив, во одредени сегменти се усложнети.

Очекувањето дека со новиот Закон за домување од 2009 година ќе се дефинираат правилата во сферата на домувањето и ќе се овозможи поадекватна и поефикасна заштита на правата на граѓаните, не се оствари. Изминаа речиси две години од донесувањето на Законот, период во кој не успеа да заживее, а поради несоодветното и непрецизно дефинирање на повеќе одредби во одредени делови, Законот се покажа како нејасен и неприменлив. Од овие причини одредени одредби од Законот беа изменети, а други пак, беа укинати од Уставниот суд на Република Македонија. Констатациите за неприменливоста и непрецизноста на одделни одредби од Законот се потврдија и од претставките што Народниот правобранител ги добиваше во текот на извештајниот период.

Имено, повеќе граѓани се обратија до Народниот правобранител и побараа да им се разјасни начинот на кој како сопственици може да се организираат за да управуваат

со станбените згради, бараа одговор дали управувањето да го препуштат на управител или да формираат заедница на сопственици, како да ја извршат регистрацијата на заедницата во Централниот регистар како правно лице, кои акти и во кој рок треба да бидат донесени од сопствениците и други прашања кои останаа недоволно разјаснети во одредбите на Законот за домување, за кои имаше навистина кратки рокови во кои требаше да се применат. Народниот правобранител на сите овие барања навремено постапуваше, а бараните одговори ги доставуваше и до подносителите.

Во изминатата година граѓаните продолжија да бараат заштита на правата и интервенција на Народниот правобранител пред Секторот за станбено-комунални работи и инфраструктура на Министерството за транспорт и врски. Барањата се однесуваа на проблемите што се јавуваа при **преносот на станарското право, откупот на државни станови** според условите пропишани во Законот за продажба на станови во општествена сопственост, на кои граѓаните имаа станарско право и откупот на државните станови под условите пропишани во новиот Закон за домување.



Повеќе граѓани кои користеа станови во државна сопственост без соодветно оформена документација, а кои се евидентирани од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, заклучно со 31-ви декември 2008 година побараа да ги откупат становите. Согласно новиот Закон за домување, на овие лица им беше дадена можност становите да ги откупат, а за постапката беше задолжено Министерството за транспорт и врски.

Меѓутоа и во овие случаи непрецизноста на одредбите на Законот предизвика бројни проблеми, па така до Народниот правобранител беа поднесени претставки во кои граѓаните бараа забрзување на постапките пред Министерството, кое пак не постапуваше по барањата поради фактот што не можеше да определи кои лица всушност припаѓаат на категоријата лица без оформена документација.

Имено, Законот за домување не направи прецизна категоризација што претставува неоформена документација, односно кои се лицата без оформена документација. Уставниот суд го укина овој член од Законот, но како и секогаш последиците од укинувањето го почувствуваа граѓаните бидејќи **започнатите постапки за откуп беа запрени**, а на овие граѓани на неодредено време им е одземена можноста да го регулираат статусот на користење на становите во државна сопственост.

До Народниот правобранител беа доставени претставки во кои беше побарана помош во преносот на станарското право од починат родител, постапки што исто така се водеа пред Министерството за транспорт и врски и кои беа успешно завршени.

Неколку години station наназад, Народниот правобранител и во годишните извештаи и во писмените дописи до ресорниот министер предупредува дека евиденцијата на становите кои се во државна сопственост е нецелосна поради што често доаѓа до **неможност одредени граѓани да го остварат правото на откуп на становите** што во законска постапка им биле доделени од претпријатија чие седиште било во Република Македонија, но и на просторите на поранешна Југославија. Ова со оглед дека во постапката за доделување под закуп, овие станови се третираат како станови во државна сопственост, притоа од корисниците на овие станови се бара да плаќаат одреден износ на име закупнина, а доколку не платат се поведуваат тужби за присилна наплата на долгот.

Од друга страна, доколку се работи за постапка за откуп на истите станови, корисниците се одбиваат од страна на Министерството за транспорт и врски со образложение дека становите не се во сопственост на Република Македонија, односно дека

во Агенцијата за катастар на недвижностите фигурираат како станови во сопственост на поранешните претпријатија.

Постапувајќи по претставка на граѓанин кој неколку години наназад се обидувал да го откупи станот што му бил доделен од претпријатие од просторот на поранешна Југославија, Народниот правобранител побара во соработка со останатите надлежни органи, Министерството за транспорт и врски да преземе мерки за разјаснување на настанатата состојба во врска со евиденцијата на станови во државна сопственост, нивното доделување под закуп и остварување на правото на откуп. Притоа Народниот правобранител наведе дека неминовен е заклучокот дека доколку Република Македонија не е сопственик на овие станови, од формално-правна гледна точка склучените договори за закуп не се валидни, а воедно и наплатата на закупнината која се наплаќа од корисниците на становите е **без правен основ**. По овој допис, Народниот правобранител се уште нема добиено соодветен одговор.

Во однос на спроведување на проектите за изградба на станови наменети за доделување под закуп на лицата во социјален ризик и другите ранливи групи, што ги спроведуваше Министерството за транспорт и врски, во текот на извештајната година беа доставени мал број претставки во кои подносителите бара забрзување на постапката пред второстепената комисија. Во неколку случаи, по интервенција на Народниот правобранител, Комисијата донесе соодветно решение.

До Народниот правобранител беа доставени значителен број претставки и за **бавното и нестручно работење** на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и неговите подрачни единици. Граѓаните најчесто се жалеа на **незаконски спроведени постапки** за присилно иселување од државните станови, на несоодветните пресметки на цените на становите што се откупуваа, а чести беа и барањата да бидат ослободени од плаќање камата и заостанати долгови на име неплатена закупнина. Доколку барањата на подносителите беа основани, Народниот правобранител покренуваше соодветна постапка и во зависност од утврдената состојба до Јавното претпријатие достави бројни барања и укажувања, а во случаите на ненавремено постапување доставуваше ургенции со кои бараше забрзување на започнатите постапки.



Во првата половина на годината, во дневно-информативните печатени медиуми Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија врз основа на претходно донесена одлука, објави Оглас за продажба на станбен простор за станбено необезбедени лица - млади брачни парови и самохрани родители во градот Скопје, по поповолни услови од пазарните.

Во огласот беа определени критериумите за продажба на становите во државна сопственост, меѓу кои беше предвиден и принципот **„Прв дојден - прв услужен".** Според овој принцип во случај за еден стан да има повеќе баратели кои ги исполнуваат условите за купување, оној кој прв ја доставил апликацијата се стекнува со право на откуп на станот.

Народниот правобранител по сопствена иницијатива покрена постапка за испитување и оценка на законитоста на постапката за откуп на предметните станови и притоа констатира дека граѓаните се доведени во **нееднаква положба** при аплицирањето со што на некој начин се **дискриминирани**. Народниот правобранител реагираше и на неможноста граѓаните да вложуваат жалби на одлуките на Комисијата поради што достави укажување до Јавното претпријатие и побара поништување на Одлуката.

По повод даденото укажување, Владата на Република Македонија донесе одлука со која го поништи претходно објавениот оглас и со нова одлука го задолжи Министерството за транспорт и врски да ја врши распределбата, односно продажбата на државните станови по електронски пат, без примена на спорниот принцип.

Во извештајната година продолжи заштитата и остварувањето на правата на граѓаните подносители на претставки, во постапките за доделување стан под закуп по разни основи што се водеа пред Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Македонија. Барањата за доделување државен стан под закуп најчесто беа доставувани од **лица во социјален ризик**, кои бараа решавање на станбеното прашање бидејќи со оглед на тешката материјална состојба не се во можност тоа самите да го сторат. Комисијата без исклучок доставуваше одговор дека во станбениот фонд на државата нема доволно станови што би можеле да бидат доделени под закуп.

Кон крајот на годината беа доставени неколку претставки согласно одредбите на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, во кои подносителите побараа забрзување на постапката за доделување стан под закуп врз основа на одредбите од напред споменатиот закон. Народниот правобранител побара Комисијата за станбени прашања да постапи по барањата, но постапката по овие предмети се уште е во тек.

Поради основаност на доставено барање, Народниот правобранител на Комисијата за станбени прашања и препорача да додели стан под закуп врз основа на правата што произлегуваат од Законот за денационализација, за носителот на станарско право, но и овој пат беше добиен одговор дека Комисијата не располага со слободни станови. Во овој случај, иако Народниот правобранител не успеа да оствари заштита на правата на подносителот во поглед на добивање стан под закуп, сепак издејствува Јавното претпријатие да донесе одлука за рефундирање средства што подносителот ги плаќа на име закупнина на неговиот закуподавач.

*Правната регулатива во оваа област, особено Законот за домување, поради несоодветни и непрецизни одредби е причина за појави на повреди на правата на граѓаните.*

*Продолжува проблемот со немање точни податоци за бројот на државни станбени и деловни единици.*

*Надградба на правната регулатива, особено Законот за домување, со што ќе се овозможи поефикасно регулирање на односите во оваа област.*

*Прецизно определување на критериумите за регулирање на постапката според која корисниците – лица без соодветно оформена документација, ќе го остваруваат правото на откуп на државните станови.*

# СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ЗАШТИТА

Декларирајќи се како социјална, државата треба да се раководи од хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, што се дел од темелните вредности на уставниот поредок. Во таа смисла со Законот за социјалната заштита, се предвидува дека Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните, согласно со начелото на социјална праведност.




Наспроти ваквата определба, граѓаните сметаат дека недоволно се води грижа за нивната социјална состојба, односно дека социјалната заштита не содејствува на реалната состојба и со нивните најнеопходни животни потреби, затоа што со социјалната помош што ја добиваат не се во можност да ги задоволат секојдневните егзистенцијални потреби. Поради тоа, социјално најзагрозените граѓани често се принудени да бараат и едно-кратна парична помош или исхрана во бесплатните народни кујни, но и при остварувањето на овие права се судруваат со тешкотии и проблеми, што уште повеќе ја загрозува нивната социјална положба. Особено е тешка состојбата на лицата неспособни за работа на кои во одредени случаи **неосновано им се укинува правото на постојана парична помош** или пак, ова право го остваруваат во долготрајни постапки.

Постапувајќи по поплаките на граѓаните, Народниот правобранител утврди дека остварувањето на правата од социјалната област се одвива отежнато затоа што постапките за одлучување по барањата честопати се долги и ретко кога се одлучува во законски предвидените рокови. Исто така често се донесуваат решенија против кои граѓаните вложуваат жалби заради нецелосно утврдена фактичка состојба, а беа забележани и случаи кога за многу краток временски период (ден-два) се донесуваат три различни решенија - едно со кое се признава правото, второ со кое се продолжува и трето со кое правото престанува. Со тоа, граѓаните не само што беа збунети, туку и не знаеја што треба да сторат понатаму. Меѓутоа и покрај интервенциите и укажувањата на Народниот правобранител, во ваквите случаи во жалбените постапки Министерство за труд и социјална политика најчесто ги потврдуваше одлуките на центрите за социјална работа, поради што странките беа принудени да покренуваат судски постапки, што уште повеќе ја влошуваше нивната социјална положба.

Во извештајниот период особено беше забележано дека посебните служби на Центарот за социјална работа во Скопје одлучувајќи за некое право од социјална заштита донесуваа негативно решение само поради месна ненадлежност и ја задолжуваа странката повторно да поднесе барање до месно надлежниот центар. Со ваквото постапување постапката непотребно се одолжуваше, поради што Народниот правобранител укажуваше предметот да се препрати до центарот кој треба да постапува и странката да се извести за да се почитува начелото на управната постапка за брзо е ефикасно одлучување за правата на граѓаните.



Посебен проблем со кој се соочија социјално загрозените граѓани беше и **неблаговремената исплата на социјалните видови помош.** Овој проблем беше особено изразен при исплатата на еднократната парична помош која се доделува на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа. Постапувајќи по поплаки на граѓани во однос на еднократната парична помош, Народниот правобранител утврди дека и по неколку месеци од донесувањето на решенијата за признавање на правото на еднократна парична помош средствата не се исплатени.

Народниот правобранител укажуваше дека секое пролонгирање на исплатата уште повеќе ја отежнува положбата на граѓаните на кои им е признато правото на еднократна парична помош затоа што се работи за лица кои во моментот се во тешка социјална криза, па со пролонгирање на исплатата не само што се отежнува состојбата во која се наоѓаат, туку се губи и целисходноста на одобрената помош, за што до министерот за труд и социјална политика е доставена информација со барање да се преземат мерки за надминување на овие проблеми на социјално најзагрозената категорија на граѓани, односно да се изнајдат средства и можности за навремена исплата на еднократната парична помош.

Во поглед на социјалната заштита на најзагрозената категорија граѓани Народниот правобранител констатира дека дел од оваа категорија граѓани, корисници на социјална или постојана парична помош, не се во можност да користат еден дневен оброк во народната кујна иако ги исполну-ваа предвидените услови како и лицата кои го имаа ова право. Интервенциите на Народниот правобранител се почитуваа само доколку се ослободеше место од постоечките корисници, но не се изврши проширување на листата на постоечки корисници само поради ограничените средства. Информирајќи го министерот за труд и социјална политика за овој проблем, Народниот правобранител укажа дека целта на проектот не се исполнува и дека **лицата кои се во социјален ризик се дискриминирани** поради нивното неопфаќање во народната кујна иако ги исполнуваат предвидените услови.



До Народниот правобранител беа поднесени и претставки во однос на користењето на субвенциите за електрична енергија и друг вид енергија и притоа е утврдено дека сите

граѓани се уште не се доволно информирани за условите и можностите за остварување на ова право.

Што се однесува до постапките по жалби кои се водат пред Министерството за труд и социјална политика, иако може да се констатира дека постапките се одолжуваат и не се одлучува во законски предвидените рокови сепак, во најголем број случаи по интервенции и непосредни увиди на Народниот правобранител постапката се забрзуваше и укажувањата и препораките на Народниот правобранител најчесто беа прифаќани.

*Социјалната сигурност и праведност се уште недоволно е обезбедена поради ниската социјална помош, неажурноста на органите и неблаговремената исплата на социјалните давања.*

*Активностите и мерките се недоволни за реално ублажување на социјалната состојба на најзагрозената категорија граѓани, а особено загрижува состојбата на сиромашните семејства со малолетни деца кои немаат елементарни услови за живот, со што се оневозможува нормален раст и развој на децата.*

*Социјалните давања да обезбедат реално остварување на уставното начело за социјална сигурност и праведност на социјално загрозените категории граѓани.*

*Да се преземаат мерки за намалување на бројот на социјално загрозените граѓани со нивно вработување или овозможување услови за остварување приходи од сопствениот труд, особено за работоспособните граѓани.*

*За семејствата кои немаат никакви приходи, а имаат малолетни деца да се изнаоѓаат реални можности за социјална поддршка која ќе овозможи остварување на основните права на децата за нивен раст и развој.*

## ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Правата од пензиската област се социјални права кои граѓаните ги остваруваат врз основа на Уставот на Република Македонија и во согласност со закон, а со почитување на хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, како темелни вредности на уставниот предок.

Со оглед дека остварувањето на правата од областа на пензиското и инвалидското осигурување се од егзистенцијално значење за граѓаните, логично е дека тие треба да се остваруваат брзо, ефикасно и без одолжување.

Меѓутоа и во извештајната година граѓаните најмногу се жалеа на повреда на правата поради **неоправдано одолжување на постапката и непочитување на законските рокови** за одлучување, кој проблем е особено изразен во второстепената постапка при одлучување по поднесена жалба.

Карактеристично е да се спомене дека на почетокот на годината немаше драстично одолжување на постапката пред надлежната второстепена владина комисија, меѓутоа во втората половина на годината овој проблем повторно стана актуелен затоа што подолг период не се одлучуваше по поднесените жалби или се подготвуваат нацрт – решенија кои чекаат за потпис повеќе месеци. Заради забрзување на постапките Народниот правобранител постојано интервенираше со непосредни увиди и писмени укажувања, констатирајќи притоа повреда на правата на граѓаните со неоправдано одолжување на постапката.




Она што е карактеристично е дека за разлика од претходните извештајни периоди се зголеми бројот на претставките кои се однесуваа на повреда на правата на граѓаните при остварувањето на **правото на старосна пензија,** затоа што граѓаните тешко го остваруваа ова право поради долготрајното и неефикасно постапување на надлежните органи. Поголем број од граѓаните изразуваа незадоволство од првостепеното решение затоа што сметаа дека неосновано не го оствариле правото на пензија или им била утврдена несоодветна висина на пензискиот износ. Една од причините за неможноста да се оствари правото на старосна пензија беше невнесување на пензискиот стаж во матичната евиденција на Фондот по дополнително платени придонеси за пензиското и инвалидското осигурување врз основа на правосилни пресуди, а неисплатена камата, за што по интервенции на Народниот правобранител граѓаните го остваруваа правото доколку со дополнително внесениот стаж ги исполнуваа законските услови.

Пречка за остварување на правото на старосна пензија се и **погрешно внесените или невнесените податоци** во матичната евиденција на Фондот, ненавременото доставување податоци од работодавците или ненавременото плаќање на придонесот.

Во поглед на проблемот со наплатата на придонесите, Народниот правобранител инсистираше Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да ги преземе со закон предвидените мерки за наплата на придонесот, за да се обезбеди остварување на правата на осигурениците, по што Фондот преземаше соодветни мерки и граѓаните ги остваруваа правата.

Бројот на претставките кои се однесуваа на остварување на правото на пензија (најмногу с**таросна**, а мал број **семејна**) врз основа на меѓународни и билатерални договори, беше значително зголемен за разлика од претходниот период.

Осигурениците тешко го остваруваа правото на **пензија со странски елемент,** односно **сразмерниот дел** на пензијата или повторното пензионирање. Во сите овие случаи Народниот правобранител интервенираше Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да преземе мерки за забрзување на постапката пред надлежните странски органи, што Фондот редовно и го правеше.

За остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување во пора-

нешните републики на поранешна Југославија, соработката на Народниот правобранител со омбудсман институциите во тие републики во оваа извештајна година беше зголемена и честа, што резултираше со успешно завршени предмети. Меѓутоа за дел од подносителите проблемот се уште не е надминат, поради што се продолжува со натамошни интервенции. Воедно, дел од подносителите со странски стаж, кои со стажот остварен во Република Македонија исполнуваа услови за пензија, по интервенциите на Народниот правобранител го оствари правото на пензија, односно беа донесени привремени решенија кои по потврдувањето на странскиот стаж ќе претрпат измени.

Бројот на граѓаните кои се жалеа на неможноста да го остварат **правото на инвалидска пензија исто така беше зголемен**, при што граѓаните најчесто го изразуваа своето незадоволство од добиените наоди кои не одговараат на нивната здравствена состојба и работна способност или затоа што не го исполнуваат другиот законски услов во однос на пензискиот стаж.

Народниот правобранител, иако не е стручен и надлежен да ги укинува и изменува стручните наоди и мислења, сепак по секоја поднесена претставка интервенираше до надлежните комисии и до Фондот и бараше реално да се утврди фактичката состојба и да се донесе соодветен објективен акт.

Воедно, Народниот правобранител го информираше Фондот и за наводите на граѓаните за барањето поткуп од службените лица во Фондот кога станува збор за инвалидска пензија, но бидејќи немаше конкретни докази да иницира постапки за одговорност, само укажуваше на наводите во претставките и бараше нивно испитување и преземање соодветни мерки.

Во таа смисла, постапувајќи по претставките на граѓаните за остварување право на инвалидска пензија, Народниот правобранител дојде до сознанија дека е покрената постапка против повеќе членови на комисиите за оценка на работната способност токму поради сомнение за постоење корупција. Со оглед дека поголем број предмети се испитуваа во овие постапки, Народниот правобранител се обрати и до Министерството за внатрешни работи со барање предметите кај кои не се утврдени незаконитости и не е покрената постапка, да се вратат во Фондот заради остварување на правата на граѓаните.



Исто така, граѓаните кои поднеле барања за остварување инвалидска пензија се жалеа и поради одолжување на постапката, особено поради **неблаговремено давање наод и мислење** од комисиите за оценка на работната способност.

Во овој извештаен период се уште актуелен и за жал, нерешен е проблемот на пензионерите со аконтативна пензија чиј пензиски стаж е остварен во поранешна ЈНА, со оглед на тоа што со Договорот за сукцесија, договорните страни не постигнаа согласност за пензиите.

За надминување на наведениот проблем, во неколку наврати беше доставена посебна информација до министерот за труд и социјална политика и до директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување со укажување дека се повредени правата на наведените граѓани и дека е потребно да се преземат мерки за решавање на сите спорни прашања.

Народниот правобранител беше информиран дека за надминување на проблемот, со заклучок на Владата на Република Македонија формирано е Помошно тело за примена на Договорот за сукцесија од областа на пензиското и инвалидското осигурување во рамките на постојниот Комитет за спроведување на Договорот, но и по неколкуте интервенции не

беше добиена информација дали ова тело започна да функционира, со што проблемите на овие граѓани се уште не се надминати.

Во неколку наврати до Народниот правобранител се обратија воени инвалиди поради **доцнење на исплатата на инвалиднината**, па за забрзување на постапката за остварување на наведеното право Народниот правобранител интервенираше до надлежните органи. Со оглед дека во меѓувреме инвалиднината се исплаќаше, постапката се запираше.

Соработката на надлежните органи со Народниот правобранител **не се реализираше на задоволително ниво** и многу ретко се постапуваше благовремено и соодветно од суштински аспект по барањата на Народниот правобранител, со што се попречуваше ефикасното постапување по претставките на граѓаните.

*Одолжувањето на постапките за одлучување по барањата и жалбите го отежнува остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.*

*Поради необјективноста на надлежните комисии и долготрајните постапки се уште тешко се доаѓа до инвалидска пензија.*

*Надлежните органи не секогаш ги преземаа со закон предвидените мерки за наплата на придонесот, со што граѓаните беа попречувани во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.*

*По барањата на граѓаните за остварување на правата од областа на пензиското и инвалидското осигурување и по поднесените жалби да се одлучува во законски предвидените рокови, имајќи го предвид егзистенцијалното значење на овие права за граѓаните.*

*Да се зајакне надзорот врз работата на комисиите за оценка на работната способност заради нивно објективно постапување и елиминирање на појавите на коруптивно однесување.*

*Мерките за наплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување да се преземаат редовно и благовремено за да не се ограничуваат граѓаните во остварувањето на нивните права.*

## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Во областа на здравственото осигурување и заштита, во извештајниот период не е забележана значителна промена на бројот на примените претставки споредено со 2009 година.

Како во претходните и оваа извештајна година најчести проблеми со кои граѓаните се соочуваа при остварувањето на здравствената заштита беше **недоволната ажурност на органите** при постапувањето по нивните барања, особено по поднесени жалби. Особено загрижува фактот дека Министерството за здравство, како второстепен орган кој одлучува по жалби против актите на Фондот за здравствено осигурување, **не постапи скоро по ниту едно барање на Народниот правобранител.**

Со ваквото однесување на Министерството не само што се попречуваа граѓаните во остварувањето и заштита на нивните права, туку и **Народниот правобранител беше попречен** во постапувањето по поднесените претставки. За ваквата состојба Народниот правобранител достави посебна информација до министерот за здравство и до Владата, но и тоа не резултираше со промена на состојбата, односно добивање сознанија дали е постапено по жалбите на граѓаните кои имаат поднесено претставки.




Најголем број од претставките се однесуваа на ограничување на правата од задолжителното здравствено осигурување поради неплатен придонес од поранешен период или по основ кој престанал да постои.

Имено, поради овие причини, граѓаните не беа третирани како осигуреници, иако редовно и благовремено го плаќаа тековно пристигнатиот придонес. Народниот правобранител смета дека ако за осигурено лице редовно и без задоцнување се плаќа тековниот придонес, осигуреникот треба да добива и потврди („сини картони"), а за периодот кога за осигуреникот не се подмирени обврските кон Фондот, постојат други правни механизми за наплата на придонесот.

Меѓутоа и покрај ваквите укажувања, некои осигуреници не добиваа потврди за платениот придонес, иако Фондот за здравствено осигурување врши редовна наплата на придонесот со прибирање средства од граѓаните. Претходно Фондот ги прифаќаше укажувањата на Народниот правобранител и им издаваше потврди на лицата кои редовно го плаќаа тековно пристигнатиот придонес, со што тие можеа да ги користат здравствените услуги како осигуреници. Но во последните години таа практика престана, односно Фондот не издава „сини картони" се додека не се плати заостанатиот придонес.

Карактеристичен е случајот на еден осигуреник кој должеше придонес за околу една година, по кој период во следните пет години редовно го плаќал тековниот придонес, а Фондот не го третираше како осигуреник се додека не го плати претходно заостанатиот придонес. Во овој случај не помогнаа ниту интервенциите и укажувањата на Народниот правобранител.

Со ваков проблем се соочија и вработени преку агенции за привремени вработувања бидејќи Фондот **не им издаваше потврди за платен придонес** и на лицата за кои придонесот беше платен, затоа што за дел од вработените преку овие агенции работодавците не ги платиле придонесите. Ценејќи дека нема законски основ за **колективно ограничување на правата**, со што се ограничуваат и правата на оние лица за кои редовно и без задоцнување се плаќал придонесот, само затоа што дел од работодавците не ги плаќале придонесите, Народниот правобранител интервенираше до надлежните органи, но проблемот се уште не е надминат, иако според добиениот одговор се очекува негово решавање во најскоро време.

Важно е да се нагласи дека иако со измените и дополнувањата на Законот за здравственото осигурување, се предвиде можност сите граѓани на Републиката

да бидат здравствено осигурени, се уште има граѓани кои фактички не можат да го остварат ова право, иако формално-правно се третираат како осигуреници. Станува збор за граѓани кои формално имаат статус на осигурени лица како вработени или како членови на семејство на вработено лице, но поради неисплатени плати и придонеси подолг период, правата ги остваруваат како неосигурани лица затоа што не добиваат „сини картони", а доколку придонесот се плати дополнително и им се издадат сините картони тие повторно не можат да ги користат услугите како осигуреници затоа што рокот на сините картони изминал.

Остварувањето на правото на **рефундирање средства** за лекови или медицински помагала, што граѓаните ги набавиле со лични средства иако паѓаат на товар на Фондот и требало да ги обезбедат здравствените установи особено при болничко лекување, се уште **се одвива со потешкотии.**

Се уште во болниците или аптеките има случаи на недостиг од лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот или недостиг од медицински помагала, поради што граѓаните се принудени сами да ги набавуваат со сопствени средства. По поднесувањето барање за рефундирање на средствата граѓаните се судруваа и со проблеми поради долготрајност на постапката или поради рефундирање помал износ од оној што го платиле, поради разликата во референтната цена што ја признава Фондот и цената што граѓаните ја платиле. Но имаше и случаи кога по интервенции на Народниот правобранител се забрзуваше постапката и на осигурениците им се исплаќаа направените трошоци.



Практиката не е променета и во поглед на **непризнавањето на трошоците** за основните здравствени услуги што се опфатени со задолжителното здравствено осигурување затоа што се извршени во здравствени установи со кои Фондот нема склучено договор, иако Уставниот суд на Република Македонија двапати, а еднаш и по иницијатива на Народниот правобранител, ги укина одредбите што го ограничуваа правото на избор во кои здравствени установи ќе се лекуваат граѓаните. За ова прашање се донесени пресуди и од Управниот суд кој им укажува на надлежните органи дека треба да го признаваат правото на надомест на трошоците и за здравствени услуги добиени во здравствени установи со кои Фондот нема склучено договор.

До Народниот правобранител се поднесени и претставки за **признавање на трошоците за лекување во странство.** Во најголем број случаи стануваше збор за интервенции во странство без донесено решение затоа што, според подносителите, станувало збор за итни и неодложни интервенции, кои морало да се направат заради заштита на здравјето и животот. Во таквите случаи Народниот правобранител реагираше да се утврди дали интервенциите навистина биле итни, затоа што во таков случај има основ за признавање на трошоците за извршеното лекување во странство.

Народниот правобранител интервенираше и во случаи на **наплаќање партиципација на лица кои според закон се ослободени од плаќање** (деца со посебни потреби, лица со одредени тешки заболувања), а достави и посебна информација до министерот за здравство и до Владата на Република Македонија.

Во поглед на обезбедувањето редовна здравствена заштита на лица болни од тешки заболувања за кои е неопходно редовно примање терапија на клиниките, Народниот правобранител констатира дека недостигаат лекови за сите пациенти кои имаат потреба од таква терапија, со што тие лица се ставени во **нееднаква положба.**

Посебен проблем беше констатиран во обезбедувањето гинеколошка здравствена

заштита на повеќе од илјада жени, припаднички на **ромската популација** од општината Шуто Оризари, кои во реонот немаат гинеколошка ординација. Народниот правобранител повеќепати интервенираше до надлежните институции да се преземат соодветни мерки, да се предвидат одредени погодности и да се стимулираат лекарите да се отвори гинеколошка ординација во оваа општина за да можат жените од оваа општина да имаат подобар и полесен пристап до неопходните услуги. Министерството за здравство во врска со овој проблем информираше дека иако повеќепати бил објавуван конкурс за доделување концесија за отворање ваква ординација, на конкурсите не се јавил никој, поради што овој проблем не беше надминат.



Во поглед на признавањето на правото на надоместок на плата поради бременост, раѓање и мајчинство констатирано е **одолжување на постапките**, погрешно пресметување на надоместокот или негово неисплаќање поради неплатен придонес. Во случаите кои се однесуваа на признавање несоодветен износ на надоместокот спротивно на законската регулатива, по многубројни интервенции на Народниот правобранител, правото беше остварено. Во случаите кога не беше исплатен надоместокот поради неплатен придонес, истиот надоместок се исплаќаше по плаќањето на придонесот.

За извештајниот период треба да се потенцира и фактот дека невработените мајки кои имаа право на надоместок за секое живо родено дете предвидено со Законот за здравственото осигурување, не го остварија ова право поради тоа што не беше донесена програма од страна на Владата и не беа предвидени средства во Буџетот за оваа намена. Дополнително ова законско право се укина, така што и мајките кои имаа решенија дека треба да им се исплати овој надоместок, не го остварија правото и покрај тоа што Народниот правобранител достави посебна информација до Владата на Република Македонија.

Во поглед на законското овластување за следење на состојбите со почитувањето и заштитата на правата на граѓаните лишени од слобода сместени во психијатриски установи, **беа посетени сите психијатриски болници**, по што остана констатацијата дека постоечките услови **не можат да обезбедат достоинствен и хуман престој.** Третманот исто така претставува прашање за кое Народниот правобранител постојано укажува дека не може да биде соодветен бидејќи установите од ваков вид не само што се соочуваат со недостаток од персонал, туку и дека постоечкиот персонал ја нема потребната едукација, професионалност ниту пак, способност да може да одговори на потребите на лицата со нарушено ментално здравје.

*Граѓаните се уште со тешкотии остваруваат благовремена и квалитетна здравствена заштита и покрај преземените реформски мерки за полесна достапност до здравствените услуги.*

*Поради неплатени придонеси и непризнат статус на осигуреник, здравствената заштита е недостапна за сите граѓани.*

*Отсуствуваше втора инстанца по предметите од здравственото осигурување бидејќи Министерството за здравство не постапуваше по поднесените жалби.*

*Граѓаните беа принудени со сопствени средства да ги набавуваат лековите и помагалата кои всушност се на товар на Фондот, а потоа во долготрајни постапки и со потешкотии се обидуваа средствата да им се рефундираат.*

*Реформите во здравството да создадат реални услови граѓаните полесно и без пречки да доаѓаат до потребна, благовремена и квалитетна здравствена заштита.*

*Да се преземат мерки за надминување на реалните проблеми на граѓаните во остварувањето на здравствената заштита.*

*На граѓаните да им се овозможи загарантираното право на жалба.*

*Граѓаните да не бидат принудувани со сопствени средства да набавуваат лекови и помагала за да не се изложуваат на натамошни постапки за рефундирање на средствата.*

## ПРАВА НА ДЕЦАТА

Следењето на состојбите со остварувањето, почитувањето и заштитата на правата на детето покажува дека се уште **не постои соодветно ниво во разбирањето и реализирањето на овие права** ниту пак, соодветен систем на превенција и заштита, како и едуцираност на децата и возрасните за посебните детски права и обврски.

Ова е поткрепено со фактот дека се уште недостасува самоиницијативност кај децата да побараат заштита на нивните права од Народниот правобранител, иако поплаките доставени од други во нивно име укажуваат на повреди на правата и злоупотреби на децата.

Анализата на бројот на претставките од оваа област исто така покажува дека како и во претходните години, правото на детето да **одржува лични односи и непосредни контакти** со родителот со кого не живее, се уште е најчест проблем и за жал, такви претставки и понатаму беа доставувани само од родителите или заинтересираните роднини.




Во тој контекст, Народниот правобранител постојано ја потенцираше важноста од континуирано следење на односите во семејството како превенција, односно спречување на појавите што директно ги загрозуваат правата на детето.

Ова особено во насока на постапувањето на центрите за социјална работа кои

пред да донесат одлука и да преземат други мерки, секогаш треба да се раководат пред се од **најдобриот интерес на детето** и да го почитуваат неговото мислење, зависно од неговата возраст и зрелост.

Народниот правобранител укажуваше на значењето и улогата на стручниот надзор, односно следење на вршењето на родителското право од страна на центрите за социјална работа и по службена должност, а не само по нечие барање.

Имено, преовладува констатацијата дека центрите се уште многу малку преземаат мерки по службена должност и најчесто реагираат по нечие барање, а преземаат дејствија и активности откако ќе настане проблемот. Поради тоа, проблемите стануваат долгогодишни и тешко решливи, а пред се **негативно се одразуваат на психофизичкиот развој на детето**. Од тие причини Народниот правобранител им укажуваше на центрите за социјална работи почесто да даваат советодавна, стручна и друга помош на семејствата заради остварување заштитна, воспитна и репродуктивна функција и да го поттикнуваат значењето на улогата на двајцата родители во правилниот развој на детето.



Исто така, иако со Законот е предвидена можност центрите за социјална работа при вршењето надзор над родителското право да ги упатат родителите сами или заедно со детето да посетат соодветно советувалиште или друга здравствена, социјална или воспитна установа која може да им даде совет, во практичното постапување Народниот правобранител констатира дека оваа можност центрите многу ретко ја применуваат. Причината за тоа се финансиските средства кои паѓаат на товар на центарот што ги упатува лицата на третман, но и немањето доволно соодветни советувалишта и установи за оваа намена. Поради тоа многу често родителите, а со нив и децата, само се информираат за потребата за посетување советувалиште и се оставаат самостојно да одлучат дали ќе побараат стручна помош и третман. Посебен проблем во непреченото остварување на правото на детето да одржува контакти со родителот со кого не живее е и **извршувањето на решенијата** со кои се уредува динамиката на тие контакти. Ретко се преземаат законските мерки спрема родителот кој го попречува одржувањето на контактите на детето со другиот родител, со образложение на центрите дека на тој начин децата се штитат од трауми и негативни последици. Меѓутоа подолготрајното одвојување на детето од едниот родител честопати негативно влијае врз детето и резултира со отпор кон контактите со родителот со кого детето не живее по што контактите многу тешко се ревоспоставуваат. За сите проблеми со кои се соочуваат децата, но и родителите во остварувањето на правото на детето за одржување лични контакти, беше доставена и посебна информација до **министерот за труд и социјална политика**.

Во поголемиот број случаи по кои постапуваше, Народниот правобранител успеа да се воспостави комуникација и контакт меѓу детето и родителот со кого детето не живее, но не изостанаа и случаи за кои поради ненавремена превенција не можеше да се обезбеди непречено и квалитетно остварување на ова право на детето. Ова покажува дека треба уште многу да се работи на планот на создавање здраво семејство и одговорно родителство.

Извештајниот период го одбележаа и појави на **насилство и злоупотреба на децата,** за што Народниот правобранител покрај по доставените поплаки интервенираше и по сопствена иницијатива. Децата за жал и натаму се предмет на физичко, психичко, па и сексуално малтретирање, како во рамките на семејството така и во училиштата.

Иако во најголемиот број случаи се преземаа мерки спрема сторителите, сепак загрижува фактот што училиштата не секогаш самоиницијативно преземаа мерки за испитување на случајот и мерки спрема сторителот, туку тоа го правеа по укажувања и интервенции на Народниот правобранител.

Поради тоа, за таквите случаи Народниот правобранител често ги информираше и надлежните просветни инспекциски органи, потенцирајќи ја потребата за почести контроли во училиштата заради превентивна заштита на децата, но и за преземање мерки спрема лицата во училиштата кои ги прикриваат ваквите појави и со тоа сторителите остануваат неказнети.



Еден од факторите за заштита и самозаштита на децата од секаков вид насилство и злоупотреби е соодветното познавање на детските права и обврски, како од страна на децата така и од страна на наставниот кадар, но и од родителите. За утврдување на состојбата со информираноста на децата за нивните права и обврски и колку тие права се почитуваат во училиштата, особено дали децата умеат да распознаат евентуални повреди на нивните права, Народниот правобранител посети повеќе основни и средни училишта.

Од овие посети, на кои се презентираат правата и обврските на децата и начините и можностите за заштита пред Народниот правобранител и пред другите органи и институции, може да се заклучи дека децата начелно се информирани за постоење права и обврски, но многу ретко можат да објаснат како разбираат определено право и како и каде може да се обратат во случај на повреда или непочитување на некое нивно право.

Ова укажува на потребата за почесто промовирање на правата и обврските на децата и третирање на децата како субјекти со посебни права, интереси и обврски, а за тоа, покрај другото, потребни се и редовни обуки на наставниот кадар.

Констатирани се и зачестени случаи на **семејно насилство и сексуално злоставување** деца од страна на родители или други лица кои живеат во семејна заедница. Она што е карактеристично за овој вид насилство е што ретко кога децата пријавуваат вакви случаи затоа што не се свесни дека станува збор за повреда на нивните права и за нивна злоупотреба или пак, се плашат и се срамат да ги пријават ваквите појави во институциите кои треба да преземат мерки.

Во практичното работење Народниот правобранител утврди дека децата многу ретко се информирани што е сексуално злоставување, а не ретко тоа е случај и со родителите кои не се информирани за показателите на сексуално злоставувано дете и скоро никогаш не му објаснуваат на детето како да постапи кога би се соочило со злоставувач.

Поради тоа, Народниот правобранител смета дека не е важно само казнувањето на сторителите, туку и навремената реакција и соодветната заштита на децата од страна на надлежните институции, со цел да се спречат далекусежните последици врз децата, кои како објект на напад се најчесто до 14-годишна возраст.

За случај на сексуална злоупотреба на три деца од нивниот родител, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива и меѓу другото, препорача децата соодветно да бидат згрижени и заштитени од какви било натамошни злоупотреби и влијанија од родителите, да се преземат мерки за психо-социјална поддршка, третман и рехабилитација на децата за надминување на траумите, како и мерки спрема родителите согласно Законот за семејството. Укажувањата беа прифатени и на едниот

родител му беше одземено родителското право, а другиот кој и самиот бил жртва на семејно насилство, беше упатен на стручна помош.

**Трговијата со деца** во извештајната година беше предмет на истражување на Народниот правобранител за чии цели беа побарани информации од: Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и од сите центри за социјална работа во однос на евидентирани деца жртви на трговија и за мерките што овие органи ги преземаат за помош и заштита на оваа категорија деца.

Од добиените податоци и информации е констатирано дека најголемиот број евидентирани деца жртви на трговија внатре во државата се од женски пол на возраст од 14 до 16 години, а се евидентирани и деца од Македонија како жртви на трговија надвор од земјата. Најголем број од евидентираните деца жртви се државјани на Република Македонија, а помал број се странски државјани. Во однос на постапувањето на центрите, покрај другото, констатирано е дека немаат разработен и воспоставен соодветен систем за информирање и запознавање на децата жртви со нивните права и дека тие деца ретко активно учествуваат во спроведувањето на индивидуалните планови за работа, односно не им се дава можност да го изнесат нивното мислење во врска со мерките и одлуките што се донесуваат за нивна заштита и помош. Исто така, на сите деца жртви не им се поставува старател и нема обучени посебни старатели за работа со деца жртви на трговија, туку за старатели се поставуваат обучени службени лица од центрите.

И покрај законската обврска, центрите за социјална работа не донесуваат решение за надзор над вршењето на родителското право кога е евидентирано дете жртва на трговија ниту донесуваат решение за постојан надзор кога детето жртва на трговија со луѓе се вратило во семејството, а ако детето остане или се врати во своето семејство центарот не секогаш работи со семејството и дава соодветна стручна помош. Оттука, по враќањето во семејството **детето е препуштено само на себе** без натамошна заштита од страна на центрите за социјална работа, што укажува дека центрите не се доволно инволвирани во реинтеграцијата на детето жртва, иако е неопходно состојбата да се следи континуирано.




Прифаќањето и сметувањето на децата жртви на трговија, се уште не се врши во доволно сигурни и соодветни прифатилишта, од-носно не постои државен центар за сместување, па тоа го врши невладина организација на која не и се обезбедуваат средства од страна на државата. Исто така, **не постои посебен центар само за деца жртви на трговија**, па така децата се сместуваат заедно со возрасните и нема прифатилишта за деца под 12 години ниту центар за сместување машки деца жртви на трговија со луѓе, а мерки за рехабилитација и ресоцијализација на децата жртви сосема отсуствува.

За заклучоците од истражувањето, Народниот правобранител достави повеќе препораки до надлежните органи при што особено укажа на потребата за доследно спроведување на законски предвидените мерки за превенција и заштита на децата од оваа негативна појава, но и заштита на децата кои станале жртви на трговија.

Во таа насока беше укажано на потребата за посебна едукација на децата за појавата на трговија со деца и за нејзините разни форми и можните начини на вовлекување на децата, проактивна улога на сите надлежни институции во преземањето

на превентивните мерки за заштита на децата во ризик кои би можеле да станат жртви на трговија.

И во овој извештаен период Народниот правобранител констатира дека во некои општини се уште има проблеми со обезбедувањето **бесплатен превоз за децата** од основните и средните училишта согласно законски предвидените услови, за што ја информира и Владата на Република Македонија. За дел од претставките, по интервенции на Народниот правобранител проблемите беа надминати.

Со проблем за покривање на трошоците за превоз се соочија и придружниците на **децата со посебни потреби**, за кои во наодот и мислењето за видот и степенот на попреченост во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издаден од Заводот за ментално здравје, согласно категоризацијата на детето, е наведено дека детето има потреба од придружник со регулиран превоз при патување од домот до училиштето и обратно. Следејќи го случајот кој засегаше поголем број деца со посебни потреби, односно придружниците на овие деца, Народниот правобранител утврди дека поради недостиг од финансиски средства за покривање на трошоците за превоз општината не беше во можност да ги покрие овие трошоци.



Укажувајќи им на училиштето и на општината на законската обврска за обезбедување превоз на учениците и покривање на трошоците за придружникот, Народниот правобранител побара да се постапи согласно Законот, по што училиштето и општината презедоа мерки за надминување на овој проблем.

Во врска со правото на образование на децата Народниот правобранител и оваа година интервенираше по претставки за **остварување на правото на образование на мајчин јазик** во основните училишта на начин што укажуваше на потребата за создавање услови за непречено остварување на ова уставно загарантирано право. Меѓутоа и по неколкуте интервенции во неколку основни училишта проблемот се уште не е надминат, за што е доставена посебна информација до министерот за образование и наука, од каде се уште се очекува одговор и преземање соодветни мерки.

Следејќи ја состојбата со остварувањето на правата на децата со посебни потреби, поточно остварувањето на правото на здравствена заштита Народниот правобранител интервенираше и во однос на проблемите на децата со оштетен слух кои Фондот за здравствено осигурување ги задолжил да платат 20% партиципација за лекување во странство иако, според Законот, децата со посебни потреби се ослободени од плаќање партиципација. Народниот правобранител интервенираше до Фондот за здравствено осигурување и до Министерството за здравство со барање да се испита случајот и да се преземат мерки за заштита на правата на децата, како во поглед на незаконски наплатеното учество, така и за надминување на проблемот во врска со лекувањето на децата на кои им е потребна медицинска интервенција, односно вградување слушен инплант.

Со оглед дека решенијата со кои било одобрено лекување во странство станале конечни затоа што родителите не поднеле жалби, Фондот оцени дека нема законски основ за враќање на незаконски наплатените средства, а Министерството за здравство се уште не достави одговор по препораката и дополнителните ургенции на Народниот правобранител, поради што беше доставена посебна информација до министерот за здравство.

Народниот правобранител констатира дека оваа категорија деца се уште се соочуваат со проблеми поради ненавремено лекување затоа што подолг временски период чекаат за интервенција во здравствените установи во Републиката, а притоа не

им се дава одобрение за лекување во странство.

Во врска со правата на децата со посебни потреби по извештајот на ЕКРИ и забелешките дека во државата **голем број деца особено од ромската заедница учат во специјални училишта за деца со посебни потреби, иако не се со таква категоризација,** Народниот правобранител ги посети основните и средните специјални училишта.

Од добиените податоци е утврдено дека иако има вклучено деца со посебни потреби од повеќе етнички заедници, најголемиот број деца сепак се од **ромската етничка заедница.** Иако од увидите е утврдено дека во основните и средните училишта нема запишано деца без претходно издаден наод и мислење од стручен тим кој врши категоризација на детето, беше констатирано дека вакви наоди сепак се издаваат од различни установи, а во Скопје во последно време овие наоди ги издава Заводот за ментално здравје. Покрај позитивните резултати од образованието на децата со посебни потреби во овие училишта, констатирано е дека на дел од децата образованието им се отежнува или не го завршуваат до крај поради недостиг од добра и соодветна соработка со нивните родители, а во одделни случаи пречка за добра соработка е ниското образовно ниво на родителите и нивната неповолна материјална состојба, како и **неангажираноста на центрите за социјална работа.**

Во врска со ова Народниот правобранител препорача надлежните органи да преземат мерки за навремено откривање и евидентирање на децата со посебни потреби и изнаоѓање начини за воспоставување редовна соработка меѓу училиштата и родителите заради постигнување подобри резултати во образованието, а особено за негово завршување. Воедно, предложено е да се едуцираат родителите за работа со децата со посебни потреби. Заради спречување евентуални пропусти и злоупотреби во издавањето на наодот и мислењето за попреченоста на децата, Народниот правобранител препорача да се утврдат органите и институциите кои ќе бидат овластени да издаваат таков наод и мислење и да се предвиди можност за формирање комисија која во повисока инстанца би ги разгледувала издадените првостепени наоди.

Евидентен беше и проблемот во однос на остварувањето на правото на **родителски додаток за дете и правото на детски додаток.** Народниот правобранител констатира дека родителите од објективни или од субјективни од причини го пропуштиле рокот за поднесување барање за остварување на правото на родителски додаток поради што не успеваа да го остварат ова право, а рокот за поднесување барање е до навршени три месеци живот на детето. Овој проблем особено беше изразен по извршените измени и дополнувања на законската регулатива за признавање на ова право на територијата на цела Република.

Имено, со извршените измени на Законот рокот за поднесување на барањето остана три месеци по раѓањето на детето. Поради тоа, центрите за социјална работа не им го признаваа ова право на мајките кои барањето го поднеле по влегувањето во сила на измените на Законот затоа што веќе беа изминати три месеци од раѓањето на детето, а Министерството за труд и социјална политика и покрај укажувањето на Народниот правобранител дека дел од мајките не по нивна вина се ставени во понеповолна состојба, ги одбиваше жалбите како неосновани.

*Статусот на детето во правниот систем се уште не овозможува негово соодветно третирање како носител на посебни права.*

*Недостасуваат соодветни нормативни и практични решенија за вклучување на децата во донесувањето одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси.*

*Недостасува соодветна едукација на децата која би овозможила адекватно оспособување на децата за препознавање на нивните права и обврски, како и повредите на тие права.*

*Недостасува реална превенција и заштита на децата од секаков вид насилство и трговија со луѓе.*

*Преземање мерки за доследно усогласување на законската регулатива за правата на детето со меѓународните акти, како и вклучување на децата во донесувањето одлуки што се однесуваат на нивните права, во зависност од нивната возраст и зрелост.*

*Во процесот на образованието да се вклучат соодветни наставни содржини кои ќе овозможат оспособување на децата со знаења за нивните права.*

*Да се воспостави ефективен систем на превенција и заштита на децата од секаков вид насилство и злоупотреби.*

*При одлучувањата за правата на децата институциите да посветуваат особено внимание на најдобриот интерес на детето.*

## ОБРАЗОВАНИЕ

Поплаките на граѓаните во врска со остварувањето на правата од областа на образованието, особено во високообразовните установи и во 2010 година се однесуваа за истите проблеми како и претходно. Студентите се жалеа на постапката за доделување студентски стипендии и кредити, но за разлика од претходната година во овој извештаен период се донесуваше формално решение по барањата на студентите, со што им се даваше можност за евентуална натамошна заштита на правата. Меѓутоа и покрај што формалните пропусти се отстранети, студентите сепак, имаа проблеми со остварувањето на ова право поради одолжувањето на постапката за исплата на стипендиите и кредитите.



Иако бројот на претставки што се однесуваа на остварување права на студенти во високообразовните установи не е многу голем, постапувањето по нив доведе до заклучок дека проблемите за кои се бараше интервенција од Народниот правобранител всушност се однесуваа на поголем број граѓани, односно студенти.

Таков беше случајот со студентите од Универзитетот „Свети Климент Охридски" во Битола кои се пожалија дека на вебстраницата на која се објавувале конечните резултати од оценувањето на студентите, покрај бројот на индексот **бил истакнат и единствениот матичен број** на секој студент, што е личен податок кој треба да биде заштитен под законски предвидени услови.

Оценувајќи дека со објавувањето на матичниот број се повредуваат правата на студентите, покрај интервенциите до Универзитетот, Народниот правобранител за случајот ја информира Дирекцијата за заштита на личните податоци која го прифати ваквиот став и оцени дека се постапува спротивно на Законот и на Универзитетот му наложи да не го објавува матичниот број на студентите затоа што тоа е **прекршок за кој е предвидена парична казна.** Интервенциите и укажувањето беа прифатени.




Проблем кој се однесуваше на поголема група граѓани беше неможноста лицата кои завршиле **високо образование со 180 ЕКТС кредити** да се вработуваат во органите на државната управа, како резултат на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Народниот правобранител и во 2009 година го констатира овој проблем за што интервенираше до ресорните министерства и до Владата на Република Македонија, но со оглед на тоа што проблемот не беше надминат и во 2010 година достави посебна информација до Владата и до ресорните министерства. Притоа беше укажано дека лицата кои го завршиле првиот циклус студии со освоени 180 кредити според Болоњскиот кредит трансфер систем и се стекнале со назив дипломиран во соодветната струка, не можат да се вработат во органите на државната управа. Ценејќи дека овие лица се **ставени во неповолна состојба**, Народниот правобранител побара Владата на Република Македонија да го разгледа овој проблем и да преземе соодветни мерки со цел на лицата што завршуваат прв циклус универзитетски студии со 180 ЕКТС кредити да им се даде можност да се вработуваат на одредени стручни работни места, како и лицата со завршен прв циклус универзитетски студии со стекнати 240 ЕКТС кредити и лицата со 7/1 степен образование.

По интервенциите, кон крајот на 2010 година беа извршени измени и дополнувања на Законот за државните службеници, со кои лицата со стекнати 180 ЕКТС кредити **добија можност да се вработуваат** на соодветни работни места во државната управа и да се стекнуваат со соодветни звања во групата на стручни државни службеници.

Заштита на правата од областа на високото образование побараа и припадници на безбедносните сили затоа што при упис на високообразовните институции во последипломски студии беа задолжувани да плаќаат партиципација. Тие сметаа дека треба да бидат ослободени од партиципација согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Народниот правобранител утврди дека во одредбите на овој закон е утврдено правото на упис во високообразовна установа без плаќање партиципација, без да се прецизира дали ова право припадниците на безбедносните сили под условите од овој закон, можат да го остваруваат само во државните високообразовни установи или и во приватните, како и дека недоволно јасно е дали под наведените услови студентите

припадници на безбедносните сили можат да се запишуваат на сите циклуси на високото образование, односно дали ова право можат да го имаат и при запишувањето на втор и трет циклус (последипломски и докторски студии) или само за првиот циклус.



Во поглед на редовна, квалитетна и содржајна соработка, за жал, и во оваа извештајна година соработката со Министерството за образование и наука **остана незадоволителна** како во однос на неблаговремено постапување по барањата на Народниот правобранител, така и во однос на доставување задоцнети и нецелосни (несоодветни) одговори, што доведува до отежнато постапување и влијае врз ефикасното и законито остварување на правата на граѓаните.

*Се уште со потешкотии се остваруваат правата во образовниот систем, особено во високото образование, поради неажурноста во одлучувањето на надлежните органи.*

*Загрижува нивото на соработка на Министерството за образование и наука со Народниот правобранител.*

*Навремено и објективно постапување на надлежните органи по однос на правата во образованието, а особено правата на студентите.*

*Министерството за образование и наука со поголема сериозност да постапува по интервенциите на Народниот правобранител.*

## ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА

Анализата на извештајниот период покажа дека **трендот на зголемување** на бројот на претставките од областа на потрошувачките права и **понатаму продолжува.**

Заради поефикасна и поквалитетна заштита на правата на граѓаните како потрошувачи, Народниот правобранител покрај писмената комуникација со јавните претпријатија и организации, про-должи да спроведува и непосредни увиди и директни контакти со службените лица заради правилно утврдување на фактичката состојба и изнаоѓање реше-ние за остварување на правата на потро-шувачите.

Најголемиот број претставки со кои се бараше заштита на правата на граѓаните како потрошувачи, се однесуваа на **потрошувачката на електрична енергија**, но исто така не беше мал бројот и на претставките што се однесуваа на снабдувањето со топлинска енергија и телефонски услуги, како и за услугите на јавните комунални претпријатија, особено за снабдувањето со вода и одведување урбани отпадни материи.

Со оглед на тоа што во извештајниот период „ЕВН" започна да работи со нов систем за следење на состојбите на **сметките за потрошена електрична енергија** во кои покрај главниот долг се внесува и заостанат долг без притоа да се наведе за кој период долгот се однесува, бројот на претставки доставени до Народниот правобранител **драстично се зголеми**.




Фактот дека во сметките недостасува податок за периодот за кој се однесува заостанатиот долг е многу важен бидејќи според Законот за облигационите односи, надоместокот за електрична енергија застарува за една година по што не може да се бара присилна наплата на долгот доколку благовремено не е покрената постапка.

Во врска со овој проблем, Народниот правобранител изврши неколку увиди и средби со одговорните лица во „ЕВН Македонија" АД – Скопје, при што, меѓу другото, беше укажано да се извршат промени во системот и во самите сметки, со цел граѓаните да не бидат доведени во забуна со што се создава правна несигурност. Во таа смисла Народниот правобранител препорача во делот на заостанатиот долг **да се прецизира износот на тековните неплатени сметки**, износот на тужените неплатени сметки заедно со судскиот број на тужбата и износот на каматата за задоцнетото плаќање. Воедно укажа дека заостанатиот долг за кој не е благовремено поднесена тужба е застарен и не треба да се евидентира и **нема законски основ за присилна наплата** поради што не треба да се преземаат мерки за присилба против потрошувачите.

Што се однесува до заедничката потрошувачка на електрична енергија во стан-бените згради која, според Законот за домување, се евидентира како долг на заедница на станари, беше забележано дека се јавуваат тешкотии при прибирањето на средствата од станарите поради што од „ЕВН" беше побарано да направи напори за надминување на можните проблеми. Со оглед дека за тоа треба да се согласат и сите станари проблемот се уште не е надминат.

Имајќи ги предвид сознанијата дека службените лица на „ЕВН" без присуство на корисниците вршат читање на броилата, нивна промена и други интервенции, а особено кога станува збор за утврдување неовластено користење електрична енергија, Народниот правобранител укажувајќи на недозволеноста на ваквата практика побара каква било интервенција во иднина да се врши во присуство на корисниците.

Народниот правобранител интервенираше и за наплатата на заостанатите тековни или тужени долгови затоа што различно се постапуваше со потрошувачите кои долговите ги плаќаа за време на кампањата на „ЕВН" и потрошувачите кои заостанатите долгови ги платиле пред или по завршувањето на кампањата. Во врска со ова поднесени се голем број претставки пред се од потрошувачи кои заостанатиот долг го платиле вон периодот на кампањите бидејќи од нив се барало да ја платат и каматата, која често е повисока и од самиот долг, со што се ставени во **понеповолна состојба** во однос на

потрошувачите кои за време на кампањите долгот го плаќаа на рати и се ослободени од плаќање камата.

Имајќи го предвид фактот дека за време на кампањите за наплата на тековните или тужените долгови корисниците се ослободуваат од камата за задоцнето плаќање, пред Народниот правобранител се постави прашањето: Дали е правично оние кои го платиле долгот пред започнување на кампањите да се задолжуваат и со камата, а потрошувачите кои долговите ги плаќаат за време на кампањите да се ослободуваат од камата за задоцнето плаќање?

Со оглед дека бројот на претставките во врска со ова **секојдневно се зголемуваше,** Народниот правобранител побара да се изнајдат соодветни решенија кои би биле во интерес на корисниците и на „ЕВН". Реакцијата на „ЕВН" беше дека не може да се ослободат од плаќање камата потрошувачите кои заостанатиот долг го платиле пред или по завршувањето на кампањите, но дека е покрената иницијатива за решавање на ова прашање.



Кога зборуваме за проблемите кои се однесуваат на потрошувачката на електричната енергија, треба да ги спомeнеме и честите поплаки на граѓаните кои се однесуваа на исклучувања од електродистрибутивната мрежа и задолжувањето со високи износи, наводно поради **неовластено користење** електрична енергија или неовластено приклучување.

И покрај доставените укажувања и информации за несоодветно постапување при утврдување неовластено користење електрична енергија, од претставките, но и од одговори добиени од „ЕВН" може да се заклучи дека **продолжи практиката** екипите на "ЕВН" најчесто **без присуство на сопствениците** т.е. корисниците, еднострано да утврдуваат **неовластено користење електрична енергија**, а граѓаните немаа можност да докажуваат дека не се работи за кражба, иако согласно прописите за користење електрична енергија, за корисникот на објектот кој е откриен дека неовластено е приклучен на дистрибутивната мрежа, дистрибутерот е должен да покрене постапка пред надлежен орган. Меѓутоа беше констатирано дека вакви постапки најчесто не се покренуваат.

Во врска со работата на **друштвата кои вршат снабдување со топлинска енергија** и во текот на оваа извештајна година беа доставени мал број претставки кои главно се однесуваа на несоодветно затоплување, но и поради висината на авансните сметки за кои од надлежното друштво за снабдување со топлинска енергија беше дадено објаснување дека корисниците кои топлинската енергија ја користат само 6 месеци, сметките ги плаќаат на 12 месечни рати, при што секој месец се доставува авансна сметка, а платениот износ се срав-нува по читањето на мерачот на крајот од годината.

Во претставките поднесени за **услугите на јавните комунални претпријатија што вршат комунална дејност снабдување со вода и одведување урбани отпадни материи,** во извештајниот период граѓаните се жалеа на: високи и нереални сметки за потрошена вода, неисправни водомери, нивно нередовно читање и паушално задолжување. По претставките во кои беше констатирана повреда на правата, интервенциите и препораките на Народниот правобранител во најголема мера беа почитувани, надлежните екипи излегуваа на терен и проблемите се надминуваа, а на потрошувачите кои поради високи сметки не беа во можност да го платат долгот веднаш им се овозможуваше плаќање на повеќе рати.

Во однос на **услугите од фиксните и мобилните телефонски оператори,** како и претходните години, граѓаните најчесто се жалеа на високи сметки или задолжување



со надоместок за разговори што, според подносителите, не биле направени од нивна страна. Дел од подносителите искажуваа незадоволство од работата на одделни оператори особено од мобилната телефонија. Во повеќето такви случаи Народниот правобранител бараше од Агенцијата за електронски комуникации, како надлежен орган за вршење надзор и контрола на работата на овие даватели на услуги, да ги преиспита поплаките на граѓани-те, по што дел од граѓаните ги оствaруваа правата.

Во текот на 2010 година беше забележана и појава граѓаните да добиваат известувања или **тужби за наводно неплатени сметки од пред 5 до 10 и повеќе години,** а сега им се бара присилно извршување. Во постапувањето по таквите претставки беше констатирано дека не секогаш граѓаните се информираат за поднесените тужби за при-силна наплата на евентуален долг, ниту им се доставуваат судските акти за наплата на долгот, туку за тоа дознаваат кога ќе дојде до извршување со присилна наплата или со прекинување на испораката на услугата. Поради ваквата состојба, Народниот правобранител освен до јавните претпријатија се обрати и до претседателот на Основниот суд Скопје 2 и го постави прашањето во однос на тужбите од пред повеќе години - дали се донесени навреме и доколку е така од кои причини неколку години подоцна се бара нивно извршување? Притоа беше истакнато дека граѓаните на кои не само што не им се доставени тужбите и судските одлуки, не само што немаат можност да го користат правото на приговор, туку и не можат да докажат дали ги платиле сметките, а воедно **се изложени да плаќаат и високи трошоци за извршителот.** Во таа смисла Народниот правобранител укажа дека Судот е должен на странките да им достави тужба и судска одлука за да можат да го искористат правото на приговор.

**Монополското однесување** на давателите на јавни услуги беше изразено и во извештајниот период, а тоа беше потврдено и преку покренати постапки од Комисијата за заштита од конкуренција и со донесени судски одлуки со кои е констатирано дека „ЕВН", „Т-Мобиле Македонија" и поранешен „Космофон" ги злоупотребиле доминантните позиции-„ЕВН" со наплата на надоместок надвор од законската регула-тива, а телекомуникациските оператори со наметнување не фер продажни цени со што материјално ги оштетиле корисниците на нивните услуги. Заради заштита на потро-шувачите по поднесени претставки од Организацијата на потрошувачи на Република Македонија, Народниот правобранител покрена постапка и побара овие правни лица да изнајдат начин да ги обесштетат потрошувачите на кои незаконски им наплатувале одреден износ финансиски средства. Постапката по предметите е се уште во тек, иако телекомуникациските оператори одговорија дека имаат објективни пречки да утврдат кои граѓани се оштетени, а од страна на „ЕВН" е доставен одговор дека можноста за решавање на ова прашање ќе се разгледа во интерес на потрошувачите.



Од поднесените претставки и постапувањето на Народниот правобранител произлегува дека граѓаните се повеќе се судруваат со проблеми при остварувањето на

потрошувачките права, со што директно се задира во остварувањето на човековите права. Поради тоа и натаму останува обврската сите надлежни органи и организации да посветат посебно внимание на условите и можностите за користење на производите и услугите од јавен карактер и притоа да ги почитуваат правата на граѓаните како потрошувачи.

*Енормното зголемување на бројот на поплаките на граѓаните укажува на се позачестено кршење на потрошувачките права.*

*Граѓаните се принудени да ги прифаќаат условите на давателите на услуги и не можат да влијаат на нивните одлуки како резултат на доминантната положба на давателите на јавните производи и услуги.*

*Давателите на услуги од јавен карактер да не ја злоупотребуваат доминантната состојба на пазарот и во своето работење пред се да се раководат од основните човекови права на граѓаните како потрошувачи.*

*Давателите на услугите од јавен карактер, особено на електричната енергија, доследно и објективно да ги применуваат прописите во нивното работење.*

## ДРУГИ ПРАВА

Во текот на 2010 година Народниот правобранител постапуваше и по претставки кои беа поднесени од страна на граѓаните, а се однесуваа на повреда на правата од други области.

Одреден број од претставките се однесуваа на повреда на правото на граѓаните да добијат одговор по поднесено барање од страна на државните органи, во кои случаи Народниот правобранител за да ги заштити покренуваше постапка укажувајќи на надлежните органи дека имаат уставна обврска да постапуваат и да одговараат на барањата.




Како и во претходните и оваа година граѓаните се обраќаа до Народниот

правобранител барајќи совет за начинот на остварување на одредено право. По таквите барања Народниот правобранител постапуваше со навремено известување со соодветен правен совет, како и упатување за начинот и постапката за заштита на нивните права.

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Уставот на локалната самоуправа, како дел од темелните вредности на уставниот поредок, и гарантира самостојност и самоуправност и и дава статус на основна демократска институција. Развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за **унапредување и почитување на идентитетот на заедниците.** Бидејќи локалната самоуправа е место каде граѓаните треба непречено да ги остваруваат правата од областите на општественото живеење кои се под нејзина ингеренција, **непрофесионалното вршење на работите** од страна на општинската администрација може да биде и е извор на **повреди или попречувања** во остварувањето и уживањето на тие права.

Народниот правобранител и оваа извештајна година посвети особено внимание на релацијата локална власт – граѓани и го следеше степенот на почитување на основните слободи и права на граѓаните од страна на локалните власти. Во таа насока, Народниот правобранител спрема локалните власти преземаше и мерки за **заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност** на заедниците, а постапуваше и по претставки за заштита на овие права и слободи.

Во 2010 година граѓаните поднесуваа претставки од сите области во надлежност на локалната самоуправа. Реагираа поради **недобивање одговор** по поднесено барање пред локалните власти во период многу подолг од законски предвидениот, како и поради неможноста за остварување лични средби со службени лица. Граѓаните укажуваа на **непримена на правото на еднаков третман**, на недоволно учество на припадниците на заедниците и на ранливите групи во процесот на донесување одлуки на локално ниво и приговараа дека **не им е обезбеден еднаков пристап** на ранливите и социјално исклучените групи на пазарот на трудот. Граѓаните реагираа и на појавата на стереотипи во образовниот процес, вршење **сегрегација на децата од ранливите групи** (особено на ромската заедница) и на неостварување на правото на образование на мајчин јазик на припадниците на заедниците. понатаму граѓаните реагираа на **повреда**



**на правото на еднаквост** при вработување во општинската администрација, како и на **повреди на правата од работен однос**, според нив, исклучиво врз политичка основа. Иако овој основ најтешко може да се докаже, сепак граѓаните сметаат дека е најзастапен во секојдневието на локалната самоуправа. Граѓаните укажуваа и на непочитување на принципот на соодветна и правична застапеност на заедниците при вработувања во општинската администрација.



Секаде каде ќе констатираше повреда на правата на граѓаните, Народниот правобранител преземаше мерки спрема органите на локалната самоуправа и општинската администрација и бараше доследно и целосно почитување на законските одредби во постапувањето и одлучувањето по барањата на граѓаните, како и целосно и доследно почитување на правото на еднаквост и недискриминација, укажувајќи на начинот за отстранување на повредите.

Позитивен исчекор во соработката помеѓу Народниот правобранител и локалната самоуправа во 2010 година се направи со тоа што секој орган на локалната самоуправа и секоја општинска администрација одговараше по барањата на Народниот правобранител и ги доставуваше бараните информации и докази. Сепак, **имаше разлики во постапувањето** по укажувањата и отстранувањето на повредите бидејќи тоа зависеше од носителите на јавните функции на локалната власт, односно во која мера носителот на јавна функција ја познава природата на човековите права и слободи и од неговата свесност за неопходноста и обврската секоја локална власт да обезбеди нивно непречено уживање. Некои градоначалници, раководители на сектори во општинската администрација, како и други носители на јавни функции во локалната власт во целост ги прифаќаа укажувањата и мерките предложени од Народниот правобранител, додека други се уште само од формален аспект одржуваат комуникација и соработка со Народниот правобранител.

Народниот правобранител по сите преземени мерки и дејствија, констатира дека во извештајната година остварувањето на правата и слободите на граѓаните во локалната самоуправа остана на **незадоволително ниво**. Со **зголемениот број на поднесени претставки** јасно се покажува дека граѓаните секојдневно стануваат се посвесни за своите права и поупорно и поодлучно бараат нивно непречено остварување и уживање. Но, од друга страна, општинската администрација не го унапредува своето професионално работење и почитување на правата на граѓаните со исто темпо. Затоа и покрај позитивниот исчекор на општинската администрација во насока на постапување по барањата и укажувањата на Народниот правобранител, сепак **незадоволството на граѓаните е зголемено.** Очекувањата на граѓаните, оправдано, се многу поголеми од она што реално им го даваат локалните власти.

Граѓаните секојдневно се соочуваат со **евидентни разлики помеѓу правата и слободите** кои им се гарантирани со Уставот, законите и меѓународните документи од една страна и правата и слободите кои реално ги уживаат во нивниот секојдневен живот, од друга страна. Локалната власт се уште не ги спроведува во целост законите и не сноси одговорност за тоа, ниту пак, се соочува со последици. Локалната власт не е доволно свесна ниту за својата должност дека треба да го имплементира правото на еднаквост во сите сфери на нејзината надлежност, вклучително и обврската да ги отстрани сите форми на дискриминација. Локалната власт се уште на граѓаните **не им обезбедува квалитетни услуги** и не секоја одлука ја носи на транспарентен начин, во интерес и за потребите на граѓаните.

Народниот правобранител и понатаму ќе презема мерки и дејствија спрема локалната власт со цел обезбедување граѓаните непречено и целосно да ги остваруваат нивните права и слободи, подеднакво во сите сфери на нејзиното дејствување. Локалната заедница треба да биде заснована врз основните постулати кои на граѓанинот му гарантираат: законитост, праведност, еднакви можности, морал, доверба, толеранција и почитување. Во оној момент кога локалната власт ќе го разбере тоа, тогаш ќе може да се каже дека ја постигнала целта и го оправдала своето постоење. Само тогаш и на тој начин општинската администрација ќе ја доближи локалната самоуправа до граѓаните, ќе биде нивен јавен сервис и граѓаните ќе имаат целосна доверба во нејзиниот капацитет да ги решава нивните проблеми и да ги остварува нивните права. На тој начин во локалната самоуправа ќе има задоволни граѓани и реализирани права и слободи за кои денес зборуваме дека се дострел и врв на демократските вредности во едно цивилизирано општество.



# 5 СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА







Да се постигне степен на почитување, остварување и заштита на човековите слободи и права кој ќе им овозможи на граѓаните правна сигурност, благосостојба и достоинствен живот е од исклучителна важност за демократскиот карактер на едно општество.

Оттука, не случајно се дефинираат меѓународни документи кои во својата суштина претставуваат насочувач за активностите на општествата во светот, кога станува збор за човековите слободи и права.

Обврзувачкиот карактер на овие документи, како и воспоставувањето механизми што ќе ја следат нивната имплементација, претставуваат еден вид гаранција дека општествата ќе се движат во посакуваниот правец.

Соодветно на тоа, негувањето вредности што придонесуваат во развивањето **хумани односи и толеранција**, претставува темел за демократско функционирање на едно плурално општество, какво што е нашето.

Омбудсман институцијата, во својата суштина е механизам кој ги следи состојбите со човековите права и во тој дел неговите согледувања не претставуваат производ само на постапувањето по индивидуалните претставки на граѓаните.

Секако, тие се првиот импулс што ја дава основата за пошироко следење на состојбите бидејќи тие се директно поврзани со индивидуалните проблеми на граѓаните или пак, претставуваат причина за нивно појавување.

Претставките индицираат на она што се наоѓа во позадина, а претставува појава која низ многу облици ги загрозува човековите права и слободи.

**Нееднаквиот третман на граѓаните** по различни основи, кој се забележува како појава, не треба и не може да се разгледува само низ призма на претставките што се доставуваат во институцијата бидејќи со тоа би се добила нецелосна слика за состојбите поврзани со нејзината генерална манифестација во општеството.

Во мултикултурно општество секогаш постои потреба за почитување, разбирање и толеранција на различностите и во никој случај не смее да се дозволат **делби и исклучувања по разни основи.**

За жал, реалноста покажува дека постојат поделености по низа основи, што на **дискриминацијата** како феномен и ја дава подлогата за нејзино провлекување низ сите сегменти во општеството.

Од друга страна, не помалку влијае и фактот дека самите граѓани, секојдневно, на некој начин и по низа основи се соочуваат со нееднаков третман или и самите покажуваат предрасуди кон различностите, а во одредени случаи не се ни свесни за тоа. За жал, токму непознавањето го скусува просторот за заштита на жртвите од дискриминацијата.

Согледувањата за видот и степенот на нејзината манифестација, покажуваат дека во услови на поделеност на општеството, вклучително и врз база на политичко убедување, оваа поделеност е најизразена.

Ова од причина што најмногу се чувствува во областите што се од особена важност за егзистенцијата на граѓаните, а тоа се правата од работен однос.

Не помалку загрижува и нејзиното протегање и во другите области каде се одлучува за правата на граѓаните и се забележува селективен пристап и **нееднаков третман во пристапот кон правдата**, што е евидентно во предмети со иста фактичка состојба, а различни одлуки со кои се признава, односно не се признава одредено право.

Селективниот пристап, како и незадоволството од одлуките, за жал, е перцепција на граѓаните која во голема мера ја пријавуваат до нашата институција, особено што таа им предизвикува чувство на правна несигурност.

И покрај тоа што институцијата нема надлежност да влијае врз донесувањето на одлуките на правосудните органи, граѓаните ги упатува за начинот и можностите за евентуална заштита на нивните права.

Ефектот од реформските зафати во **правосудниот систем** се уште не го почувствуваа граѓаните ниту од аспект на конзистентноста на самиот систем ниту пак, од аспект на неговата проодност, што директно влијае на ефикасноста во остварувањето на правдата пред правосудните органи.

Надминувањето на негативната перцепција за овој систем може да се постигне само со прецизно утврдени гаранции што ќе го уредат начинот на контрола над работата, како и со јакнење на нивниот интегритет, што оди во спрега со степенот на нивната професионалност.

Селективниот пристап се забележува како појава и при решавањето на **имотните права** на граѓаните, што во многу случаи ја доведува во прашање уставната гаранција за правото на сопственост.

Долгиот процес на денационализација и низата измени на законската регулатива, со која само се скусуваат можностите за реален и правичен надомест за поранешната сопственост, уште повеќе го зголемуваат интензитетот на чувството за правна несигурност, особено што овие процеси задираат во економскиот сегмент од животот на граѓаните.

На ова се надоврзува и се поголемото незадоволство од начинот на кој се третираат **граѓаните како потрошувачи** и квалитетот на услугите што ги добиваат како резултат на се поизразената доминанта позиција на одредени даватели на услуги, што во услови на тешка социјална положба директно влијае врз секојдневниот живот на граѓаните.

Секако, сето ова е последица и на се поизразениот **социјален ризик** на одредена категорија граѓани од една страна и недостатокот на ефективна и соодветна социјална заштита од друга страна. Ваквиот недостаток, заедно со недостатокот од систем за превенција, ја оневозможува квалитетната заштита на **правата на децата**, како најранлива категорија, што придонесува за зголемување на случаите на насилство врз нив, вклучително и случаи на с**емејно насилство и трговија со луѓе**, каде децата најчесто се жртви.

Не помалку загрижувачки се и состојбите со **животната средина** која секојдневно се загрозува како резултат на небрежност и неодговорност, а институциите на системот со својата неагилност ваквото однесување го толерираат, не земајќи предвид дека последиците одат на штета на сите граѓани и нивното здравје.

Тука доаѓаме до прашањето за свеста, која се потврдува дека е на ниско ниво не само на оние што се надлежни да ја штитат животната средина, туку и на граѓаните во целина, ако се има предвид малиот број претставки во оваа сфера.

Сето ова говори за степенот на професионалност и одговорност во извршувањето на задачите, што има директна врска со начинот на функционирање на јавната администрација во целина.

Ако се има предвид дека **јавната администрација** е сегмент со кој граѓаните секојдневно и неминовно доаѓаат во контакт, тогаш јасно е дека нејзиното функционирање треба да биде заштитено од поделености.

Следствено, вработувањето на државните службеници треба да биде ослободено од какви било влијанија по политичка основа бидејќи директно влијае на квалитетот, професионалноста и одговорноста во извршувањето на работата и секако на остварувањето на правата на граѓаните.

Јавната администрација мора со своето работење да докаже дека работи во насока граѓаните да чувствуваат дека таа постои заради нив. Само на тој начин може да се намали јазот што постои и да се подобри односот помеѓу граѓанинот и администрацијата.

Кога говориме за поделеноста во нашето општество неминовно е да се спомене поделеноста и во **јавното информирање** што само создаде простор за конфузија во јавното мислење, но и простор за тензии.

Случувањата што претставуваа попречување на **слободата на говорот и јавно изразување на мислата** со елементи на непочитување на различностите, уште повеќе ги зголеми тенденциите за проширување на јазот и продлабочување на предрасудите.

**Стигматизацијата** на одредени групи со различна ориентација со елементи на дискриминација претставуваа уште една карактеристика на мозаикот од предрасуди што беа забележителни во општеството.

Несигурноста, која се јави како последица на сите овие кршења на слободите и правата, особено јавното изложување на осомничените во одредени случаи, со повреда на **начелото на пресумпција на невиност**, ја направи поделеноста уште поголема.

Колку општеството постигна напредок во унапредувањето на состојбите со човековите права се гледа и во состојбите со остварувањето, почитувањето и заштитата на правата на лицата лишени од слобода.

Констатацијата дека домашното законодавство се уште не е усогласено со меѓународните документи, а особено со Европските затворски правила, како и постоечките услови во некои **затвори и психијатриски установи** се нехумани, дека третманот се коси со стандардите за хуманост и достоинство, претставуваат показател за недостаток на сензибилитет и човечност во пристапот кон оваа ранлива категорија.

Решението за системските проблеми не лежи во потребата за зајакнување на законодавството бидејќи само со норма не се надминуваат предрасудите кои претставуваат суштина на сите негативни појави што задираат во правата на граѓаните и негативно влијаат на состојбите со човековите права во целина.

Законодавството е само темел врз основа на кој сите што одлучуваат за правата на граѓаните треба со својот интегритет и професионалност во одлучувањето да придонесат во промената на општоприфатените негативни практики во третирањето на човековите права.

Сите институции и сите граѓани треба со своето однесување да придонесат за развивање чувство на прифатеност, разбирање и толеранција, како начин за справување со исклучувањето по различни основи, што секако значи предуслов за соживот и благосостојба.

Впрочем, суштината на сите борби за човекови права се темели на обезбедување хумано и достоинствено живеење на граѓаните, што е основна цел и функција и на институцијата Омбудсман во Република Македонија.

# 6 ФОКУС НА АКТИВНОСТИ ЗА 2011 ГОДИНА







Освен постапувањето по поединечните случаи за заштита на слободите и правата на граѓаните, институцијата Народен правобранител и во годината што доаѓа ќе продолжи да ги следи и истражува општите состојби по однос на остварувањето, почитувањето и заштитата на човековите слободи и права.

Во фокусот на Народниот правобранител особено ќе бидат согледаните негативни состојби во делот на дискриминацијата и нејзиното манифестирање во сите сегменти во системот. Освен што ќе се спроведуваат истражувања, воедно ќе се продолжи и со едукацијата на граѓаните преку театарската претстава „Исти на различен начин", но ќе се следат и состојбите со имплементацијата на начелото на правична и соодветна застапеност.

Секако не помалку активности ќе се спроведуваат и за следење на состојбите со остварувањето на правата на лицата лишени од слобода, но со зајакнат капацитет, со оглед дека Одделението за превенција на тортура ќе започне со своето функционирање на почетокот на годината.

Заради унапредување на професионалните капацитети на тимот што ќе работи во Одделението за превенција на тортура, како и на вработените во Одделението за заштита од дискриминација и следење на принципот на содветна и правична застапеност и Одделението за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби, ќе бидат спроведени обуки и студиски посети во други омбудсман институции.

Средствата за овие активности ќе бидат покриени од Шведската агенција за меѓународен развој и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и со Твининг проектот со средства од ИПА фондовите, во чии рамки ќе се спроведат заеднички активности со Канцеларијата на Националниот омбудсман на Кралството Шпанија и Медијаторот на Република Франција.

Како резултат на долгогодишната билатерална соработка со Омбудсманот на Каталонија, ќе се спроведе проект за зајакнување на промотивната активност на Одделението за заштита на правата на децата со проширување на делот од вебстраната на институцијата кој се однесува на правата на децата со посебен фокус на ова одделение.

Нема да се занемарат и другите области во кои се констатирани појави што го оневозможуваат реалното остварување на правата на граѓаните во областите на: правосудството, урбанизмот, градбата, животната средина, имотно-правните односи и катастарот, како и слабостите во системот на: социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување, здравственото осигурување и заштита, образованието и потрошувачките права.

И во 2011 година ќе се организираат средби на локално ниво заради зајакнување на дијалогот помеѓу локалните власти и Народниот правобранител, а ќе се организира и регионална конференција на омбудсмани што ќе ги опфати новите трендови во постапувањето на омбудсманите во областите недискриминација и превенција на тортура.

Како резултат на активното учество на Одделението за заштита на правата на децата во мрежата на омбудсмани за деца, со поддршка на норвешката невладина организација „Спасете ги децата" (Save the children) ќе се организира годишна средба на членките на мрежата на која домаќин ќе биде Народниот правобранител.

Нема да изостане ниту меѓународната соработка со омбудсман институциите од Европа и со други институции и организации за човекови права.

# 7 ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА







## Организација и начин на работа

Организацијата на работата на Народниот правобранител е утврдена согласно Законот за народниот правобранител и другите подзаконски акти на институцијата.

Како резултат на измените на Законот за народниот правобранител и потребата за формирање три нови одделенија: Одделение за превенција на тортура, Одделение за недискриминација и следење на принципот на правична и соодветна застапеност и Одделение за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби, беше изменет и Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација на институцијата.

## Кадровска екипираност

Во текот на 2010 не беа вработени нови извршители ниту во седиштето на Народниот правобранител Скопје ниту во подрачните канцеларии. Еден извршител го прекина работниот однос.

Според квалификациската структура на вработените 47 се со високо образование, а 20 со средна стручна подготовка. Од нив 40 се жени, а 27 мажи.

Во Народниот правобранител се вработени: 34 Македонци, 25 Албанци, по двајца Срби, Роми и Власи, еден припадник на турската заедница и еден Бошњак.

## Средства за работа

Средствата за работа на Народниот правобранител се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Во 2010 година предвидените активности на Народниот правобранител, согласно позитивните прописи, беа реализирани со 61.895000,00 денари или во проценти 95,7% од планираните средства.

Недостатокот од средства за извршување други активности, од аспект на промоција на Институцијата, беше покриен со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) и Организацијата за безбедност и соработка - Мисија во Скопје (ОБСЕ).

Уште еднаш може да се констатира дека начинот на финасирање на институцијата не е адекватен на нејзините надлежности и позиција во уставно-правниот систем на Република Македонија.

Поради тоа, Народниот правобранител и понатаму ќе укажува на потребата за разрешување на ова прашање со востановување нов, современ, транспарентен и независен систем на финансирање иманентен на сите омбудсман институции во светот.

Ова особено што на народниот правобранител не му е дадена можност да учествува при подготвување на Буџетот, а во Законот е утврдено дека на седница на Парламентот тој треба да ги образложи бараните средства. Ова претставува само формална обврска која суштински нема важност.

Потребно е да се истакне дека и во извештајната година не беше предвиден посебен буџет за Националниот превентивен механизам, што претставува обврска на државата согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата за превенција на тортура и друг вид на сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување.




* Четворица заменици во канцеларијата во Скопје и по еден заменик во подрачните канцеларии во: Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип

# 8 ОД ПРАКТИКАТА







## НП бр.793/10

До Народниот правобранител се обрати граѓанин кој укажа дека не му се обезбедени еднакви услови за работа како на сите други вработени во органот каде што е вработен поради што сметаше дека е дискриминиран.

Во постапката што ја спроведе, Народниот правобранител констатира дека наводите на граѓанинот се основани поради што од работодавецот побара постапување во согласност со прописите од областа на работните односи, создавање услови за работа со сите потребни средства и работен материјал, како и соодветна просторија за извршување на зададените работни задачи.

Интервенцијата на Народниот правобранител беше прифатена и на граѓанинот му беа обезбедени соодветни услови и средства за работа, како и просторија за извршување на работните задачи.

## НП бр.2835/10

До Народниот правобранител се обрати граѓанин кој побара интервенција пред Одделението за вршење увиди на сообраќајни незгоди бидејќи и по истек на една година се уште не бил изготвен записник за увид – документ кој на подносителот му беше потребен за остварување права во други постапки.

По интервенција на Народниот правобранител документот беше изготвен и доставен до граѓанинот со што беше остварено неговото право.

## НП бр.580/10

Граѓанин од Скопје достави претставка во која наведе дека при поднесување барање за издавање пасош со биометриски податоци, органот за внатрешни работи му го задржал стариот пасош со што му било ограничено правото на движење надвор од државата и исполнување на работните обврски во странство.

Како резултат на интервенцијата на Народниот правобранител, на граѓанинот по неколку дена му беше изготвен и издаден нов, а вратен стариот пасош.

## НП бр.777/10

Семејство со постојано живеалиште во Германија од Народниот правобранител побара интервенција за забрзување на постапката за прием во државјанството на Република Македонија. Во текот на постапката беше интервенирано пред сите органи што учествуваат во постапката за прием во државјанството на Република Македонија, при што доставените докази за завршено образование на македонски јазик беа проследени до Комисијата за владеење на македонскиот јазик од каде понатаму беше доставено позитивно мислење до органот надлежен за државјанство.

Понатаму Народниот правобранител до органот надлежен за давање мислење за исполнување на условот за незагрозување на безбедноста на Републиката достави сугестија за доставување на мислењето во најкраток можен рок.

На крајот од постапката, Народниот правобранител до органот за државјанство ја достави адресата на постојан престој за доставување на решенијата за прием во државјанство на подносителите, преку Конзулатот на Република Македонија во Бон.

## НП бр.1474/10

До Народниот правобранител беше поднесена претставка за одолжување постапка за прием во државјанство што преставувало пречка за добивање детски додаток. Имајќи го предвид временскиот период на постапување по поднесеното барање, Народниот правобранител се обрати до Секторот за управно-надзорни работи од каде беше информиран дека постапката е во тек.

По повторна интервенција подносителот на претставката беше примен во државјанството на Република Македонија, а со тоа ги оствари и другите права.

## НП бр.3036/10

Од Народниот правобранител беше побарано да интервенира во постапка за издавање, односно замена на возачка дозвола во која се постапувало на начин што новата возачката дозвола била издадена со рок на важење како што бил рокот во старата возачка дозвола,

односно новата дозвола имала рок на важење помал од 10 години.

Во постапката која ја спроведе, Народниот правобранител констатира дека наводите во претставката се основани и вистинити поради што до надлежниот орган достави укажување во иднина при замена на старите возачки дозволи со биометриски возачки дозволи рокот на важење да биде 10 години. Укажувањето беше прифатено.

## НП бр.1909/10

Граѓанка од Скопје побара интервенција во постапка за извршување бидејќи при спроведувањето на извршувањето била оставена без минимум средства за егзистенција со оглед дека со налогот за извршување доставен до банката било наложено долгот да се изврши од сите расположливи средства на нејзината трансакциска сметка.

Народниот правобранител во текот на постапката утврди дека единствен прилив на средства на сметката се уплати по основ на лична пензија, поради што на извршителот му укажа дека е должен налогот за забрана да го ограничи на износ од најмногу една третина од висината на месечните примања на должникот, што е во согласност со закон.

Укажувањето беше прифатено, претходниот налог повлечен и беше изготвен нов со кој забраната не засегаше во 1/3 од месечните приливи на трансакциската сметка по основ на лична пензија.

## НП бр.1064/10

Б. П. од Скопје побара интервенција поради тоа што извршител од Скопје при спроведување извршување како должник ја оставил без минимум егзистенција кога издал Налог за извршување со кој и наложил на банката долгуваниот износ да се изврши од сите расположливи средства на нејзината трансакциска сметка.

Народниот правобранител го информира извршителот дека средствата кои се исплатиле од сметката на должникот биле исклучиво приходи по основ на инвалидска пензија поради што со препорака му укажа дека во натамошната постапка е обврзан да внимава на заштитата на интересите на должникот и во таа смисла согласно член 104 од Законот за извршување, инвалидската пензија не смее да биде предмет на извршувањето.

Прифаќајќи ја дадената препорака, извршителот го извести Народниот правобранител дека го повлекол претходно издадениот налог до банката, ја деблокирал сметката и дека во иднина извршувањето нема да се спроведува врз инвалидската пензија што подносителката месечно ја остварува.

## НП бр.2545/10

Во врска со добиени сознанија за тортура над осуденик од страна на припадници на обезбедувањето на Казнено-поправниот дом Идризово, Народниот правобранител по сопствена иницијатива спроведе постапка и врз основа на извршениот увид во установата, прибраните информации и извршеното интервју со службените лица, констатира дека постои основано сомнение дека делото било сторено. Народниот правобранител до Основното јавно обвинителство достави барање за покренување постапка заради утврдување казнена одговорност на службените лица.

## НП бр.2872/10

Од Народниот правобранител граѓанка побара интервенција за забрзување постапка за екстрадиција на нејзиниот сопруг од казнено-поправна установа во Република Србија.

Постапувајќи по барањето Народниот правобранител се обрати до Министерството за правда со барање за забрзување на постапката за екстрадиција, а воедно се обрати и до Омбудсманот на Република Србија со замолница за ажурирање на постапувањето пред надлежниот орган на Република Србија. Барањето беше прифатено, а притвореното лице екстрадирано во Република Македонија.

## НП бр.716/10

Група граѓани поднесоа претставка во која изразија незадоволство од содржина на решение на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Прилеп, со кое барање за денационализација им било одбиено како неосновано.

Во постапката што ја спроведе Народниот правобранител констатира дека во текот на првостепената постапка од страна на Комисијата воопшто не бил изведен доказ дали за недвижниот имот - предмет на денационализацијата, бил утврден и платен надомест или не.

Иако во образложението на донесеното решение е наведено дека налозите на тогашната Југословенска народна банка по однос на исплата на утврдениот надомест биле извршени, Народниот правобранител утврди дека тие се однесуваат на имот одземен со друго решение за експропријација, а не за имотот што е предмет на конкретното барање за денационализација.

Со оглед на таквата состојба, Народниот правобранител до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на денационализацијата даде препорака жалбата да се уважи, првостепеното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување. Препораката е прифатена.

## НП бр.1350/10

Граѓанин во претставката укажа дека иако ја платил договорената цена и соодветниот данок на промет, не можел да изврши солемнизација на договор за отуѓување градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба за оформување градежна парцела предвидена со урбанистички план, на која тој е сопственик на повеќе од 30%.

Во текот на постапката по поднесената претставка, Народниот правобранител констатира дека причина за одолжување на постапката е барањето на Државното правобранителство на Република Македонија поднесено до продавачот - Министерството за транспорт и врски - Скопје да се расчистат некои фати, односно пред се со сигурност да се утврди дали за парцелите предмет на конкретниот договор се води постапка за денационализација или не. Конкретно, известувањата од Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за Општина Карпош не биле јасни, односно не можело со сигурност да се утврди дека не е покрената постапка за денационализација за предметната парцела.

Во таа насока, а со цел граѓанинот да го оствари неговото право, Народниот правобранител на Министерството за транспорт и врски му укажа што е можно поитно да ја изврши неопходната координација со сите инволвирани органи и да создаде услови предметниот договор да се солемнизира пред надлежниот нотар.

Исто така, беше укажано на потребата да се има предвид Автентичното толкување на членот 64 од Законот за денационализација од чијашто содржина, меѓу другото, произлегува дека за периодот по 7-ми мај 2003 година, без оглед кога барањето за денационализација е поднесено, располагање со имотот предмет на денационализација е дозволено и правните дела и едностраните изјави на волја не се ништовни.

По укажувањето веднаш е постапено и договорот е солемнизиран.

## НП бр.1577/10

Граѓанин од Неготино, поднесе претставка во која од Народниот правобранител побара интервенција затоа што Општина Неготино неоправдано ја одложувала постапката во контекст на негово барање за враќање погрешно уплатени парични средства на име данок на промет на недвижности.

Со оглед на неспорниот факт дека подносителот на претставката со соодветно решение донесено уште во текот на 2009 година бил ослободен од плаќање данок на промет на недвижности, кој претходно го платил, Народниот правобранител од градоначалникот на Општината Неготино побара да ги преземе потребите дејства и уплатените предметни парични средства да му се вратат на подносителот.

Интервенцијата на Народниот правобранител е испочитувана.

## НП бр.2911/10

Граѓанин од Скопје, побара интервенција пред Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на денационализацијата во Владата на Република Македонија.

Имено, против решение од 02.06.2004 година на министерот за финансии, донесено преку Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Куманово, со кое му било одбиено барањето за денационализација на недвижност во КО Крива Паланка, подносителот на претставката уште на 30.07.2004 година поднел жалба (со препорачана пратка по пошта). Но и по изминувањето на повеќе од шест години, по жалбата се уште не било постапено, иако во меѓувреме граѓанинот доставувал дополнителни барања - ургенции.

Со оглед на времетраењето на постапката, а ценејќи дека ваква состојба во никој случај не смее да биде дозволена бидејќи е надвор од сите правни стандарди што значат доследно обезбедување почитување на правата на странките во управната постапка, Народниот правобранител на Комисијата и укажа веднаш да преземе дејства за разгледување на конкретниот предмет и да донесе соодветна одлука.

Иако законскиот рок за постапување во контекст на содржината на предметното укажување одамна е изминат, Комисијата се уште го нема известено Народниот правобранител за преземените мерки за негово спроведување.

## НП бр.78/10

До Народниот правобранител беше доставена претставка во која се бараше заштита на правата во постапка пред овластениот градежен инспектор при Општина Центар. Постапувајќи по претставката, со цел за заштита на правата на подносителот Народниот правобранител се обрати до Градоначалникот, односно до овлас-тениот градежен инспектор при Општина Центар со барање да се изврши инспекциски надзор на самото место.

Од добиениот одговор Народниот правобранител констатира дека надлежниот инспекциски орган постапил по доставеното барање, односно извршил инспекциски надзор на самото место и издал управни акти за отстранување на бесправната градба.

## НП бр.3629/10

Граѓанин од Штип укажа на повреда на неговото право од страна на Јавното претпријатие за урбанизам и Одделението за урбанизам при локалната самоуправа бидејќи со новиот урбанистички план за урбанистичката парцела 171 е предвиден пристап преку урбанистичката парцела 172 (сопственост на подносителот на претставката) иако од северната страна на изводот на урбанистичкиот план за парцела 171 се гледа дека за таа парцела постои директен излез на другата улица.

Постапувајќи по укажувањето на Народниот правобранител, Јавното претпријатие информира дека е изготвен предлог - урбанистички план кој е доставен до Одделението за урбанизам со што е избришан пристапот преку урбанистичката парцела 172 на подносителот на претставката.

## НП бр.2748/10

Граѓанин од Македонски Брод укажа на нарушување на мирот предизвикано од бучава на машини и алати при работење на занаетчиска работилница лоцирана во близина на неговиот станбен објект.

По интервенција на Народниот правобранител извршен е инспекциски надзор врз посочениот локалитет и донесено е решение со кое сопственикот на работилницата е задолжен да постапи по задолженијата, а доколку не постапи по укажувањата Државниот инспекторат ќе превземе натамошни дејствија согласно законските овластувања.

## НП бр.150/10

Граѓанка од Скопје побара интервенција за заштита на правата од работен однос поради одземени средства од плата без законски основ и без донесено решение за одземање од плата.

По спроведена постапка утврдено е дека без да постои основ и без донесен акт - решение од страна на работодавачот на подносителката и се одземени средства од плата, по што е доставено укажување до Министерството за животна средина и просторно планирање, кое укажувањето го прифати и на подносителката со исплатата на наредната плата и се вратени незаконски одземените средства.

## НП бр.212/10

Граѓанин од Скопје побара заштита на правата од работен однос за исплата на неискористен дел од годишен одмор.

Народниот правобранител му укажа на директорот на Фондот за здравственото осигурување на законските одредби кои го регулираат ова право и побара на подносителот да му се исплатат средства за неискористен дел од годишен одмор. Укажувањето на Народниот правобранител е прифатено и на подносителот му е донесено решение за утврдување на ова право.

## НП бр.2999/10

Граѓанин од Скопје беше избришан од евиденција на невработени лица поради пад на компјутерскиот систем на Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување Скопје и покрај тоа што уредно се пријавил и ја извршил неговата законска обврска спрема органот.

За подносителот повторно да биде евидентиран како невработен и за да може непречено да ја остварува здравствената заштита, по укажување на Народниот правобранител најпрво беше донесено решение од страна на Министерството за труд и социјална политика за уважување на жалбата на подносителот, а потоа по укажување на Народниот правобранител, Центарот за вработување - Скопје на подносителот му донесе решение со кое повторно го евидентира во регистарот на невработени.

## НП бр.1676/10

Граѓанин побара интервенција пред Министерството за труд и социјална политика затоа што не беше постапено по негова жалба против решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа со кое му престанува правото на социјална парична помош. На подносителот му беше укината социјалната

парична помош заради тоа што при еднаш направен увид не бил најден дома, иако редовно се пријавувал во Центарот од 1-ви до 15-ти во месецот.

Народниот правобранител побара Министерството за труд и социјална политика при одлучувањето по жалбата да ја утврди фактичката состојба врз основа на релевантни докази и да се имаат предвид жалбените наводи, особено наводите според кои странката редовно се пријавува во Центарот и дека живее на посочената адреса т.е. дека неопходно и неспорно треба да се потврди фактот дали лицето навистина живее или не на посочената адреса, од што зависи и остварувањето на правото на социјална парична помош.

Министерството ја уважи жалбата, а решението на Центарот го поништи и подносителот го оствари правото.

## НП бр.2578/10

За сексуално злоставување три малолетни деца од нивниот татко, кој воедно вршел и семејно насилство врз мајката на децата, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива и им препорача на надлежните органи децата да бидат соодветно згрижени и заштитени од какви било натамошни злоупотреби и влијанија од родителите, да се преземат мерки за психо-социјална поддршка, третман и рехабилитација на децата за надминување на траумите и да се покрене постапка за одземање на родителското право.

Надлежните органи ги презедоа неопходните мерки за заштита и третман на децата за надминување на траумите; за семејното насилство е покрената постапка против таткото и изречени се заштитни мерки, а по службена должност е покрена постапка за одземање на родителското право и од Основниот суд е донесено решение со кое се одзема родителското право на таткото.

## НП бр.1359/10

На Д. Е. од Скопје Центарот за социјална работа по службена должност и го укинал правото на постојана парична помош и ја задолжил странката да ги врати примените парични средства во вкупен износ од 217.115,00 денари затоа што оценил дека семејството не е изложено на социјален ризик од причина што во времето кога странката го користела правото, нејзиниот брачен другар бил странка на купопродажен договор, иако станувало збор за продажба на заеднички стан и купување два помали стана за живеење.

Народниот правобранител укажа дека согласно одредбите од Законот за социјална заштита, самиот факт што некој поседува или се стекнал со стан, ако од него не остварува приходи не може да биде пречка за остварување на правото на постојана парична помош. Ова и затоа што според соодветниот правилник е предвидено дека како имот и имотни права од кој корисникот може да се издржува, покрај другото, се смета друга семејна куќа или стан, куќа во градба или куќа за одмор и рекреација.

По укажувањето на Народниот правобранител, Министерството за труд и социјална политика ја уважи жалбата и го поништи решението на Центарот.

## НП бр.69/10

Б. М. од Кичево се пожали дека иако во август 2005 година поднел барање за остварување право на старосна пензија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се уште не одлучил по поднесеното барање. По интервенциите и укажувањето на Народниот правобранител дека со одолжувањето на постапката се повредени правата на подносителот, за стажот остварен во Република Македонија Фондот донесе решение со кое на подносителот му призна право на сразмерен дел на старосна пензија во определен месечен износ, сметано од август 2005 година.

Бидејќи подносителот имаше остварен пензиски стаж и во Република Србија, Народниот правобранител побара Фондот да преземе мерки за забрзување на постапката пред надлежните органи на Србија, а истовремено побара помош и од омбудсман институцијата на Србија, по што граѓанинот го оствари и правото на сразмерен дел на пензија од Република Србија.

## НП бр.3752/10

Граѓанин од Тетово достави претставка во која наведе дека неправилно му бил утврден процентот на инвалидитет од надлежниот орган при Републичката управа за прашања на борците и воените инвалиди.

Народниот правобранител интервенираше до надлежниот орган со барање да се утврди фактичката состојба и да се испитаат условите за зголемување на процентот на инвалидитет кај подносителот. Народниот правобранител подоцна е известен дека на граѓанинот му е утврден повисок процент на инвалидитет.

## НП бр.885/10

До Народниот правобранител беше доставена претставка во која се наведуваше дека се повредени правата од Фондот за здравствено осигурување затоа што подолг период не бил исплатен дополнително утврдениот паричен надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Народниот правобранител оцени дека Фондот сторил повреда на правата со неоправдано пролонгирање на постапката и неисплаќање на надоместокот поради што во повеќе наврати интервенираше да се преземат мерки за исплата на надоместокот. По интервенциите на подносителката и беше исплатен паричниот надоместок.

## НП бр.780/10

До Народниот правобранител се обрати граѓанин кој побара интервенција затоа што Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Прилеп не постапувал по неговото барање за уредување на личните односи и непосредни контакти со внукот од неговиот починат син.

Народниот правобранител побара Центарот за социјална работа да го разгледа барањето и да донесе решение за одржување непосредни контакти на детето со неговите баба и дедо, раководејќи се од најдобриот интерес на детето. Меѓуопштинскиот центар за социјална работа постапи по укажувањето на Народниот правобранител и донесе решение со кое на дедото и бабата им овозможи непосредни контакти со внукот од починатиот син.

## НП бр.1716/10

А. Г. од Тетово бил попречуван за бранење на магистерскиот труд само заради тоа што Универзитетот имал неизмирени финансиски обврски кон неговиот ментор. Народниот правобранител му укажа на Универзитетот дека доколку не се работи за пропусти од страна на студентот, проблемот треба да се надмине и на студентот да му се овозможи одбрана на магистерскиот труд за да не се попречува во остварувањето на правата што произлегуваат од Законот за високото образование и други права.

Интервенциите на Народниот правобранител се прифатени и наместо дотогашниот ментор, кој одбивал да учествува во одбраната на магистерскиот труд, бил предложен нов ментор кој го одобри магистерскиот труд и беше формирана комисија за одбрана на магистерскиот труд.

## НП бр.1894/10

П. Д. од Скопје побара заштита на правата пред „ЕВН Македонија" АД - Скопје, затоа што неосновано бил задолжен со долг за наводно неовластено користење електрична енергија.

Постапувајќи по барањето на Народниот правобранител „ЕВН Македонија" АД – Скопје го потврди наводот дека за подносителот се изготвени две пресметки за неовластено користење електрична енергија, но по интервенција на Народниот правобранител случајот повторно е разгледан и по утврдената фактичка состојба едната пресметка во износ од 195.794,00 денари за наводното неовластено користење електрична енергија е сторнирана.

## НП бр.2913/10

Ѓ. А. од Скопје се пожали дека ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, во сметката за месец 06/2010 година го задолжило да плати поголем износ кој не одговарал на фактичката потрошувачка на вода во семејството, а како причина беше наведена неисправноста на водомерот кој покажувал поголема од реалната потрошувачка на вода. Исто така, барањето за проверка на исправноста на водомерот не било прифатено од Јавното претпријатие бидејќи се барало прво да се плати спорната сметка, па потоа да се смени водомерот.

Народниот правобранител од ЈП „Водовод и канализација" - Скопје побара да се преземат мерки и дејствија за надминување на проблемот по што Јавното претпријатие информира дека во спорната сметка (изготвена согласно прочитаната состојба на водомерот) се појавила разлика во потрошената вода. Поради тоа извршено е комисиско испитување на исправноста на водомерот, при што е констатирано дека предметниот водомер не е исправен, односно дека мерел повеќе од дозволените граници за 16%. Имајќи ја предвид вака утврдената состојба сите сметки до моментот на испитување на водомерот се коригираа за 16% согласно извршеното испитување, а Јавното претпријатие на своја сметка веднаш изврши замена на неисправниот водомер.

**Република Македонија**
**Народен правобранител**

ул:„Димитрие Чуповски" бр.2, 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 2 3129335, ФАКС: +389 2 3129359
e-mail: contact@ombudsman.mk
www.ombudsman.mk